# Разбирање на кривичните дела од омраза против муслимани

## Справување со безбедносните потреби на муслиманските заедници



*Практичен водич*

OSCE
ODIHR

# Разбирање на кривичните дела од омраза против муслимани

## Справување со безбедносните потреби на муслиманските заедници

*Практичен водич*

Office for Democratic Institutions and Human Rights
OSCE ODIHR

Објавено од Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции
и човекови права (ОДИХР)
ул. Миодова 10
00-251 Варшава
Полска

www.osce.org/odihr

© OSCE/ODIHR 2023

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно
да се користи и умножува за едукативни и други некомерцијални цели,
под услов при секое умножување да се наведе ОБСЕ/ОДИХР како извор.

ISBN 978-92-9271-098-9

Дизајн на: Homework

# Содржина

**Предговор** v

**Извршно резиме** vii

**Вовед** 1

**Прв дел:**
**Разбирање на предизвикот** 7

I. Кривични дела од омраза против муслимани во регионот на ОБСЕ: контекст 8

II. Кривични дела од омраза против муслиманите во регионот на ОБСЕ: клучни карактеристики 13

1. Индикатори за пристрасност 13
2. Видови на кривични дела од омраза против муслимани 18

III. Кривични дела против муслимани во регионот на ОБСЕ: влијанија 24

**Втор дел:**
**Меѓународни стандарди за нетолеранција кон муслиманите** 33

I. Заложби и други меѓународни обврски 34

II. Клучни принципи 42

1. Засновани на правата 42
2. Фокусирани на жртвата 44
3. Недискриминаторски 47
4. Партиципативни 47
5. Споделени 48
6. Колаборативни 49
7. Емпатични 49
8. Родово сензитивни 50
9. Транспарентни 50
10. Холистички 52

**ТРЕТ ДЕЛ:**
**Одговор на кривичните дела од омраза против муслимани и на безбедносните предизвици на муслиманските заедници** 53

ПРАКТИЧНИ ЧЕКОРИ 54

1. Признавање на проблемот 54
2. Подигнување на свеста 58
3. Препознавање и евидентирање на пристрасната мотивираност против муслимани во кривичните дела од омраза 60
4. Обезбедување докази за безбедносните потреби на муслиманските заедници преку заедничка работа со заедниците за собирањето податоци за кривични дела од омраза 67
5. Градење доверба помеѓу властите и муслиманските заедници 69
6. Проценка на безбедносните ризици и спречување напади 72
7. Обезбедување заштита на муслиманските заедници и исламските локации, вклучително и за време на специјални настани 78
8. Работа со муслиманските заедници за да се воспостават системи за управување со кризи 79
9. Уверување на заедницата во случај на напад 81
10. Обезбедување поддршка на жртвите на напади врз муслимани 83

**Анекси** 85

Анекс 1: Студии на случај 86

Анекс 2: Предлози за активности на клучните засегнати страни 88

Анекс 3: Исламот и муслиманите: Што треба да знаат полициските службеници 94

Анекс 4: Дефинирање на терминологијата 101

# Предговор

Кривичните дела мотивирани од пристрасност, познати и како кривични дела од омраза, се кривични дела со порака: преку нив се испраќа порака до заедницата и нејзините припадници дека тие се ниту пожелни, ниту добредојдени, и дека заканите и насилството никогаш нема да бидат далеку од нив.

Кривичните дела од омраза против муслиманите се секојдневие во многу земји во регионот на ОБСЕ. Таквите напади и дискриминација ги спречуваат муслиманите да можат слободно да го изразат својот идентитет и доведуваат да преовладува чувство на страв и несигурност меѓу муслиманските заедници. Тие се насочени кон поединци муслимани и нивниот имот, или едноставно кон луѓе за кои се мисли дека се муслимани. Кривичните дела од омраза вклучуваат напади врз муслимани, џамии, исламски центри и образовни установи низ регионот на ОБСЕ, како и на локации од историско и верско значење.

Поддршката за земјите-учеснички во нивните заложби за спротивставување на нетолеранцијата кон муслиманите е клучен елемент од нашиот мандат во Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР). Во овој водич, ОДИХР нуди препораки за да им помогне на земјите-учеснички да ги преточат преземените обврски во пракса. Би сакале да им се заблагодариме на припадниците на заедницата, службениците, експертите, консултантите и активистите кои работеа со нас, не само за нивната соработка, туку и за нивниот активен ангажман.

Ги охрабруваме земјите-учеснички да го користат овој практичен водич како почетна основа за отворена и обмислена проценка на проблемите со нетолеранцијата кон муслиманите и да разгледаат политики и мерки за нејзино надминување. Со оваа публикација е утврдена потребата да се одговори на специфичните предизвици коишто произлегуваат од нетолеранцијата кон муслиманите, преку пристап цврсто втемелен во меѓународната рамка за човекови права и заложбите на ОБСЕ.

Заедно со нашиот претходно објавен Водич *Разбирање на антисемитските кривични дела од омраза и справување со безбедносните потреби на еврејските заедници*, се надеваме дека оваа публикација ќе биде користена и прилагодена за да се одговори на безбедносните потреби и искуствата и на другите заедници кои се мета на кривични дела од омраза.

Невозможно е да се споменат сите кои придонесоа за изработката на овој водич. Би сакале да им се заблагодариме на сите кои на кој било начин придонесоа за подготовката на водичот и ни помогнаа да го доведеме во финалната форма. Тука спаѓаат државни службеници, претставници на полицијата, лидери на заедниците, бранители и активисти за човекови права и многу други, од кои многумина, исто така, самите биле жртви на кривични дела од омраза.

Предрасудите и омразата што можат да доведат до кривични дела од омраза ретко се насочени само кон една група, и затоа е особено важно да се работи на поголема толеранција во целина. Безбедноста е можна само во општества што се темелат на взаемно почитување и еднаквост.

*Ингибјорг Солрун Гисладотир*
Директор на ОДИХР

# Извршно резиме

## Кои се предизвиците што претстојат?

Мета на насилство, омраза и дискриминација против муслиманите се муслиманските жени, мажи, момчиња и девојчиња, како и заедниците, или едноставно луѓе за кои се мисли дека се муслимани или се поврзуваат со муслиманите и ислам низ регионот на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Исто така, мета на насилство и вандализам се и муслимански и исламски институции, вклучувајќи и џамии, места за молитва (месџиди), училишта и гробишта.

Кривичните дела од омраза, инцидентите и заканите мотивирани од нетолеранција кон муслиманите на разни начини вршат силно влијание не само врз жртвите на конкретните напади, туку и на секојдневниот живот на муслиманите и на нивните заедници. Физичка, емоционална и психолошка последица од тоа може да биде:

- Страв да се присуствува на богослужби, да се влезе во џамија или да се носи карактеристична верска или традиционална облека или симболи, што негативно влијае на правото на поединците и заедниците да ја манифестираат нивната религија или верувања;

- Чувство дека треба да се воздржат од јавно идентификување како муслимани, од изразување на нивниот културен и верски идентитет или од присуство на религиозни, културни или други настани, што може да ги исклучи од јавниот живот. На пример, поединци нема да се пријават за јавна функција од страв дека ќе станат мета поради името или други карактеристики кои би можеле да се поврзат со муслиманите; и

- Чувство дека е неопходна самоцензура на училиште, на работното место, во социјалните средини или на социјалните медиуми, што може да предизвика муслиманите да се воздржуваат да изразат емпатија или поддршка за земјите каде муслиманите се мнозинска заедница со цел да избегнат да бидат стигматизирани; дури и малите деца може да растат со чувство на страв и свесност за нивната ранливост.

Нетолеранцијата кон муслиманите ги зголеми стравувањата кај муслиманските заедници во регионот на ОБСЕ.[1] Муслиманските институции, како што се џамии и центри во заедницата е сè поверојатно да бидат под обезбедување поради зголеменото чувство на страв и перцепцијата дека ќе бидат мета на групи против муслимани, или групи на крајната десница, агресивни националистички групи и други.

1 Види веб-страница на ОДИХР за пријавување кривични дела од омраза, „Пристрасност кон муслимани", <http://hatecrime.osce.org/what-hate-crime/bias-against-muslims>; и „Европски извештај за исламофобијата за 2016", Енес Бајракли и Фарид Хафез за СЕТА Фондација за политички, економски и социјални истражувања, 2017, <http://www.islamophobiaeurope.com/wp-content/uploads/2017/05/EIR_2016.pdf>.

Сепак, потребата да се усвојат безбедносни мерки претставува финансиски товар за муслиманските институции и средствата наменети за верски, културни и образовни активности се пренасочуваат за таа цел.

Како резултат на тоа, насилството и заканите за насилство врз муслимани ја загрозуваат физичката безбедност на муслиманските заедници, всадуваат чувство на страв и несигурност во овие заедници, и во исто време ги оневозможуваат да вршат активности за унапредување на верскиот и културниот живот во заедницата.

## Зошто тоа треба да ги загрижи земјите-учеснички?

Земјите-учеснички на ОБСЕ се имаат обврзано да препознаваат, евидентираат и пријавуваат кривични дела од омраза, мотивирани од пристрасност кон муслиманите, и да ги поддржуваат напорите на институциите на ОБСЕ за ефективен и сеопфатен одговор на кривичните дела од омраза.

Според меѓународното право за човекови права, државите имаат обврска законски да забранат какво било застапување за верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство.[2] Одлуката на Министерскиот совет од Киев за слобода на мислата, совеста, религијата или верувањето, ги повика владите на ОБСЕ „да преземат ефективни мерки за спречување и елиминирање на дискриминацијата на поединци и религиозни или верски заедници на основ на религија или верување, вклучително и на неверниците, од страна на државните службеници во извршувањето на јавните должности" како и „да усвојат политики за промовирање почит и заштита на местата за богослужба и верските места, верските споменици, гробишта и светилишта од вандализам и уништување."[3] Во неколку одлуки на Министерскиот совет постојано се потврдува дека кривичните дела од омраза се закана за безбедноста на поединците и за социјалната кохезија, како и нивниот потенцијал да доведат до конфликт и насилство од поширок размер.[4]

## Што можат да направат владите?

Владите можат да преземаат низа на мерки за справување со проблемот на нетолеранција кон муслиманите. Владите можат:

2 Генерално собрание на Обединети нации, Резолуција 2200A (XXI), „Меѓународен пакт за граѓански и политички права", 16 декември 1966, стапи во сила на 23 март 1976, член 20.2, <http://www.ohchr.org/en/profession-alinterest/pages/ccpr.aspx>.

3 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 3/13, „Слобода на мисла, совест, религија или верување", 6 декември 2013, Киев, <https://www.osce.org/mc/109339?download=true>.

4 Види, на пример: Одлуки на Министерскиот совет од Порто 2002 "6/02 за толеранција и недискриминација"; Софија 2004 „12/04 за толеранција и недискриминација"; Љубљана 2005 „10/05 за толеранција и недискриминација: унапредување на заемното почитување и разбирање"; Брисел 2006 "13/06 за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата и унапредување на заемното почитување и разбирање"; Мадрид 2007 "10/07 за толеранција и недискриминација: унапредување на заемното почитување и разбирање".

- **Да прифатат** дека нетолеранцијата кон муслиманите и предрасудите се закана по безбедноста и стабилноста и дека владите треба тоа да го решаваат по институционален и систематски пат; исто така, да се прифати дека тоа е актуелна закана за социјалната кохезија во заедниците и пречка за поширока инклузија во општеството;

- **Да ги проценат ризиците и да ги спречат нападите** со зајакнување на соработката помеѓу полициските служби и муслиманските заедници преку формална комуникација, транспарентност и заедничко планирање и дејствување, вклучително и одржување редовни состаноци со џамиите и исламските институции. На тој начин ќе се обезбеди полицијата да се ангажира на повеќе нивоа и да стави приоритет на безбедноста на заедниците;

- **Да ја подигнуваат свеста** за појавата на омраза против муслиманите и негативните и систематските влијанија, спротивставувајќи се преку мерки за градење капацитети на политичките лидери, државните службеници, органите на кривичната правда, телата за еднаквост, полицијата, граѓанското општество и пошироката јавност за да се подобри социјалната кохезија на долг рок и да се зајакнат вредностите засновани на заштита на човековите права за сите;

- **Да ја градат довербата** по пат на развивање и институционализација на работни партнерства со муслиманските заедници, граѓанските организации, и поединци. Тоа може да биде договор со полицијата да споделува информации со граѓанското општество или партнерите во заедницата со цел подобро да се разбере зачестеноста и типот на случаи, како и аспектите поврзани со кривични дела од омраза и инциденти против муслиманите;

- **Да ја подобрат заштитата** за муслиманските заедници, институции и локации, вклучително и засилени полициски патроли и финансиска помош за да се подобрат мерките за безбедност. Засилени полициски патроли може да се земат предвид за време на верски празници, како што се Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам, за време на џума петочната молитва и месецот Рамазан, и во некои муслимански заедници на Милад-ун-Наби, роденденот на пророкот Мухамед, кога има зголемена посетеност на џамиите и исламските центри.[5] Исто така, внимание треба да се посвети и на настани кои групите на омраза или сторителите ги слават или одбележуваат;

- **Да ја земат предвид и да ја вклучат експертизата што постои во рамки на муслиманските заедници кога се врши проценка на закани, планирање на безбедноста и/или развој на системи за управување со кризи** за да се овозможи заедничко планирање и одговор на итни ситуации на најдобар можен начин. Кога се разгледува експертизата, треба да се земат предвид различностите на муслиманската заедница, како и да се обезбеди дека е слушнат гласот

5 За информации за значајни празници и други важни дати, упатете се на Анекс 3 од овој водич.

и на жените и на мажите, со цел пристапот да биде автентичен и заснован на потребите;

- **Да ја препознаат и евидентираат** секоја мотивираност од пристрасност кон муслиманите при спроведување истрага и кривично гонење за кривични дела или да се сензитивизираат полициските служби за специфичните особености на кривичните дела од омраза против муслиманите, вклучително и во ситуации предизвикани на локално, државно и меѓународно ниво. На пример, агресивните националистички митинзи или терористички инциденти постојано покажуваат дека може да предизвикаат инциденти и кривични дела од омраза против муслимани.[6] Имено, кога постои вкрстување на етничкото потекло, родот, потеклото и религијата (меѓу останатите фактори), тоа може да значи дека мотивираноста од пристрасност кон муслиманите не се евидентира како таква, особено кога не постои опција во системот за да се евидентира повеќекратна пристрасност, ниту соодветно да се расчленат податоците;

- **Да обезбедат докази за безбедносните потреби** на муслиманските заедници, работејќи заедно со тие заедници, како и со граѓанските организации на терен, за да се прави размена на расчленети податоци за инциденти од омраза, вклучително и расчленети по пол и род, и да се споделуваат информации за кривични дела од омраза и закани против муслиманите преку редовен ангажман и воспоставување на јасни и транспарентни договори за споделување податоци;

- **Да ги уверат** муслиманските заедници во посветеноста на државата да ги штити сите заедници преку покажување солидарност и здруженост на разни заедници во случај на напад и/или закана;

- **Да обезбедат поддршка на жртвите и да им помагаат на заедниците да се вратат на секојдневниот живот по нападите**. Тоа се однесува на давање физичка, психолошка и емоционална поддршка на жртвите на напади врз муслимани и нивните пошироки заедници. Додека државата ја има примарната одговорност да обезбеди уверување и доверба во јавните служби, поддршка може да понудат и приватните организации и приватниот сектор. Заедничкото застапување со тела како што се локалните власти, полициските служби или со приватните бизниси може да помогне да се постигне целисходен исход за жртвите на нетолеранција кон муслиманите и да се работи на подобрување на довербата на малцинските заедници во владините служби и агенции;

- **Да поддржат истражувања на академици и групи од граѓанското општество** за наративите и идеологијата на групите на омраза и поединците кои промовираат реторика на нетолеранција што е насочена кон муслиманските

6 *Tell MAMA 2016 Годишен извештај*: Конструирана закана: идентитет, нетолеранција и влијание на омразата против муслиманите, (London: 2017, Faith Matters) <https://tellmamauk.org/wp-content/uploads/2017/11/A-Constructed-Threat-Identity-Intolerance-and-the-Impact-of-Anti-Muslim-Hatred-Web.pdf>, стр. 56.

и другите заедници низ земјите и регионите. Истражувањата може да помогнат и во поддршката за полицијата и владините организации да ги идентификуваат трендовите, што оди во прилог на напорите да се даде подобар одговор на кривичните дела од омраза против муслиманите; и

- **Да обезбедат дека во пораките за јавноста** кривичните дела од омраза се препознаваат не само како закана по достоинството и интегритетот на поединецот, туку и на цели заедници. Државите може да разгледаат и дали пораките наменети за пошироката јавност ќе треба да содржат и оспорување на секоја насилна реторика што може да доведе до пораст во инцидентите од омраза против муслиманите во одреден временски период. Пораките може да се пренесуваат и заеднички со организации, групи или претставници на заедниците со цел осуда на омразата и застапување за толеранција.

# Вовед

## Заднина

Одлуките на Министерскиот совет на ОБСЕ се осврнуваат на нетолеранцијата кон муслиманите како клучна во борбата против сите форми на дискриминација, и се обврзуваат на преземање конкретни активности за да се одговори на неа.

Во 2002 година во Порто, Министерскиот совет на ОБСЕ го осуди порастот на дискриминацијата и насилството врз муслиманите во областа на ОБСЕ и силно го отфрли поистоветувањето на тероризмот и екстремизмот со одредена религија или култура.[7] Потоа, во 2004 година во Софија, земјите-учеснички ја повикаа ОДИХР да ги користи веродостојните информации и преку целосна соработка со другите институции на ОБСЕ, како и со релевантните меѓународни институции и граѓански организации, внимателно да ги следи инцидентите мотивирани од расизам, ксенофобија или поврзаната нетолеранција, вклучително и против муслиманите, како и антисемитизмот во областа на ОБСЕ. Оваа одлука, исто така, повика на поддршка од граѓанското општество и развој на партнерства за решавање на овие прашања.[8]

Во 2007 година, Министерскиот совет во Мадрид го истакна фактот дека земјите-учеснички имаат примарна одговорност за справување со нетолеранцијата и дискриминацијата, вклучувајќи ги и нивните политички претставници.[9] Во оваа одлука, исто така, се прифаќа и дека манифестирањето нетолеранција и дискриминација можат да ги поткопаат напорите за заштита на правата на поединците, вклучувајќи ги мигрантите, бегалците, луѓето кои припаѓаат на националните малцинства и луѓето без државјанство. Со одлуката се препознаваат различните форми на нетолеранција, и истовремено се прифаќа и важноста да се примени сеопфатен пристап и решавање на вкрстените проблеми со цел ефикасно справување со сите форми на омраза и дискриминација.

Во 2011 година, ОБСЕ, УНЕСКО и Советот на Европа објавија заеднички *Упатства за едукатори за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата на муслиманите: справување со исламофобијата преку образование.*[10] Овој водич за основните

---

7 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 6/02, "Толеранција и недискриминација", Порто, 7 декември 2002, < https://www.osce.org/mc/40521>.

8 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 12/04, "Толеранција и недискриминација", Софија, 7 декември 2004, <https://www.osce.org/mc/23133?download=true>. Види исто, Постојан совет, Одлука бр: 621, „Толеранција и борба против расизам, ксенофобија и дискриминација", Софија, 29 јули 2004, <https://www.osce.org/ pc/35610?download=true>.

9 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 10/07, "Толеранција и недискриминација: унапредување на заемното почитување и разбирање", Мадрид, 30 ноември 2007, <https://www.osce.org/mc/29452?download=true>.

10 *Упатства за едукатори за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата на муслиманите: Справување со исламофобијата преку образование*, (Варшава: ОДИХР, Совет на Европа, УНЕСКО, 2011), <https://www.osce.org/odihr/84495>.

и средните училишта е достапен на шест јазици и е наменет за креаторите на политики и службениците кои работат во образованието, како и за наставниците, училишните администратори и релевантното граѓанско општество. Нетолеранцијата кон муслиманите, исто како и другите форми на нетолеранција и предрасуди, влијае врз заедниците, вклучително и во училиштата и образовните установи. Од клучна важност е да се работи со децата и младите луѓе во образовните установи на намалување на нетолеранцијата кон муслиманите, за да тие го оспорат и да се противат на таквото однесување кај возрасните во иднина.

Министерскиот совет во Киев во 2013 година, ги повика владите на ОБСЕ да работат на елиминирање на дискриминацијата на луѓето врз основа на нивната религија или вера. Земјите-учеснички, исто така, се повикаа да усвојат политики за заштита на местата за богослужба и верските објекти, верските споменици, гробиштата и светилиштата.[11]

## Разграничување на инциденти од омраза

За време на неодамнешниот годишен состанок за имплементација на човековата димензија на ОБСЕ, граѓанските организации ја истакнаа важноста на нетолеранцијата кон муслиманите и неодложната потреба да се заштитат заедниците од злоупотреба и дискриминација.[12] Во 2018 година, личниот претставник на претседавачот со ОБСЕ, професорот Булент Шенај, го нагласи загрижувачкиот тренд на реторика против муслиманите, итната потреба да се одговори на демонизацијата на муслиманите и на порастот на трендови против муслиманите во Европа по хуманитарната криза во 2015 година, како и проблемот со недоволно пријавување и евидентирање на кривичните дела од омраза против муслиманите.[13]

## Зошто е потребен овој водич?

Нетолеранцијата кон муслиманите во која било форма, како насилство, дискриминација, вознемирување или злоупотреба на интернет, има штетно влијание врз животот и на поединците муслимани, и на муслиманските заедници. Овој водич има за цел да им помогне на владите во активностите за спречување и борба против кривичните дела од омраза, вклучително и преку анализа на безбедносните ризици и потребните активности, со цел подобрени капацитети на полицијата и другите институции за да се одговори на безбедносните потреби на муслиманските заедници и поединци. Исто така, со водичот се опфатени и одредени теми, како што се недоволното пријавување и евидентирање на кривичните дела од омраза против

11 ОБСЕ Одлука на МС бр:. 3/13, Киев, *op. cit.*, note 3.

12 2016 Состанок за имплементација на човековата димензија, Консолидирано резиме, Варшава, септември 2016, <https:// www.osce.org/odihr/274416?download=true>; 2017 Состанок за имплементација на човековата димензија, Консолидирано резиме, Варшава, септември 2017, <https://www.osce.org/odihr/365486>; 2018 Состанок за имплементација на човековата димензија, Консолидирано резиме, Варшава, Септември 2018, <https://www.osce.org/odihr/398840?down- load=true>.

13 2018 Состанок за имплементација на човековата димензија; Ибид.

муслиманите. Покрај тоа, утврдени се и практични чекори коишто владите можат да ги преземат за решавање на прашањата за безбедноста на муслиманските заедници, кои одат рака под рака со напорите во рамките на тие заедници.

Владите имаат примарна одговорност за безбедноста на заедниците и поединците, особено поради тоа што малцинските заедници често не располагаат со ресурси за да се обезбеди потребното ниво на безбедност. Агенциите за спроведување на законот, како што е полицијата, се одговорни за решавање на кривичното манифестирање на нетолеранција кон кој било поединец или заедница, вклучувајќи ги и кривичните дела од омраза против муслимани. Неуспехот да се дејствува, и особено вклученоста во соучесништво, влијаат на социјалната кохезија, и во ретки случаи тоа може да доведе до насилен екстремизам, насилство и поларизирани ставови во делови од целната заедница.[14]

Во овој водич, исто така, се посочува дека одредени групи може да бидат мета поради нетолеранција и предрасуди кон муслиманските заедници.

„Загрижува тоа што омразата кон муслиманите, и индивидуална и институционална, сега се префрла од маргините во редовните општествени текови. Загрижува недостатокот на политичка храброст и лидерство за овие прашања. Заедно треба да се справиме со оваа закана за наш мирен соживот.” – *Булент Сенај, 2016 Личен претставник на Претседавачот на ОБСЕ за борба против нетолеранција и дискриминација на муслимани.*[15]

Целта на овој водич е и да се извлече и охрабри поопсежна анализа и истражување, како и ангажман на владата и граѓанското општество во насока на намалување и надминување на чувствата и омразата против муслимани, што и понатаму претставува предизвик во земјите-учеснички низ регионот на ОБСЕ.

## Кој е опсегот и целта на овој водич?

Оваа публикација, пред сè, се однесува на тоа што може да направат одговорните лица за справување со кривичните дела од омраза против муслимани и со безбедносните потреби на муслиманските заедници. Тековната работа на ОДИХР за справување со омразата и предрасудите против муслимани преку борба против кривичните дела од омраза и нетолеранцијата и преку поддршка на едукаторите

14 Joel Busher and Graham Macklin, *Interpreting “Cumulative Extremism”: A framework for enhanced conceptual clarity*, Society for Terrorism Research 7th Annual Conference, 27-28 јуни 2013, Лондон, <http://eprints.hud.ac.uk/id/eprint/19406/>.

15 2016 Состанок за имплементација на човековата димензија, Консолидирано резиме, *op. cit.*17.

во борбата против нетолеранцијата кон муслиманите, претставува надополнување на овој документ со упатства.[16]

Централно место во водичот е дадено на практичните мерки што може да се преземаат од страна на одговорните лица за постапување и справување со кривични дела и инциденти од омраза против муслимани, како и за заштита на муслиманските заедници. Тие се наменети, пред сè, за владините претставници и политичките претставници, но, се надеваме дека ќе бидат корисни и за граѓанското општество и за пошироката јавност. Водичот има за цел:

- **Подигнување на свеста** за безбедносните предизвици со кои се соочени муслиманските заедници, и нетолеранцијата кон муслиманите на интернет и во физичката реалност, како и придружните родови импликации;

- **Градење капацитети на владините претставници** (креатори на политики и државните службеници во прва линија на одговор, како што се полициски и судски службеници) за да ги разберат специфичните особености на кривичните дела од омраза и да идентификуваат практични чекори за одговор на безбедносните потреби на муслиманските заедници. Тоа особено е така бидејќи верските празници, значајните датуми и настани, и молитвите во заедниците претставуваат и можност и безбедносен проблем за владите и полицијата;

- **Поддршка за полициските службеници** во нивните напори за правилно препознавање, евидентирање и одговор на кривични дела од омраза кон муслимани;

- **Олеснето споделување на најдобра пракса** од разни земји-учеснички на ОБСЕ, со акцент на моделите за подобро полициско работење и одговор на заедницата на кривични дела од омраза против муслимани;

- **Унапредување на комуникацијата** и соработката помеѓу локалните полициски службеници и претставниците на муслиманските заедници, вклучително и со активисти на муслиманските заедници, професионалци и волонтери за безбедност, преку давање практични сугестии за соработка во борбата против нетолеранцијата кон муслиманите; и

- **Поддршка на напорите за застапување на граѓанското општество** преку обезбедување ресурси како што се насоки и преглед за релевантните владини обврски, кога се бара одговорност од властите поради загриженоста за безбедноста предизвикана од нетолеранцијата кон муслиманите.

---

16 Види исто, веб-страница на ОДИХР за пријавување кривични дела од омраза <http://hatecrime.osce.org/> и *Упатства за едукатори за борба против нетолеранција и дискриминација на муслиманите*, *op. cit.*, note 14.

## Како беше изработен овој водич?

Овој Водич се заснова на слична и претходна публикација на ОДИХР за справување со антисемитизмот, со наслов *Разбирање на антисемитските кривични дела од омраза и справување со безбедносните потреби на еврејските заедници*.[17] За нацрт верзијата на овој водич се водеа опширни консултации со муслиманските заедници, граѓанското општество, полициските служби, телата за еднаквост, академиците и други заинтересирани страни. Исто така, беа организирани и два настани за опширни консултации, еден во Северна Македонија со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, и еден во Франкфурт, Германија во соработка со Академијата за ислам во науката и општеството, при Универзитетот Гете.[18] Финалниот стручен консултативен состанок беше организиран во Осло со соработка со Мрежата за дијалог со муслиманите. Примерите што се дадени во водичот беа собрани од претставници на земјите-учеснички и од партнери од граѓанското општество, преку одговорите во прашалникот поделен од страна на ОДИХР за безбедносните потреби на муслиманските заедници и за примерите за добра пракса.

## Како е структуриран водичот?

**Првиот дел** дава преглед на контекстот за кривични дела мотивирани од нетолеранција кон муслиманите во регионот на ОБСЕ, како и на клучните карактеристики на кривичните дела од омраза. Исто така, се опишува влијанието на овие кривични дела од омраза и соодветните безбедносни предизвици врз секојдневниот живот на муслиманите и муслиманските заедници и институции.

**Вториот дел** дава појаснување како владите треба да одговорат на кривичните дела од омраза против муслиманите и ефикасно да се справат со безбедносните предизвици со кои се соочуваат муслиманските заедници. Потпирајќи се на заложбите на ОБСЕ и на останатите меѓународни стандарди за човекови права, наведени се клучните владини обврски и принципите на кои треба да се засноваат владините политики и иницијативи во оваа област.

**Третиот дел** содржи десет практични чекори коишто владите можат да ги преземат за да одговорат на кривичните дела од омраза против муслиманите и безбедносните потреби на муслиманските заедници.

**Анексите** обезбедуваат дополнителни информации наменети да им помогнат на владините претставници и останатите кои постапуваат во врска со напади врз муслимани. **Анекс 1** содржи студии на случај кои можат да се користат за градење капацитети кај владините претставници и другите, за да ги препознаат кривичните

---

17 *Разбирање на антисемитските кривични дела од омраза и справување со безбедносните потреби на еврејските заедници*, (Варшава: ОБСЕ/ОДИХР, 2017), <https://www.osce.org/odihr/317166?download=true>.

18 „Стратегии за подобрување на безбедноста на муслиманските заедници и намалување на кривичните дела од омраза во фокусот на организираните консултации на ОДИХР во Франкфурт", вест на ОДИХР, 26 јуни 2018, <https://www.osce.org/odihr/385875>.

дела од омраза против муслимани, да одржуваат соработка со муслиманските заедници за безбедносни прашања, и да развиваат одговори врз основа на почитување на стандардите за човекови права и заложбите за сите. **Анекс 2** содржи табела со предложени активности за клучните засегнати страни. Оваа табела може да биде корисна алатка за подигнување на свеста кај клучните целни групи, како што се пратениците, верските лидери и државните службеници за безбедносните грижи со кои се соочуваат муслиманските заедници. **Анекс 3** е краток водич за ислам наменет за полициски службеници. **Анекс 4** дава појаснување на терминологијата.

# ПРВ ДЕЛ:

## Разбирање на предизвикот

# I. КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ПРОТИВ МУСЛИМАНИ ВО РЕГИОНОТ НА ОБСЕ: КОНТЕКСТ

Кривичните дела од омраза се кривични дела мотивирани од пристрасност или предрасуди кон одредени групи на луѓе или поединци. Сите кривични дела од омраза содржат два посебни елементи: (1) делата се предвидени како кривични дела во кривичниот закон и (2) при извршување на кривичното дело, сторителот постапува врз основа на предрасуда или пристрасност.[19]

Важно е да се направи разлика помеѓу инциденти од омраза и кривични дела од омраза. Кривичните дела од омраза се извршени *кривични дела мотивирани од пристрасност.*[20] Тоа значи дека сторителот ја избрал жртвата или метата на нападот поради една или повеќе заштитени карактеристики — како што се нивната специфична религија, вера, „раса“, сексуална ориентација или попреченост, или нивната поврзаност со овие карактеристики. Инцидентите од омраза, иако се извршени поради специфична заштитна карактеристика, или не го достигнуваат нивото на криминално однесување или не се пријавени како кривични дела.

Предрасуда кон муслиманите е една од мотивациите од пристрасност поради што кривичното дело (т.е. кривично дело според кривичниот закон) станува кривично дело од омраза. Кривично дело од омраза против муслиманите ќе се утврди ако може да се покаже дека сторителот ја избрал жртвата или метата поради нивната исламска вера или нивната поврзаност со ислам. Такви кривични дела се извршуваат и против луѓе за кои се мисли дека се муслимани или против луѓе поврзани со муслимани (како што се сојузници или сопружници кои не се муслимани), како и луѓе кои не се муслимани, но честопати се мета на кривични дела од омраза против муслиманите, на пример, припадници на заедници на Сиките.[21]

Кривичните дела од омраза против муслиманите не само што може да се извршат врз лице, туку нивна мета може да бидат и исламски центар, џамија или на пример, граѓански организации кои обезбедуваат поддршка или обука за муслимански жени или млади луѓе.

Сепак, важно е да се напомене дека мотивацијата од пристрасност на сторителот на кривично дело од омраза против муслимани честопати се вкрстува со друга пристрасност, особено сексизам, ксенофобија против мигранти или пристрасност

---

19 За поцелосна дискусија за природата на кривичните дела од омраза, види: „*Спречување и одговор на кривични дела од омраза*” (Варшава: ОДИХР, 2009), <http://www.osce.org/odihr/39821?download=true>.

20 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 9/09, „Борба против кривични дела од омраза”, Атина, 2 декември 2009, <https://www.osce.org/cio/40695?download=true>

21 Полската полиција му вели на маж припадник на Сиките по претепувањето во ноќен клуб – „што очекуваш по нападите во Париз”, Телеграф, Метју Деј, Варшава, 2 декември 2015, <https://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/europe/poland/12029627/Polish-police-tell-British-Sikh-man-what-do-you-expect-after-Paris-attacks-after-nightclub-beating.html>

поради нивната боја на кожа или перцепираната етничка припадност или етничко потекло. Една студија за виктимизација при кривични дела од омраза покажа дека 50 проценти од жртвите на кривични дела од омраза биле мета поради повеќе од една карактеристика на нивниот идентитет.[22]

Индикаторите за пристрасност кон муслимани (индикатори за пристрасност) се главната алатка која помага да се идентификуваат случаите на кривични дела од омраза против муслимани. Во некои случаи, индикаторите. односно, мотивација на сторителот против муслиманите, може да биде многу очигледна (на пример, кога се користат клевети против муслимани). Други случаи може да бараат нијансирано разбирање на стереотипите и кодовите против муслимани (на пример, значајни пораки, места или датуми), што може да не е веднаш очигледно.

## Предрасуди и наративи против муслимани

Чувствата против муслиманите постојат со векови во областа која што сега го опфаќа регионот на ОБСЕ. Академиците и истражувачите честопати посочуваат на видлив пораст на нетолеранцијата кон муслиманите на меѓународно ниво по нападите од 11 септември во САД.[23] Терористичките напади, другите геополитички случувања, порастот на екстремно десничарските и агресивните националистички и нативистички движења и миграциските текови честопати се катализатори за чувството против муслиманите низ регионот на ОБСЕ.

„Главните наративи" против муслиманите најчесто спаѓаат во следните категории: муслиманите се закана по безбедноста, неасимилативна, демографска закана и прозелитизам, теократија, закана по идентитетот, родова нееднаквост, онтолошка разновидност, вродено насилство, нецелосно државјанство и хомофобија.[24]

Овој спектар на наративи ја овековечува перцепцијата дека „муслиманските вредности" се толку отуѓени од доминантните „национални вредности" така што муслиманите не можат или нема да се интегрираат. Според истражувањето на Пју за ставовите кон муслиманите, во девет од десет европски земји, најмалку 50 проценти од испитаниците во секоја земја веруваат дека муслиманите ја претпочитаат нивната верска различност и поради тоа не сакаат да се интегрираат. Овој став е најзастапен во Грција (78 проценти), Унгарија (76 проценти), Шпанија (68 проценти),

22 N. Chakraborti, "Reconceptualising hate crime victimization through the lens of vulnerability and Difference", *Theoretical Criminology* Vol. 16, No. 4, 2012. pp.499-514.

23 Amnesty International, "Choice and Prejudice: Discrimination against Muslims in Europe" (London: Amnesty International, 2012).

24 „Пакет за борба против исламофобијата, доминантни исламофобични наративи – компаративен извештај", Центар за студии за расизам и етницитет, Универзитет во Лидс, јули 2017, <https://cik.leeds.ac.uk/wp-content/uploads/sites/36/2017/07/2 017.07.26-WS1-Comparative-Final.pdf>.

Италија (61 проценти) и Германија (61 проценти). Тој процент беше под 50 само во Полска, односно, 45 проценти од испитаниците се изјаснија така.[25]

Понатаму, реториката околу безбедноста и тероризмот и т.н. „војна против тероризмот“ може да придонесе за злоупотреба или напади врз муслимани и да предизвика дискриминација, дури и од институциите и властите, преку несоодветна или непропорционална примена на „процедури за борба против тероризмот“.[26]

„Втората анкета на Европската Унија за малцинствата и дискриминацијата“ на Агенцијата на Европската Унија за фундаментални права открива дека скоро еден од тројца испитаници муслимани изјавиле дека биле дискриминирани кога барале работа. Студијата, исто така, покажа дека вознемирувањето поради етничко или имигрантско потекло било често кај еден од четворица испитаници муслимани. Носењето видливи религиозни симболи, како што е традиционална или верска облека, кај еден од тројца испитаници муслимани резултирало во дискриминација, вознемирување или биле застанати од полицијата. Околу половина изјавиле дека нивните имиња, бојата на кожата или физичкиот изглед предизвикале дискриминација кога барале домување, работа или здравствена заштита.[27]

И покрај фактот дека муслиманите кои живеат во земјите-учеснички на ОБСЕ не се монолитни, имаат различно потекло и идентитет, понекогаш се користи редукционистички пристап кон поединци и заедници на муслимани. На пример, извештајот на ОДИХР „Инциденти мотивирани од омраза насочени кон мигранти, бегалци и баратели на азил во регионот на ОБСЕ”, објавен во декември 2015, ја истакнува актуелната загриженост поради измешаните чувства против бегалците и муслиманите.[28] Со оглед дека ситуацијата со муслиманите се разликува зависно од земјата, мора да се разгледуваат сложени и различни фактори, и затоа е потребно да се користи пристап определен од контекстот за да се разбере неповолната клима за муслиманите во разни региони на ОБСЕ. Тука спаѓаат области каде ислам е религија на малцинството, области каде етничката припадност и религијата се испреплетени, или области каде постои доминантното толкување на ислам заедно со новопојавените или малцински толкувања на ислам.

25 Европејците стравуваат дека бегалскиот бран ќе значи повеќе тероризам, помалку работни места, 2016, <https://www.pewresearch.org/global/2016/07/11/europeans-fear-wave-of-refugees-will-mean-more-terrorism-fewer-jobs/>.

26 Patel, Tina. G. *It's not about security, it's about racism: counter-terror strategies, civilizing processes and the post-race fiction. Palgrave Communications*, Volume 3 (2017).

27 „Второ истражување на Европската Унија за дискриминација на малцинствата и муслиманите – избрани наоди”, Агенција на Европската унија за фундаментални права, 2017, <https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2017-eu-minorities-survey-muslims-selected-findings_en.pdf>.

28 „Состанок за утврдување факти: Инциденти мотивирани од омраза насочени кон мигранти, бегалци и баратели на азил во регионот на ОБСЕ”, ОБСЕ/ОДИХР, 11 Декември 2015, <http://www.osce.org/odihr/235741?download=true>.

## Интерсекционалност

Интерсекционалноста го проучува преклопувањето или вкрстувањето на социјалните идентитети и поврзаните системи на угнетување, доминација или дискриминација. Притоа се разгледува како различните категории, како што се род, „раса”, етничко потекло, класа, попреченост, сексуална ориентација, религија и возраст функционираат заедно на повеќе нивоа, и честопати истовремено, што посочува на нераскинлива поврзаност на секој елемент или особина на една личност со сите други елементи.[29]

Истражувањата, вклучувајќи го и истражувањето на Европската мрежа против расизмот (ЕНАР), покажуваат дека разбирањето на интерсекционалноста и кривичните дела од омраза е во зародиш кај голем број на национални полициски служби.[30] Се чини дека тоа е случај и со истражувачите, вработените во граѓанските организации и во институциите за кривична правда. Причината што често се наведува за недоволното евидентирање на кривични дела од омраза се поврзува со комбинација од мотиви за кривични дела, каде жртвите биле мета поради повеќе од еден индикатор на пристрасност или мотив. Кај некои органи за спроведување на законот или системи за евидентирање на кривични дела од омраза овозможено е повеќекратно означување или проверка на повеќе полиња за индикаторите на пристрасност. Сепак, со цел да се категоризираат кривичните дела од омраза со примена на интерсекциски пристап, методите на полицијата и релевантните органи треба да се засноваат на разбирањето дека идентитетите на жртвите се повеќестрани и интерсекциски, и затоа е потребен повеќеслоен одговор. На пример, напад на муслиманка може да биде кривично дело од омраза ако насилно ѝ е отстранет хиџабот. Мотивот за таквото кривично дело од омраза може да се должи делумно на перцепцијата за нејзината религија, но исто така и на нејзиниот род. „Расата” исто така може да игра улога. Таквото кривично дело од омраза нема да предизвика исти последици кај маж муслиман или црна жена без видлива религиозна облека. Концептот на интерсекционалноста може да биде корисен за подобро разбирање на виктимизацијата и исто така да ја подобри полициската истрага за овие кривични дела.

29 Интерсекционалноста е квалитативна аналитичка рамка што идентификува како поврзаноста на системите на моќ влијаат на најмаргинализираните во општеството. Терминот е дело на црната феминистка и академик Кимберли Вилијамс Креншо во 1989. *Forgotten Women: The Impact of Islamophobia on Muslim Women, (Brussels: ENAR – European Network Against Racism, 2016)*, <https://www.enar-eu.org/IMG/pdf/forgottenwomenpublication_ lr_final_with_latest_corrections.pdf>.

30 *Расистички кривични дела и институционален расизам во Европа*, (Брисел: ЕНАР – Европска мрежа против расизам, 2019), <https://www.enar-eu.org/IMG/pdf/shadowreport2018_final.pdf>; види и Mason-Bish, Hannah and Zempi, Irene, “Misogyny, racism and Islamophobia: street harassment at the intersections”, 2018, Feminist Criminology, <http://sro.sussex.ac.uk/id/eprint/76134/>.

*Европскиот суд за човекови права, во пресудата за предметот Алковиќ против Црна Гора, утврдил дека маж од ромско потекло од Црна Гора и неговото семејство биле вознемирувани од соседите поради тоа што се Роми и муслимани. Судот одлучил во полза на семејството затоа што тие биле предмет на расна дискриминација и верски навреди, смртни закани, графити насликани на нивната врата, напади врз нивниот автомобил, и пукање кон нивниот стан пред да побараат судска заштита. Судот се фокусирал на двата инциденти со најголема закана. Внимателно испитувајќи го постапувањето на полицијата, Судот утврдил несоодветно постапување. Во еден од инцидентите биле испукани куршуми, а лицата обвинети за пукањето го одрекувале тоа, но признале дека слушнале пукање и ги виделе чаурите. Судот ја критикувал полицијата дека не ги собрале чаурите или дека не била спроведена истрага дали наводните сторители имале пиштол. Судот утврдил дека „на жалителот не му била обезбедена потребната заштита на неговото право на психолошки интегритет“. Во писмениот поднесок како трета страна, Европскиот центар за ромски права (ЕРРЦ) посочил на постоење на ендемски расизам против Ромите во црногорското општество. ЕРРЦ, исто така посочил на докази за институционален расизам во рамки на црногорската полиција, каде сериозните кривични дела од омраза се третираат како прекршоци и ретко се добиваат осудителни пресуди.*[31]

## Кривични дела од омраза по национални и меѓународни настани

Нетолеранцијата кон муслимани може да се интензивира по настани, како што се национални или меѓународни политички настани на високо ниво, и тоа да предизвика агресивни националистички митинзи или терористички дела и инциденти. Кривичните дела од омраза може да се манифестираат како национални конфликти на микро ниво или меѓународни конфликти каде поединци од малцински групи се смета дека се противат на „доминантните културни норми” или „дејствуваат против националните интереси.”[32] Реториката околу тероризмот и војната против тероризмот често се користат за злоупотреба на муслиманите, но, исто така, тоа може да предизвика дискриминација од страна на властите преку несоодветна употреба на процедури за борба против тероризмот.[33]

31 Види, СЛУЧАЈ НА АЛЕКОВИЌ ПРОТИВ ЦРНА ГОРА, Пресуда од 5 декември 2017, Стразбур, <https://hudoc. echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22alkovic%22],%22itemid%22:[%22001-179216%22]}> и „Роми муслимани го добиваат предметот за дискриминација против Црна Гора”, Европски центар за ромски права, <http://www.errc.org/ press-releases/muslim-roma-win-discrimination-case-against-montenegro>.

32 Ц C. E. Mills, J.D. Freilch, and S.M. Chermak, *“Extreme Hatred: Revisiting the Hate Crime and Terrorism Relation- ship to Determine Whether They are ‘Close Cousins’ or ‘Distant Relatives’” Crime and Delinquency*, 2015.

33 Ибид.

# II. КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ПРОТИВ МУСЛИМАНИТЕ ВО РЕГИОНОТ НА ОБСЕ: КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Заканата или нападот врз некое лице поради неговиот муслимански идентитет – или кога се мисли дека лицето има муслимански идентитет — претставува кривично дело од омраза против муслимани. Кривичните дела од омраза против муслимани се кривични дела кои или се насочени кон поединец поради вистински или перципиран муслимански идентитет или се мотивирани од омраза кон муслиманите или ислам воопшто. Мета на сторителот на инцидент против муслимани може да биде и поединец кој не е муслиман. Сторителите може да идентификуваат одреден поединец и да им стане мета поради неговата етничка припадност, боја на кожа, верска облека, јазик или име. Сторителите честопати се повикуваат на постоечките негативни стереотипи за муслиманите и ислам, честопати поврзувајќи ги со тероризам или конкретно со некој значаен историски настан или инцидент што им го припишува на муслиманите.

Слично на тоа, муслиманите честопати се мета на злоупотреба поврзано со други аспекти на нивниот идентитет, или поконкретно преку ксенофобичен и расистички говор, а кое може да се поврзе со општествени и историски тензии. Тоа може да се заснова на тоа дека жртвата тука не припаѓа или на нејзиното право да живее на територија која сторителите ја сметаат за „нивна". Сепак, мета на кривичните дела мотивирани од нетолеранција кон муслиманите може да биде и зграда или институција, каде што може да е сместена исламска институција, деловен или станбен простор кој тие го поврзуваат со муслимани или Ислам. Вандализам врз имот, графити против муслимани или оставање свински производи на или пред имотот на жртвата, е исто така метод што сторителите често го користат за злоупотреба или заплашување на муслимани.

ОДИХР има објавено листа на факти за да им помогне на засегнатите страни да ги разберат кривичните дела од омраза против муслиманите.[34]

## 1. ИНДИКАТОРИ ЗА ПРИСТРАСНОСТ

Индикаторите за пристрасност се еден или повеќе факти кои укажуваат на тоа дека кривичното дело можеби било извршено со мотивација од пристрасност. Тие обезбедуваат објективни критериуми според кои може да се оцени веројатниот мотив, но неопходно не даваат доказ дека дејствијата на сторителот биле мотивирани од пристрасност.

34 Листа на факти за кривични дела од омраза против муслимани, (Варшава: ОДИХР, 2018), <https://www.osce.org/odihr/373441>.

Во индикатори за пристрасност за кривични дела од омраза против муслимани се вбројуваат ситуации кога поединецот е мета поради неговиот вистински или перципиран идентитет како муслиман, кога се даваат експлицитни коментари против муслимани, кога тие се поврзуваат со терористички активности или групи и/или тероризам. Полициските служби треба да ги евидентираат и забележат овие мотивации и индикатори за пристрасност при интервјуирање и работа со жртвите на нетолеранција кон муслиманите.[35]

Индикаторите за пристрасност се корисна алатка за полицијата, обвинителите и невладините организации во анализата дали пријавеното кривично дело може да биде кривично дело од омраза. Тие имаат за цел да се поттикне процес за собирање докази преку умешност во водењето распит или темелна истрага.

Индикатор за пристрасност може, но неопходно не мора да послужи како доказ во судница.

Подолу е дадена неисцрпна листа на индикатори за пристрасност за кривични дела од омраза против муслимани.

### Перцепција на жртва, сведок или вешто лице

Ако жртва или сведок смета дека сторителот бил мотивиран од предрасуди кон муслимани, треба да се води истрага за кривично дело од омраза. Трета страна, како што е граѓанска организација или организација од муслиманската заедница, што евидентира инциденти против муслимани или независно вешто лице, исто така може да идентификуваат мотивација од пристрасност што не им била очигледна на жртвата или сведокот. Во такви случаи, личната перцепција на службеникот за потенцијално кривично дело од омраза, може да се вклучи како индикатор за пристрасност.[36]

### Коментари, пишани изјави, гестови или графити

Сторителите на кривични дела од омраза честопати даваат на знаење какви се нивните предрасуди пред, за време на и по извршување на делото. Клучен доказ во повеќето кривични дела од омраза се зборовите или симболите што ги користат сторителите. Лицата кои вршат кривични дела од омраза вообичаено сакаат да им испратат порака на нивните жртви, заедниците на нивните жртви или на целото општество. Таквите пораки, од извикување навреди до графити, претставуваат можен доказ за мотивираност од пристрасност. Прашањата подолу може

35 За повеќе информации, види: „Подобрено евидентирање на кривични дела од омраза од органите на законот: Клучни водечки принципи", <https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/ec-2017-key-guiding-principles-recording- hate-crime_en.pdf>.

36 Стандарди на Европска комисија против расизам и ксенофобија (ЕКРИ), „Општа препорака за политики Бр.11 за борба против расизам и расна дискриминација во полициското работење, усвоена на 29 јуни 2007, <https://www.coe. int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/recommendation-no.11>.

да помогнат да се утврди дали кривичното дело било мотивирано од пристрасност против муслимани:

- Дали осомничениот дал коментари или пишани изјави за муслиманите, исламот и за вистинската или перципираната припадност на жртвата во муслиманската заедница или вистинската или перципираната етничка припадност или националност на жртвата? Во овој поглед, потсетете се дека изјавите или слоганите против муслиманите може да бидат погрешно претставени дека тоа е само критика на културолошки практики — како што се исламска облека, распространетост на џамии, халал месо или дебати во врска со имиграцијата, тероризмот или други социјални прашања поврзани со муслиманските заедници. Понатаму, важно е да се напомене дека злоупотребата на муслимани често се меша со расистички и ксенофобични изјави и пристрасност, кои може да се изразат преку расистички и ксенофобичен јазик;

- Дали на местото на инцидентот биле оставени цртежи, графити, карикатури или уметнички дела кои ги прикажуваат и демонизираат муслиманите, исламот или пророкот Мухамед? Дали нацистички или екстремно десничарски симболи или симболи кои можат да се сметаат за симболи на омраза во контекст на дадената земја, се оставени на местото на настанот? Упатувањето на екстремно десничарски слогани и симболи наменети за промовирање омраза или заплашување на муслиманите и другите групи може да биде затскриено. Сепак, екстремно десничарската иконографија не е вклучена во секое кривично дело од омраза кон муслимани и иконографија, на пример, свастика често се користи во кривични дела од омраза мотивирани од друг тип на пристрасност; и

- Ако мета на кривично делото е место од верско или културно значење, дали на местото на настанот е оставен некој предмет за кој се смета дека е навредлив за муслиманите (на пример, свинско месо или крв)? Освен во џамија, исламски културен центар или училиште, предмети наменети за заплашување на муслиманите, може да бидат оставени и пред деловна или станбена зграда за која се смета дека е во сопственост на муслимани.

## Контекст на кривичното дело

Верските или други разлики меѓу сторителот и жртвата, сами по себе, не се индикатор за пристрасност. Сепак, прашањата подолу можат да помогнат да се расветли контекстот на кривичното дело и може да навестат дали пристрасноста против муслиманите би можела да биде мотив.

- Дали сторителот поддржува група за која се знае дека е непријателски настроена кон муслиманите? Дали достапните докази сугерираат дека сторителот поддржува екстремно десничарски групи или изразил поддршка за расистички или ксенофобични групи против муслиманите на интернет?

- Дали жртвата можело видливо да се идентификува како муслиман? Поединци може да бидат мета на злоупотреба на муслимани ако носат исламска облека (вклучувајќи хиџаб или тобе), дури и други форми на религиозно или културолошко облекување (на пример, турбан кај Сиките или шалвар камиз). Сепак, поединец може исто така да биде мета на злоупотреба на муслимани поради боја на кожа, националност, јазик што се смета за „поврзан со муслиманите» и ако често оди во верски институции кои се сметаат за поврзани со муслиманите.

- Дали мета на кривичното дело било лице кое видно се залагало да ја подигне свеста за правата на муслиманската заедница?

- Дали жртвата била ангажирана во активности организирани од муслиманската заедница, организација поврзана со муслиманската заедница или организација која би можела да се смета дека е поврзана со муслиманската заедница во моментот на инцидентот?

## Организирани групи на омраза

Иако сите кривични дела од омраза не се извршуваат од страна на организирани групи, членовите или соработниците на таквите групи често се вклучени во извршување на такви кривични дела. Потврдните одговори на следните прашања би биле индикатори за пристрасност:

- Дали на местото на настанот останале предмети или детали кои укажуваат на тоа дека кривичното дело било дело на неонацисти, други екстремистички националистички организации или меѓународна терористичка организација?

- Дали сторителот покажал каква било поддршка за или отворено го одобрил дејствувањето или мисијата на терористичка организација чија мета се муслимани?

- Дали дејствијата на сторителот го отсликуваат дејствувањето на терористи насочено кон муслиманските заедници?

- Дали сторителот на социјалните мрежи изразил поддршка за група што се застапува против муслиманите?

- Дали постојат докази дека таква група е активна во областа (на пример, постери, графити или летоци против муслимани)?

- Дали однесувањето на сторителот се поврзува со негово членство во организација на омраза, како што се користење на нацистички поздрави или други гестови поврзани со десничарски движења против муслимани?

- Дали сторителот имал облека, тетоважи или други обележја што го поврзува со екстремистичка или група на омраза?

- Дали група на омраза или неонацистичка група неодамна упатила јавни закани кон муслиманската заедница, на пример на социјалните медиуми или традиционалните медиумите?

- Дали сторителот користел специфични термини што може да укажат на пристрасност кон муслиманите и терминологија што потекнува од екстремно десничарска реторика или идеологија?

## Локација и време

Местото и времето на кривичното дело, исто така, може да биде индикатор за пристрасност кон муслимани. Одговорите на следниве прашања би можеле да откријат индикатори за пристрасност:

- Дали инцидентот се случил по значајни настани поради кои се заострила јавната дебата околу исламот и муслиманската заедница (на пример, меѓународни терористички настани)?

- Дали инцидентот се случил на датум од особено значење? Како на пример:

    - Религиозни празници (на пр: Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам);
    - Значаен ден за националистите што може го искористат екстремисти и десничарски групи за да организираат митинзи и маршеви (на пр: историски дати што се поврзуваат со ставови за надмоќ);
    - За време на месецот Рамазан во рамки на џамиите и муслиманските институции; или
    - Други датуми од значење, (на пр: национални денови).

## Обрасци или зачестеност на претходни кривични дела или инциденти

Кривичните дела од омраза понекогаш не се единечни настани, туку претставуваат дел од една поширока шема. Кога се бараат индикаторите за пристрасност, релевантно е да се праша:

- Дали имало и други инциденти против муслимани во истата област?

- Дали имало неодамнешна ескалација на инциденти против муслимани, од вознемирување на пониско ниво и не-криминална активност до посериозно криминално однесување, како што се вандализам или напад?

- Дали жртвата или муслиманската заедница или организацијата на жртвата неодамна добиле закани или други форми на заплашување, како што се телефонски повици или пошта?

- Дали во областа циркулира литература против муслимани или екстремно десничарска литература?

### Природата на насилството

Бидејќи кривичните дела од омраза имаат тенденција да бидат кривични дела што испраќаат порака, оттаму доаѓа и сериозноста во степенот на насилство, штета и бруталност. Следниве прашања можат да откријат индикатори за пристрасност:

- Дали нападот покажал *начин на дејствување (модус операнди)* типичен за организирана група на омраза или терористичка организација?

- Дали дејствувањето може да било инспирирано од или да претставува обид да се реплицира кривично дело против муслиманите од висок профил?

- Дали во инцидентот било вклучено неиспровоцирано и екстремно насилство или понижувачки третман?

- Дали инцидентот бил извршен јавно или на начин за да може да се објави во јавност, како што е со снимање и објавување на интернет?

- Дали е употребен специфичен јазик против муслиманските заедници, што може да посочи на идеологија што ја промовираат екстремно десничарски и други групи против муслимани?

## 2. ВИДОВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ПРОТИВ МУСЛИМАНИ

Постои широк спектар на кривични дела мотивирани од омраза кон муслимани, почнувајќи од сериозни напади до помали инциденти, и доколку истите не бидат соодветно разрешени, може да дојде до нивна ескалација. Такви напади може да извршат поединци кои дејствуваат самостојно или лица кои се членови на организирани групи на омраза.

### Напади врз поединци

Напад врз поединци може да се изврши од повеќе причини. Поединци можат да бидат особено ранливи како резултат на општествени, политички, религиозни или други фактори кои ги прават препознатливи, на пример ако:

- Се облечени во исламска облека, како што се *хиџаб* или *тобе*;

- Јавно се идентификуваат како претставници на муслиманска или исламска организација;
- Се наоѓаат во близина на џамија, исламско училиште, исламски културен центар или халал продавница/ресторан;
- Учествуваат на муслимански јавен настан;
- Слават исламски празник;
- Зборуваат на јазик што, во одреден контекст, потенцијално може да укаже на тоа дека некое лице е муслиман; и
- Се малцинство или припаѓаат на етничка група за која се претпоставува дека е муслиманска.

Мета на кривичните дела мотивирани од нетолеранција кон муслиманите се исто така и луѓе кои се мисли дека се муслимани или поврзани со муслиманите/исламот, бидејќи тие купуваат во халал супермаркет, посетуваат муслиманска институција или се пријатели или имаат социјални релации со муслимани. Мета на напади врз муслимани, и во физичката реалност и на интернет, може да бидат и активисти или експерти кои се борат против нетолеранцијата кон муслиманите или ја подигнуваат свеста за исламската историја и култура без всушност да бидат муслимани.

Врз основа на извештаите на ОДИХР за кривични дела од омраза, подолу се дадени примери за кривични дела од омраза против муслимани и инциденти против поединци, кои што биле забележани во регионот на ОБСЕ.[37]

## а. Убиство

Во последните години во регионот на ОБСЕ извршени се убиства на поединци, каде доказите посочуваат дека нападите биле мотивирани од пристрасност кон муслимани, на пример:

**Канада** На 29 јануари 2017 година, вооружен напаѓач отвори оган во џамија во Квебек Сити, убивајќи шестмина и повредувајќи 19 лица, кратко време по вечерните молитви. Сторителот е обвинет по шест основи за убиство;

**Германија** Во 2009 година, муслиманка со хиџаб беше нападната, избодена и убиена од сторителот за време на расправата по жалбена постапка во судница во Дрезден.

37 Сите примери во овој дел се преземени од веб страната на ОДИХР за пријавување кривични дела од омраза. За повеќе информации и примери, види: <http://hatecrime.osce.org/what-hate-crime/bias-against-muslims>.

**Шведска** На 22 октомври 2015 година, 21-годишен напаѓач влезе во училиште со маска и уби три лица со меч во најсмртоносниот напад врз училиште во историјата на Шведска. Се тврди дека училиштето било мета на напаѓачот поради големата застапеност на имигранти;

**Швајцарија** На 19 декември 2016 година, две лица беа убиени кога еден човек извикуваше „*Raus aus unserem land*" (Оди си од нашата земја) пред да отвори оган врз луѓето во исламски центар во централен Цирих; и

**Обединето Кралство** На 29 април 2013 година, 82-годишен дедо беше избоден до смрт додека се враќал дома од џамија во Бирмингем. Сторителот подоцна изјавил дека го убил човекот бидејќи жртвата „била муслиман и немало сведоци".

## 6. Други насилни напади

Во земјите-учеснички на ОБСЕ често се случуваат и други насилни напади врз муслимани. Таквите физички напади вклучуваат:

- Употреба на оружје, како што се огнено оружје, експлозивни направи, ножеви и бејзбол палки;
- Обид за прегазување на жртвите со возило;
- Тепање;
- Тегнење или обид да се соблече облеката на жртвата;
- Грабање, туркање, плескање, плукање или слични напади; и
- Напаѓање на толпи народ во муслимански објекти, како што се џамии, додека луѓето се внатре или во близина.

Насилните напади врз муслимани може да предизвикаат сериозни физички и психолошки повреди, при што жртвите треба да се хоспитализираат и да добијат лекарски третман и советување. Примерите дадени подолу се од регионот на ОБСЕ:

**Босна и Херцеговина** Во 2015 година во ентитетот на Република Српска, повратник Бошњак со муслиманска вероисповед беше нападнат и непознати напаѓачи врежаа „четири кирилични букви С" (српски крст) на неговиот стомак;

**Канада** Во 2017 година, маж и жена од муслиманска вероисповед беа физички нападнати бидејќи интервенираа кога на муслиманка со шамија и беа упатени смртни закани во трговски центар;

**Франција** На 11 септември 2019 година, еден маж избоде жена и го тргна нејзиниот превез пред нејзините две мали ќерки. По настанот, напаѓачот извикуваше „Ова е нашиот дом“ и „Не е готово“.

**Ирска** Во мај 2016 година, двајца Авганистанци и еден тинејџер беа навредувани и физички нападнати од група, и две од жртвите останаа без свест; и

**Норвешка** Во август 2019 година, вооружен маж со униформа и шлем влезе во џамија во предградието на Осло, пукајќи низ заклучената врата. Тој носеше две пушки и пиштол и отвори оган во главната просторија за молитва. Тој почна и да го пренесува нападот во живо, и преносот подоцна беше тргнат .

## в. Закани

Заканите против муслимани се насочени кон поединци, лидери на заедници, муслимански институции и бизниси во сопственост на муслимани. Заканите за насилство може да вклучуваат различни форми на заканувачко однесување, смртни закани и закани со бомби. Овие закани може да се пренесат преку пошта, е-пошта или социјални медиуми, преку телефон, лично, преку графити на муслиманските институции или на друг начин. Заканите може да содржат слогани и симболи против муслимани како кратенка за насилство, убиство и уништување на муслимани.

- Заканите против муслимани може да се пренесат и преку предмети, на пример:
- Свинска глава поставена пред имот на муслиман или муслиманска институција;
- Сланина поставена на кваките на муслиманска институција, исламски центар или куќа или автомобил на муслиманско семејство;
- Материјал на крајно десничарски екстремисти поставен во поштенски сандачиња и на џамии и
- Бел прав што се испраќа во џамиите.

Подолу се наведени вистински примери од регионот на ОБСЕ:

**Австрија** Во 2017 година, една жена од Тунис постојано беше изложена на навреди и писмени закани против муслимани, кои беа оставани во нејзината поштенска кутија.

**Канада** Во 2017 година, адвокат и застапник за човекови права од муслиманска вероисповед добиваше навреди и смртни закани преку социјалните медиуми;

**Република Чешка** Во јуни 2016 година, амбасадор добиваше закани поради неговата муслиманска вера;

**Франција** Во февруари 2016 година, муслиманка со шамија беше вербално малтретирана и ѝ се закануваа со нож пред училиштето на нејзините деца.

**Грузија** Во мал град во 2014 година, демонстрантите протестираа пред планираното локално исламско училиште. Демонстрантите заклаа свиња на локацијата и ја заковаа главата на свињата на влезните врати на зградата;

**Грција** Во март 2016 година, свинска глава беше фрлена врз автобус со бегалци.

**Холандија**, свинска глава беше седум пати оставена или внатре или во близина на џамијата во 2018 година; исто така во февруари 2016 година, џамија добиваше заканувачки писма со изгорени страници на Куранот; и

**САД** Во февруари 2016 година, на муслиманско семејство му се закануваа со пиштол додека семејството разгледувало куќа за продажба.

## Напади врз имот

Секој случај каде се користи слоган или симбол против муслимани за да се оштети или вандализира имот, може да се смета дека е инцидент против муслимани, без разлика дали имотот е поврзан со муслиманска заедница, институција или поединец. На пример, се вршат напади врз гурдвари на Сиките или на други места за богослужба од луѓе кои мислат дека тоа се места за богослужба на муслимани.

Вообичаена мета на напади врз имот се:

- џамии;
- исламски училишта и детски градинки;
- муслимански (добротворни) организации;
- муслимански гробишта;
- исламски културни центри или истражувачки институции;
- продавници за халал храна, халал ресторани и други бизниси кои се во сопственост на или ги посетуваат муслимани;
- приватни куќи и автомобили на поединци од муслиманска вероисповед;
- комеморативни локации и активности (на пр: комеморативни настани или локации во Сребреница); и
- муслимански артефакти.

Нападите врз имот на муслимани може да се извршат на следните начини:

- подметнување пожар;
- фрлање запаливи и експлозивни направи, (на пр: молотови коктели);
- фрлање камења преку прозорци;
- цртање графити на ѕидови, врати или гробови;
- оштетување џамии, гробишта или комеморативни места;
- поставување на постери или налепници против муслимани за имот што се смета дека е во сопственост на муслимани; и
- превртување на надгробни споменици или друго оштетување на гробишта.

Подолу се дадени вистински примери за напади врз имот во регионот на ОБСЕ:

**Босна и Херцеговина** Во септември 2016 година, џамија беше вандализирана со агресивни националистички графити;

**Бугарија** Во 2018 година беа осквернавени муслимански гробишта во Добрич. Надгробните споменици на речиси 40 гробови беа превртени и оштетени.

**Естонија** Во 2018 година, слоган против муслимани беше напишан на фасадата на исламскиот центар во Талин. Слоганот ја содржеше пораката „Фрли бомба! Изолиран Ислам, не се сеќаваш на нивните гревови? Веруваме во Бога. Зошто?“;

**Грција** Во 2017 година, прозорците на муслиманската образовна и културна асоцијација беа оштетени со фрлање камења, само еден ден по отворањето на канцеларијата;

**Полска** Во ноември 2017 година, група вандали нападнаа муслимански културен центар и џамија, кршејќи десетина прозорци.

**Русија** Во септември 2016 година, муслиманските гробишта беа вандализирани и беа оштетени 100 надгробни споменици; и

**САД** Во јануари 2016 година, џамија беше вандализирана од група која извикуваше расни навреди, фрлајќи шишиња со алкохол и друг отпад на паркингот.

# III. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ МУСЛИМАНИ ВО РЕГИОНОТ НА ОБСЕ: ВЛИЈАНИЈА

Секое кривично дело од омраза против муслимани не потсетува на застапеноста и распространетоста на омразата и предрасудите кон муслиманите во дадено општество. Бидејќи секое кривично дело од омраза против муслиманите е мотивирано од пристрасност, секој напад исто така претставува оспорување на принципите за човековите права на недискриминација и достоинството на сите човечки суштества. Оттука, секое одобрување, прифаќање или игнорирање на покажана нетолеранција кон муслиманите е неспоиво со долгогодишните заложби на ОБСЕ за толеранција и недискриминација.

Секој инцидент против муслимани испраќа порака на омраза и исклучување на поединци и муслимански заедници. Кривичните дела од омраза против муслимани, исто така, предизвикуваат чувство на страв и несигурност, како кај поединци, така и во заедницата. Имено, инцидентите од омраза против муслиманите во џамиите и исламските институции испраќаат поширока порака на нетолеранција и неприфаќање на сите припадници на заедницата и припадници на другите малцински заедници. Затоа, жртвите на инциденти и кривични дела од омраза мора да бидат информирани за истрагите од страна на полициските органи бидејќи тоа е начин да се разуверат локалните заедници.

Кривичните дела од омраза против муслиманите, заедно со други фактори, како што се недостигот на поддршка од владата или недостигот на соодветни средства за безбедносни мерки, може да доведат до безбедносни предизвици од поширок размер за муслиманските заедници. муслиманите кои сакаат нормално да го живеат секојдневието, да одат на училиште, на работа, на одмор, и верниците кои сакаат слободно да ја практикуваат својата религија, да ја носат својата исламска облека, да одат во џамија, и да ги слават исламските празници, чувствуваат загриженост поради кривичните дела од омраза против муслиманите и безбедносните предизвици предизвикани од нетолеранцијата кон муслиманите.

Таквите стравови и несигурност, исто така, може да доведат до поларизирани ставови за немуслиманските заедници, и тоа отвора можност да се размислува од аспект на поделби, да се искривува социјалната кохезија и да се изолираат заедниците, што понекогаш доведува до одмазда и понатамошна ескалација.

Тоа е истакнато во следниот пример:

*„Откако бев кај локалниот бербер, и заминав од таму, наидов на група црни тинејџери кои имаа опколено еден сам белец. Тие имаа жестока расправа. Се вмешав и им реков на момчињата да го оставaт човекот на мира и со раката им посочив да тргнат во еден правец, а човекот го повлеков во друг правец. Како што тргнав да го одвлекувам од местото на невола, тој почна да ги пцуе момчињата и да извикува навреди.  Се обидов да го смирам, но тој не слушаше и почна да извикува верски навреди, како „Да ви го еб.. Алах". Во тој момент му кажав дека јас сум Муслиман и тој одговори, „Имам начин како да го збришам твојот вид од лицето на земјата." Потоа рече, „Сакаш малку да ти покажам", и со тупаница ме удри по лицето. Од минувачите побарав да викнат полиција, и го држев за јаката за да не може да побегне. Во тој момент спомена дека има остар предмет и бев принуден да го пуштам.*

*Ова премреже ме преплаши и фрли во депресија. Претходно имав слична ситуација, кога еден човек во Мекдоналс излезе надвор со група пријатели и започнаа разговор. Тема на разговорот беше степенот на омраза што ја чувствуваат кон муслиманите и како ќе го убијат ако видат муслиман. Бев во близина и го слушнав тоа и се почувствував многу непријатно. Пријавив во полиција, и по истрагата ми кажаа дека нема снимки од камерите за видео надзор или докази. За мене тоа беше чудно бидејќи се случи пред прометен Мекдоналс на прометна улица каде има најмалку десетина камери. Се почувствував како на полицијата да не ѝ е гајле, и тој ден ја изгубив довербата во полицијата.*

*Последниов инцидент не го пријавив во полиција, и веројатно нема да го пријавам. Последното премреже ми ја врати депресијата и оттогаш не спијам добро. Веќе не се чувствувам на свое бидејќи чувствувам како да не припаѓам и дека не сум пожелен во оваа земја, покрај тоа што овде живеам речиси 30 години, уште од мало дете. Не можам да разберам како некој може да навредува нечија вера. Не би можел ни за милион години да навредам некого за неговата вера или уверување или да го дискриминирам поради тоа, дури и ако мојата вера целосно се разидува со нивната вера."*[38]

## Влијанието на безбедносните предизвици врз верскиот живот и животот во заедницата

Некои кривични дела од омраза се изолиран проблем, додека други се случуваат во сферата на контрола на организираните муслимански заедници. Таквите инциденти се безбедносен предизвик за заедниците, и затоа е потребно да се креираат политики за превенција, подготвеност и одговор на инциденти. Тие може на повеќе начини да влијаат на верскиот живот и животот на муслиманските заедници:

38 Пријавено во "Tell MAMA" национален проект во Обединетото Кралство за мониторинг на кривични дела од омраза против муслимани со британско или сомалиско потекло во 2017.

- Бидејќи муслиманите биле мета и додека се упатувале кон или се собирале во џамии, стравот од или вистинските искуства со кривични дела од омраза против муслиманите влијаат врз нивното чувство на безбедност кога учествуваат во верски практики или настани;

- Стравот може да ги наведе семејствата да го избегнуваат своето место за богослужба или да одбијат да присуствуваат на собири, особено со деца, поради високи безбедносни ризици;

- Плашејќи се од омраза и напади, лидерите на заедниците можат да изберат да го прикријат или јавно да не го откриваат времето и местото на настаните за празници или други прилики.

- Стравувајќи од напад, муслиманите може да се воздржат од носење исламска облека и брада или учество во други практики, што влијае на нивното право да ја манифестираат својата религија. Некои муслимански жени, кои носат различен тип на фустани поврзани со исламот, се само-цензурираат преку менување на нивниот изглед на различни начини или носат капа за да го сокријат нивниот видлив муслимански идентитет.

- Стравот од кривични дела од омраза може да има значителни ментални и психолошки влијанија врз идентитетот и самодовербата на лицата, создавајќи чувство на ментална и физичка изолација или наведувајќи ги да го ограничат отвореното практикување на нивната вера. Тоа може да ги предизвика муслиманите да се преиспитаат за нивниот верски идентитет и нивното учество во муслиманскиот верски живот;

- Долготрајната изложеност на кривични дела и инциденти од омраза без соодветна реакција од владините органи може да доведе до ситуација кога поединци или цели заедници размислуваат за емиграција или отселување од нивните сегашни локации или земји; и

- Друга потенцијална реакција е заедницата да одлучи да разгледа некој вид на самоодбрана, како што е набавка на оружје, што се поврзува со затворање или изолација на заедницата.

## Влијанието на безбедносните предизвици врз изразувањето на муслиманскиот идентитет

Муслиманите можат да се воздржуваат од покажување на нивниот верски идентитет на повеќе начини во одреден контекст. Некои чувствуваат дека не се во можност:

- Во текот на разговор да признаат дека се муслимани или да следат исламските практики како што се пост или молитва;

- Да носат исламска облека, брада, или предмет поврзан со исламот;
- Да се приклучат на муслиманска организација;
- Да најдат работа или да се запишат во образовна установа со име што укажува на муслимански идентитет;
- Да учествуваат на јавен исламски настан; и
- Да зборуваат арапски, урду или друг јазик што може да го изложи нивното муслиманско потекло.

Стравот дека ќе биде идентификуван како муслиман и потенцијалните реперкусии што ќе му дојдат на ум на лицето, значи дека тоа може да доведе до негово воздржување од такво однесување.

Според извештајот на Агенцијата на Европската унија за фундаментални права (ФРА) за *Второто истражување на Европската унија за малцинствата и дискриминацијата на муслиманите* од 2017 година:[39]

- „Поголем број испитаници од втората генерација доживеале вознемирување мотивирано од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето (36%) за разлика од испитаниците од првата генерација (22%)";
- „Околу 39% од муслиманските жени кои носат шамија или никаб во јавност велат дека во последните 12 месеци пред истражувањето се соочиле со несоодветно зјапање или навредливи гестови поради овој верски симбол; 22% доживеале вербални навреди или навредливи коментари; и 2% биле физички нападнати."

Во извештајот, исто така, се истакнува интерсекционалноста помеѓу „расата" и другите мотивации од пристрасност, наведувајќи дека „Севкупно, околу еден од четворица испитаници муслимани (27%) пријавиле дека доживеале вознемирување поради нивното етничко или имигрантско потекло најмалку еднаш во 12 месеци пред истражувањето. Тоа се речиси половина од сите испитаници муслимани од Супсахарска Африка во Германија (48%) и Финска (45%), до 13%–14% од испитаниците муслимани од Супсахарска Африка, Обединетото Кралство и Малта, соодветно."[40]

---

39 „Второ истражување на Европската Унија за малцинствата и дискриминацијата на муслиманите – избрани наоди", Агенција на Европската Унија за фундаментални права, 2017, <https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2017-eu-minorities-survey-muslims-selected-findings_en.pdf>.

40 Ибид.

## Влијанието на безбедносните предизвици врз муслиманските верски и културни институции

Поради нападите, некои муслимански служби за поддршка и верски институции сè повеќе размислуваат да спроведат, а некои веќе спроведуваат безбедносни мерки. Изразени напади врз џамии во кои се вклучени експлозивни направи доведоа во преден план да се стави загриженоста за безбедноста, меѓу останатите прашања што треба да се разгледаат.

По нападот во Крајстчерч, Нов Зеланд, многу муслимански заедници низ регионот на ОБСЕ се преплашени, а на некои привремено им беше обезбедена полициска заштита. На пример, по нападот, џамија во Унгарија доби краткорочна полициска заштита. Унгарската муслиманска заедница тогаш одлучи да започне да ангажира чувари за трајна заштита на џамијата.[41]

## Влијанието на безбедносните предизвици врз младите луѓе

Помладите муслимани на свој начин ја чувствуваат нетолеранцијата кон муслиманите. Понекогаш тие се принудени да веруваат дека треба да се извинат за работи врз кои немаат влијание и да се чувствуваат отфрлени поради нивната религија или култура. Тие може да чувствуваат дека треба да молчат кога се соочени со омразата кон муслиманите и применуваат автоцензурата. Тоа создава емотивна траума и може значително да влијае на менталното здравје.[42]

Во студијата „Исламофобијата во Даблин: Искуства и како да се одговори“, младите муслимани се потсетија на нивните искуства кога биле исклучени и злоупотребувани преку дискриминаторски практики од страна на наставниците, предавачите и соучениците. Тоа се манифестирало како вербална злоупотреба од соучениците и вработените; практики да ги исклучуваат можностите на студентките да носат хиџаб доколку така одлучат; и неуспех од страна на вработените да се справат со расизмот против муслиманите во училницата.

*„Бев на час по француски [катедрата на наставничката беше близу]… и девојката [на мојата клупа] ми вели: „Вистина татко ти е терорист?' Јас велам не, не е терорист, што мислиш ти? И девојката покрај мене почнува да зборува*

41 Одговори од прашалникот на ОДИХР за безбедносните потреби на муслиманските заедници и примери на добра пракса, добиени на 23 септември 2019 од Унгарската лига за одбрана на муслиманите (Magyar Iszlám Jogvédő Egyesület)

42 „Помагање на студентите да се справат со траумата поврзана со геополитичкото насилство и исламофобијата: водич за едукатори", Асоцијација на исламски социјални служби и Национален совет на муслиманите од Канада, <https://www.toronto.ca/ wp-content/uploads/2019/04/97e4-Geopolitical-Violence-and-Islamophopia.pdf>.

*… „да, Муслиманите Арапи се терористи“ и сето тоа… И откако се случи ова… а мојата наставничка по француски ми е и класна… отидов кај неа и ѝ велам ова се случи, тоа се случи, тоа се случи. [Таа одговори] „Извини, не можам ништо да направам [??]’ … Што??!! Тогаш го напуштив училиштето и отидов во приватно училиште.... Таму добив многу подобар третман…“*

*„Дете во одделението на мојот син [на телефонот/уредот] имал поставено тон на ѕвонење што е звук од експлозија на бомба ....и кога [мојот син] влегол во училницата [другото момче] го пуштило [звукот] на експлозија на бомба, а [мојот син] отишол кај неговата класна да пријави дека тоа е расистички, [класната] рекла, „Тоа не е расизам“’… [родител].”*[43]

Влијанието на нетолеранцијата или омразата кон муслиманите може да доведе до ситуации кога младите муслимани:

- Се соочени со вербална злоупотреба и навреди против муслимани, малтретирање на училиште, и лично и онлајн вознемирување и физички напади;
- Се сведоци на инциденти и кривични дела од омраза против муслимани, како и искажана нетолеранција кон муслимани онлајн на форуми за разговори, на платформи на социјалните мрежи и на веб-страниците;
- Страдаат од расистички и сексистички коментари, а сторителите користат таков пристап како начин да ги понижат и злоупотребат младите муслимански жени или ги стереотипизираат мажите како „терористи”, сексуални предатори” или „угнетени”;
- Го сведуваат физичкото движење само на одредени области и го ограничуваат времето за патување до и од работа или местата за пазарење — особено ако се жени и/или сами (тоа може да ја намали и нивната економска или социјална мобилност);
- Поверојатно е да страдаат од нетолеранција и предрасуди во јавниот превоз, како што е во автобуси и трамваи, метро станици и воз;
- Имаат повеќе тешкотии да се справат со нивниот муслимански идентитет отколку претходните генерации поради актуелната геополитичка клима; и
- Се изолираат од поширокото општество и се интегрираат со други муслимани за да се чувствуваат заштитени.

43 James Carr, “Islamophobia in Dublin: Experiences and how to respond”, Immigrant Council of Ireland, Dublin, 2016.

Ова писмо беше пронајдено во автобус во Лондон во кое се опишува како се чувствува тинејџерка муслиманка по терористичкиот напад во Вестминстер:

*Драго непознато лице*
*Те молам прочитај го моето писмо*
*Од една муслиманка*

*Драг Лондон, јас сум лондончанка на возраст од 14 години и исто така сум црна муслиманка. По трагедиите од нападот во Вестминстер, одлучив дека сакам да направам нешто. „Ужасно, ужасно нешто се случи во срцето на Лондон, место кое многу го сакам. Откако слушнав за нападот, бев многу вознемирена и исплашена за луѓето од Лондон и за жртвите. Следниот ден станав рано, и додека ги гледав вестите, се присетив дека ќе одам на училиште и дека луѓето ќе очекуваат одговори. Кога излегов низ вратата во 8.15 часот како и обично, и ги видов познатите лица од моето секојдневие, се прашував што ли си мислат и дадов сѐ од себе додека одев да бидам насмеана, надевајќи се дека ќе ми ја возвратат насмевката. Некои ми возвратија на насмевката, некои не. Влегов во форма и додека зборувавме за актуелните случувања, почувствував дека сите очи се вперени во мене. Почувствував дека се зацрвенив и дека ми е наеднаш жешко – речиси и како да сум виновна? За што треба да бидам виновна? Не можев да одредам дали сум параноична или погледите беа свртени кон аголот на собата каде што седев. Отидов на првиот час и една девојка ме праша каде бев претходната вечер, се насмеав, бидејќи знаев дека се шегува и дека луѓето така постапуваат кога не знаат што да кажат. Не треба се прави така или да му се каже нешто на ваш соученик или колега муслиман. Ние сме муслимани, но, не сакаме да повредуваме. Ние не сме терористи. Секоја сабота поминувам покрај Вестминстер, и сега морав два пати да размислам за тоа. Бев преплашена дека можеби ќе бидам нападната поради многуте етикетирања само заради носењето хиџаб… Имам тенденција да правам многу дигресии додека пишувам, и затоа ќе преминам на суштината. Јас сум вреден работник и не посакувам ништо повеќе од тоа да го завршам образованието и да станам адвокат, и Лондон е мојот дом и сакам тоа да се случи овде. Понекогаш се прашувам дали тоа ќе се случи и дали ќе можам да најдам работа 10 години подоцна. Се надевам дека ќе можам. Страшно е да се биде муслиман додека се случуваат овие ужасни терористички дела и се надевам дека ќе можам сѐ уште да живеам тука за 50 години и дека моите деца ќе можат да ја видат убавината на Лондон и прекрасните луѓе кои живеат тука. Тоа што го чувствувам е премногу за да можам да го искажам на хартија и се надевам дека добро ја пренесов мојата порака за оној што го чита ова. Мојата последна надеж, како и надежта на многу луѓе, е мирот. Ви благодарам што го прочитавте ова. Ми требаше време за да го напишам ова писмо, и може ќе одлучите да го стуткате и фрлите, да го зачувате или да го оставите да го прочита и некој друг. Сѐ што барам е некој да научи нешто од ова писмо, дури и ако сѐ што ќе научи е дека имам ужасен ракопис.“*[44]

## Зголемена ранливоста на муслиманските жени на кривични дела од омраза

Според проектот Заборавени жени на ЕНАР, во поголемиот дел од земјите вклучени во истражувањето (Белгија, Франција, Германија, Италија, Холандија, Шведска и Обединетото Кралство), жените муслиманки е поверојатно да страдаат од насилство мотивирано од пристрасност отколку мажи муслимани, и тоа вообичаено се случува во јавен простор. Таквите напади вклучуваат вербална злоупотреба, говор на омраза, закани и физичко насилство. На пример, во Холандија, жените во над 90 проценти биле жртви на инциденти против муслимани, пријавени во граѓанската организација *Meld Islamophobie* во 2015.[45] Исто така, во 2014, 81.5 проценти од жените биле мета на насилството против муслимани, евидентирано од организацијата Колектив против Исламофобијата во Франција, и повеќето од нив носеле видлива муслиманска облека.[46] Доказите посочуваат дека мета на сторителите на злоупотреба врз муслимани биле жени муслиманки поради видлива муслиманска облека, но, и поради забележаната ранливост кај нив, што ги прави „лесна мета" за злоупотреба.

Видот на злоупотреба што ја доживуваат мажите и жените исто така може да биде различен. Како што беше претходно споменато во врска со влијанието на нетолеранцијата или омразата врз младите муслимани, реториката за поделба со муслиманите исто така има родова компонента. На пример, конструирана е идејата дека муслиманите се „мизогини", „подложни на екстремизам" и „сексуално девијантни."[47]

Овие различни влијанија се причината поради која податоците за кривичните дела од омраза треба да бидат расчленети не само според мотивацијата од пристрасност против муслиманите, туку и според полот и родот на жртвата со цел да се добие подобра, попрецизна слика не само за распространетоста, туку и за трендовите во кривични дела од омраза. За жал, ова сè уште не е стандардна практика во многу земји на ОБСЕ.

---

44 "Драго непознато лице, те молам прочитај го моето писмо. Од – муслиманка", 3 април 2017, објавено во Metro.co.uk, <https://metro.co.uk/2017/04/03/dear-stranger-please-read-my-letter-from-a-muslim-6551982/?ito=cbshare>.

45 Заборавени жени: влијанието на исламофобијата врз муслиманските жени, ЕНАР, 2016, <http://www.enar-eu.org/IMG/ pdf/factsheet9-european_lr_1_.pdf>

46 *Ибид.; види исто Abu-Lughod, Lila, Do Muslim Women Need Saving?, (Cambridge, Mass: Harvard University Press, 2013) pg. 336.*

47 A. Gil and K. Harrison, *Child Grooming and Sexual Exploitation: Are South Asian Men the United Kingdom Media's New Folk Devils?*, International Journal for Crime, Justice and Social, 2015.

# ВТОР ДЕЛ:

## Меѓународни стандарди за нетолеранција кон муслиманите

# I. ЗАЛОЖБИ И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

## Заложби за човекова димензија на ОБСЕ

Земјите-учеснички на ОБСЕ постојано го осудуваат и се залагаат да се справат со „тоталитаризмот, расната и етничката омраза, ксенофобијата и дискриминацијата против секого, како и прогонот врз верска и идеолошка основа“, почнувајќи од Копенхашкиот документ на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа во 1990 година, пред ОБСЕ да биде официјално основана како организација.[48]

ОБСЕ ја истакна важноста на следењето на кривични дела од омраза, вклучително и кривични дела мотивирани од нетолеранција кон муслиманите:

- Во Мастрихт во 2003 година, земјите-учеснички на ОБСЕ беа охрабрени: „да собираат и да водат евиденција за веродостојни информации и статистика за кривични дела од омраза, вклучително и за формите преку кои насилно се покажува расизам, ксенофобија, дискриминација”;[49] и

- Во Љубљана во 2005 година, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права доби задача да „им помогне на земјите-учеснички, на нивно барање, во развојот на соодветни методологии и капацитети за собирање и чување на веродостојни информации и статистички податоци за кривични дела од омраза и насилно манифестирање на нетолеранција и дискриминација, со цел да им помогне да соберат споредливи податоци и статистика”.[50]

Овие повици се предводеа од потребата за следење и мерење на кривичните дела од омраза во земјите-учеснички на ОБСЕ.

Во 2006 и 2007 година беа усвоени дополнителни одлуки на Министерскиот совет, и истите се однесуваат на толеранцијата и недискриминацијата, односно:

- Се потврди „потребата од решителност на земјите-учеснички за борба против сите дела и манифестирање на омраза, вклучувајќи ги и кривични дела од омраза, признавајќи дека напорите потребни за нивно решавање често вклучуваат заеднички пристап, и истовремено прифаќајќи ја уникатноста во манифестирањето и историската позадина на секоја од тие форми;[51] и

---

48 „Документ за состанокот на конференцијата за човековата димензија на Комисијата за безбедност и соработка во Европа”, 29 јуни 1990, параграф 40, <http://www.osce.org/odihr/elections/14304?download=true>.

49 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 4/03, “Толеранција и недискриминација”, 2 декември 2003, Мастрихт, <https://www.osce.org/mc/19382?download=true>.

50 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 10/05, “Толеранција и недискриминација: унапредување на заемното почитување и разбирање”, 6 декември 2005, Љубљана, <https://www.osce.org/mc/17462?download =true>.

51 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр:13/06, Брисел, *op. cit.*, note 4.

- Се прифати дека „примарната одговорност за решавање на делата на нетолеранција и дискриминација е на земјите-учеснички, вклучувајќи ги и нивните политички претставници."[52]

Различни одлуки на Министерскиот совет ја признаа потребата да се развијат сеопфатни одговори на широкиот спектар на кривични дела од омраза, вклучително и кривични дела од омраза против муслиманите.

- Одлуката на Министерскиот совет бр. 13/06 ги повика „земјите-учеснички да се справат со основните причини за нетолеранција и дискриминација преку поттикнување на развојот на сеопфатни домашни образовни политики и стратегии, како и преку мерки за зголемување на свеста кои [...] имаат за цел да спречат нетолеранција и дискриминација, вклучително и против христијаните, Евреите, муслиманите и припадниците на другите религии".[53]

- Одлуката на Министерскиот совет бр. 10/07 повикува на „континуирани напори од страна на политичките претставници, вклучувајќи ги и пратениците, за силно отфрлање и осудување на манифестиран расизам, ксенофобија, антисемитизам, дискриминација и нетолеранција, вклучително и против христијаните, Евреите, муслиманите и припадниците на другите религии, како и насилно манифестирање на екстремизам поврзано со агресивен национализам и неонацизам, истовремено продолжувајќи да ја почитуваат слободата на изразување".[54]

Исто така, на пример, во 2009 година, земјите-учеснички се обврзаа на следното:

- „Да собираат, одржуваат и јавно објавуваат веродостојни податоци и статистички податоци во доволно детали за кривичните дела од омраза и насилното манифестирање на нетолеранција, вклучувајќи го и бројот на случаи пријавени во полицијата, бројот на кривични обвиненија и изречени казни;

- Да донесат, каде што е соодветно, посебно и прилагодено законодавство за борба против кривичните дела од омраза, обезбедувајќи ефективни казни кои ја земаат предвид тежината на таквите кривични дела;

- Да преземат соодветни мерки за охрабрување на жртвите да пријавуваат кривични дела од омраза, признавајќи дека недоволното пријавување на кривични дела од омраза ги спречува државите да креираат ефикасни политики. Во таа насока, како комплементарни мерки да се разгледаат начините за олеснување на придонесот од граѓанското општество во борбата против кривични дела од омраза;

52 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр:.10/07, Мадрид, *op. cit.*, note 9.

53 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 13/06, Брисел, *op. cit.*, note 4.

54 Министерски совет на ОБСЕ Одлука бр: 10/07 Мадрид, *op. cit.*, note 9.

- Да воведат или понатаму да ги развиваат професионалните обуки и активности за градење капацитети на полицијата, обвинителството и судските службеници кои работат со кривични дела од омраза;

- Во соработка со релевантни и доверливи чинители, да истражат начини како на жртвите на кривични дела од омраза да им се обезбеди пристап до советување, правна и конзуларна помош, како и ефективен пристап до правда;

- Неодложно да започнат истрага за кривични дела од омраза и да обезбедат дека мотивите на осудените за кривични дела од омраза се признаени и јавно осудени од страна на релевантните органи и од политичкото раководство;

- Да обезбедат соработка, каде што е соодветно, на национално и меѓународно ниво, вклучително и со релевантните меѓународни тела и меѓу полицијата, за борба против насилниот организиран криминал од омраза; и

- Да вложат напори за подигнување на свеста и едукација, особено кај полициските органи, насочени кон заедниците и релевантните групи на граѓанското општество кои им помагаат на жртвите на кривични дела од омраза."[55]

*Насоките за едукатори за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата на муслиманите* на ОБСЕ, УНЕСКО и Советот на Европа од 2011 година, ја потврдија потребата дека лицата во образовните институции и на влијателни позиции треба да работат на разбирање на манифестираната нетолеранција кон муслиманите во овие институции и да користат методи за намалување и спротивставување на нетолеранцијата за да може да се спроведат активни позитивни промени со кои ќе се оспори оваа појава.[56]

На состанокот на министерскиот совет во Киев во 2013 година, земјите-учеснички на ОБСЕ ја нагласија „врската помеѓу безбедноста и целосното почитување на слободата на мислата, совеста, религијата или верувањето" и ја изразија својата длабока загриженост за „непрекинатите дела на нетолеранција и насилство врз поединци и религиозни или верски заедници врз основа на мислата, совеста, религијата или верувањето низ целиот свет". Министерскиот совет ги повика земјите-учеснички:

- „Да имаат за цел да се спречи нетолеранцијата, насилството и дискриминацијата врз основа на религија или уверување, вклучително и против христијаните, Евреите, муслиманите и припадниците на другите религии, да се осуди насилството и дискриминацијата врз верска основа и да се настојува да се спречат и заштитат од напади лица или групи врз основа на мисла, совест, религија или верување.

---

55 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука 9/09, Атина, *op. cit.*, note 20.

56 *Упатства за едукатори за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата на муслимани*, *op. cit.*, note 14.

- Да промовираат дијалог меѓу религиозните или верските заедници и владините тела, вклучувајќи, и каде што е потребно, за прашања поврзани со употребата на места за богослужба и верски имот; и

- Да донесат политики за да се унапреди почитувањето и заштитата на местата за богослужба и верските објекти, верските споменици, гробиштата и светилиштата од вандализам и уништување."[57]

## Европска Унија

Рамковната одлука на Европската Унија (ЕУ) за борба против расизмот и ксенофобијата[58] ги обврзува сите земји-членки на ЕУ да го разгледаат своето законодавство и да обезбедат усогласеност со одлуката. Таа има за цел да го усогласи кривичното право низ ЕУ и да обезбеди дека државите ќе одговорат со ефективни, пропорционални и разубедувачки казни за расистички и ксенофобични кривични дела. Иако голем дел од одлуката се однесува на кривични дела поврзани со говор на омраза, член 4 наведува дека, во сите други видови на кривични дела, сите држави мора „да ги преземат потребните мерки за да обезбедат дека расистичката и ксенофобичната мотивација се сметаат за отежнувачка околност, или, алтернативно, дека таквата мотивација може да биде земена предвид од судовите при одредувањето на казните." Според член 8, отворањето на истрага или кривично гонење за расистички и ксенофобични дела не треба да зависи од пријавувањето или обвинувањата од жртвата. Иако со одлуката не се бара да се донесе посебен закон, сепак се бара од кривично-правниот систем да ги препознава и соодветно казнува кривичните дела мотивирани од пристрасност, притоа ставајќи ја одговорноста на истражителите и обвинителите да ги изнесат тие предмети пред судот.

Во однос на жртвите на кривични дела од омраза, Директивата за жртви ги идентификува жртвите на кривично дело од омраза како особено изложени на ризик од секундарна или повторна виктимизација.[59] Овој ризик треба да се процени од страна на органите за спроведување на законот во најраната можна фаза на кривичната постапка како дел од индивидуалната проценка на жртвата. Посебните мерки за заштита предвидени во Директивата за жртвите треба да се применуваат онаму каде што е потребно, покрај заштитата што се дава на жртвата на какво било кривично дело."[60]

---

57 Министерски совет на ОБСЕ Одлука бр: 3/13, Киев, op. cit., note 3.

58 Рамковна одлука на Советот, „Борба против одредени форми и изразувања на расизам и ксенофобија преку кривичниот законик, 28 ноември 2008, 2008/913/JHA, <https://ec.europa.eu/info/policies/justice-and-fundamental-rights/combatting-discrimination/racism-and-xenophobia/combating-racism-and-xenophobia_en>.

59 Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела, и замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220/JHA, <https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32012L0029>.

60 *Гонење на кривични дела од омраза: Практичен водич*, (Варшава: ОБСЕ/ОДИХР, 2014) <https://www.osce.org/odihr/prose- cutorsguide?download=true>.

## Меѓународно право за човекови права, стандарди на Советот на Европа и Обединетите нации

Универзалната декларација за човекови права ја утврдува универзалната заштита на основните човекови права.[61] Преку манифестирање на нетолеранција кон муслиманите на разни начини се оспоруваат, поткопуваат или кршат основните принципи на човековите права содржани во Декларацијата, како што се достоинството на сите човечки суштества, слободата на религијата или верувањето и недискриминацијата.

Според меѓународното право за човекови права, владите имаат обврска да ги почитуваат, штитат и исполнуваат човековите права. Тие ги презедоа овие обврски преку ратификација на меѓународните договори за човекови права, како што се Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП)[62] и Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП).[63] Обврската за почитување значи дека самите држави не смеат да ги ускратуваат човековите права. Обврската за заштита значи дека државите имаат позитивна должност да ги заштитат поединците и групите од повреди на човековите права. Обврската за исполнување значи дека владите мора да преземат позитивни активности за да го олеснат гарантирањето на човековите права за сите.[64] Овие обврски се однесуваат директно на одговорностите на државите во справувањето со нетолеранцијата кон муслиманите и антисемитизмот, како само два примери на омраза кон верските заедници.

Меѓународните договори за човекови права содржат голем број одредби кои се особено релевантни за решавање на нетолеранцијата против муслиманите. Преамбулата на МПГПП, на пример, го истакнува „вроденото достоинство на човечката личност“ и правото на „ослободување од страв“, кои се прекршени со нападите врз муслимани.[65] МПГПП и ЕСЧП го инкорпорираат и принципот на недискриминација, вклучително и посебното признавање на дискриминација на основ на религија, што е клучен предуслов во справувањето со омразата против верските заедници, како што е нетолеранцијата кон муслиманите или антисемитизмот.

И МПГПП (член 6) и ЕКЧП (член 2) ги обврзуваат државите да го заштитат правото на живот. Овие одредби се особено релевантни за најлошите видови на напади против муслимани, односно, нападите со кои се одзема нечиј живот или се закана по животот на поединци.

---

61 Генерално Собрание на ОН, „Универзална декларација на човековите права”, 10 декември 1948, 217 A (III), <http://www. ohchr.org/EN/UDHR/Documents/UDHR_Translations/eng.pdf>.

62 Генерално Собрание на ОН, „Меѓународен пакт за граѓански и политички права”, 16 декември 1966, <http://www. ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx>.

63 Совет на Европа, „Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи”, 4 ноември 1950, <http://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/rms/0900001680063765>.

64 Канцеларија на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права, „Меѓународно право за човекови права”, ohchr. org, <http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/InternationalLaw.aspx>.

65 Генерално Собрание на ОН, „Меѓународен пакт за граѓански и политички права”, 16 декември 1966, <http://www. ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx>.

Државите, исто така, имаат обврска според МПГПП (член 18 и 27) и ЕКЧП (член 9) да го почитуваат, штитат и исполнуваат правото на слобода на религијата или верувањето за сите. Комитетот за човекови права на Обединетите нации, надзорно тело за МПГПП, јасно утврди дека слободата на вероисповед вклучува широк спектар на дејствија, вклучувајќи ја и слободата да се градат места за богослужба, да се користат ритуални формули и предмети, да се прикажуваат симболи, да се почитуваат празниците и се носи карактеристична облека или покривки за глава.[66] Обврските на државите да ги исполнат овие права, се разбира, се однесуваат на исламот, како и на другите религии.

Декларацијата на Обединетите нации за елиминација на сите форми на нетолеранција и дискриминација врз основа на религија или верување, предвидува дека државите треба „да ги преземат сите соодветни мерки за борба против нетолеранцијата врз основа на религија или други верувања", што посочува на одговорност во борба против нетолеранцијата кон муслиманите.[67]

Според меѓународното право, правото на слобода на религија или верување и слобода на изразување не даваат и право на застапување за верувања кои поттикнуваат дискриминација, непријателство или насилство кон другите. Членот 19(2) од МПГПП предвидува дека остварувањето на правото на слобода на изразување „со себе носи посебни должности и одговорности" и почитувањето на правата или угледот на другите и заштитата на националната безбедност, јавниот ред или јавното здравје и моралот се наведени како легитимна основа за ограничување на тоа право. „На слободата на изразување влијае и членот 20(2), кој бара од државите-членки да забранат застапување за национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, омраза или насилство." Меѓународните стандарди не го забрануваат секое застапување на омраза. Член 4(а) од Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (ЦЕРД) и член 20(2) од МПГПП ставаат услов за државите да го ограничат застапувањето за омраза што поттикнува дискриминација, непријателство или насилство. Понатаму, член 4(а) од ЦЕРД, исто така, го забранува самото „ширење на идеи врз основа на расна супериорност или омраза» без упатување на поттикнување.[68]

Комитетот за човекови права, во својот Општ коментар 22 за МПГПП, наведе дека оваа одредба 20(2) е важна заштита против кршење на правата на верските

---

66 Комитет за човекови права на ОН, „Општ коментар 22, член 18 (четириесет и осма седница, 1993)", umn.edu, <http:// hrlibrary.umn.edu/gencomm/hrcom22.htm>.

67 Генерално Собрание на ОН, Резолуција 36/55, „Декларација на ОН за елиминирање на сите форми на нетолеранција и дискриминација на основ на религија или верување" параграф 4, 25 ноември 1981, <http://www.un.org/docu-ments/ga/res/36/a36r055.htm>. Како резолуција на Генералното собрание, декларацијата не е законски обврзувачка за државите, иако претставува меѓународен стандард за постапување.

68 *Слободата на религијата или верувањето и безбедноста: Упатства за политики*, (Варшава: ОБСЕ/ОДИХР, 2019) <ttps://www.osce. org/odihr/429389?download=true>.

малцинства и против дела на насилство или прогон насочени кон тие групи.[69] Специјалниот известувач на Обединетите нации за слободата на религијата или верувањето истакна дека „државите имаат обврска според меѓународното право и јуриспруденција ... да го гарантираат правото на малцинствата на слобода на религијата и практикување на религијата, во меѓународно договорени граници. Државата останува одговорна дури и кога се вршат злоупотреби врз малцинствата од страна на недржавни субјекти, како што се екстремистички групи. Од државите, исто така, се бара да создадат услови за промовирање на идентитетот, вклучувајќи го и религиозниот идентитет на малцинствата."[70]

„Планот за акција од Рабат за забрана на застапување на национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство, е необврзувачки текст што, сепак, доби широко одобрување од меѓународната заедница."[71] Во него се наведени шест фактори за да се утврди дали говорот претставува „поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство" и е доволно сериозен за да даде гаранција за рестриктивни правни мерки.

Тие шест критериуми се: контекст, говорник (вклучувајќи го и ставот на поединецот или организацијата), намера, содржина или форма, обем на говорот и веројатност да се нанесе штета (вклучувајќи и неизбежност).[72]

Додека правото да се има мислење и слободата да се има или да се усвои религија или верување по сопствен избор не смеат да бидат предмет на никакви ограничувања, манифестирањето на религиозни или други верувања можат да бидат ограничени од страна на земјите-учеснички, но само кога тие ограничувања имаат легитимна цел, на пример, заштита на јавната безбедност, редот, здравјето или моралот, или правата и слободите на другите. Сепак, овие ограничувања не смеат да бидат насочени против одредена религија.[73] „Критериумот „легитимна цел" значи дека ограничувањата можат да се применуваат само за цели за кои тие се пропишани во одредбите во однос на слободата на религија или верување и не се дозволени врз основа на причини кои не се наведени во меѓународните инструменти, дури и ако овие основи би биле дозволени како ограничувања на други човекови права и основни слободи. Во овој поглед, меѓународното право не ги признава

69 Комитет за човекови права на ОН, „Општ коментар 22, член 18 (четириесет и осма седница, 1993)", umn.edu, <http:// hrlibrary.umn.edu/gencomm/hrcom22.htm>.

70 Специјален претставник на ОН за слобода на религија или верување, „Времен извештај на Специјалниот известувач на Комисијата за човекови права за елиминирање на сите форми на нетолеранција и дискриминација на основ на религија или верување", 8 септември 2000, параграф 138, стр.29, <https:// documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/ N00/637/11/PDF/N0063711.pdf?OpenElement>.

71 *Слободата на религијата или верувањето и безбедноста: Упатства за политики*, *op. cit.*, note 69.

72 Ибид.

73 *Спречување на тероризмот и борба против насилниот екстремизам и радикализација што водат кон тероризам: Пристап за полициско работење во заедницата, (Варшава, ОБСЕ/ОДИХР, 2014)* <https:// www.osce.org/atu/111438>.

„безбедноста“ или „националната безбедност“ како дозволена основа за ограничување на манифестирањето на слободата на религија или верување“.[74]

Според член 2.3 од МПГПП и член 13 од ЕКЧП, државите исто така се обврзани да обезбедат достапни ефективни правни лекови за луѓето чии човекови права се прекршени. Декларацијата на Обединетите нации за основните принципи на правдата за жртвите на кривични дела и злоупотреба на моќта наведува дека жртвите на кривични дела, кои вклучуваат жртви на кривични дела од омраза против муслиманите, треба:

- Да бидат третирани со сочувство и почитување на нивното достоинство;
- Да имаат право на пристап до механизмите на правдата и да добијат брза правна помош, како што е предвидено со националното законодавство, за штетата што ја претрпеле; и
- Да им се обезбеди соодветна помош во текот на целиот правен процес.[75]

Покрај тоа, Декларацијата предвидува дека жртвите треба да добијат надомест. Кога таков надомест не е целосно достапен од сторителот или од други извори, државите треба да настојуваат да обезбедат финансиски надомест за жртвите и нивните семејства. Декларацијата вклучува и други одредби релевантни за справување со нападите врз муслимани, истакнувајќи дека:

- Полицијата, правосудството, здравството, социјалните служби и другиот кадар треба да добијат обука за да се сензибилизираат за потребите на жртвите, како и насоки за да обезбедат соодветна и брза помош; и
- При обезбедувањето услуги и помош на жртвите, треба да се обрне внимание на оние кои имаат посебни потреби поради природата на нанесената штета, особено бидејќи суштински дел од идентитетот на едно лице е мета на кривично дело од омраза.

Државите, исто така, имаат одредени одговорности во однос на превенцијата на кривичните дела, иако повеќето од овие обврски не се вградени во меѓународните договори за човекови права. Упатствата на Обединетите нации за превенција на кривични дела содржат препораки за ефикасна превенција на кривичните дела:

- „Сите нивоа на власт имаат одговорност да го создадат, одржат и унапредат контекстот во кој релевантните владини институции и сите сегменти на

74 Ибид.

75 Генерално Собрание на ОН, Резолуција 40/34, „Декларација за основните принципи на права да жртвите на кривични дела и злоупотреба на моќ”, 29 ноември 1985, <http://www.un.org/documents/ga/res/40/a40r034.htm>.

граѓанското општество можат подобро да ја одиграат својата улога во превенцијата на кривичните дела;

- „Превенција на кривични дела“ вклучува справување со стравот од кривични дела;
- Вклученоста на заедницата и соработката/партнерствата претставуваат важни елементи на концептот на превенција за кривични дела;
- Стратегиите за превенција на кривични дела треба да ги земат предвид посебните потреби на ранливите категории во општеството;
- Активното учество на заедниците и другите сегменти на граѓанското општество е суштински дел од ефикасната превенција на кривични дела;
- Владините структури треба да негуваат партнерства со невладините организации за превенција на кривичните дела; и
- Владите треба да го унапредуваат капацитетот на заедниците за да одговорат на нивните потреби.”[76]

## II. КЛУЧНИ ПРИНЦИПИ

Следните принципи треба да ја дадат основата за владиниот одговор на кривичните дела од омраза против муслиманите и за решавање на растечките безбедносни потреби на муслиманските заедници. Пристапите на земјите-учеснички кон кривичните дела од омраза против муслиманите и безбедносните предизвици треба да бидат:

### 1. ЗАСНОВАНИ НА ПРАВАТА

Пристап заснован на човековите права е концептуална рамка заснована на меѓународните стандарди за човекови права, насочена кон унапредување и заштита на човековите права.[77]

Во однос на нетолеранцијата кон муслиманите, со пристапот заснован на права се прифаќа дека манифестирањето на таква нетолеранција ги оспорува, поткопува или прекршува основните принципи на човековите права, како што се

76 Економски и социјален совет, Резолуција 2002/13, „Упатства на Обединетите нации за превенција на криминал, Економски и социјален совет”, 2002, Анекс, <https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/crimepreven- tion/resolution_2002-13.pdf>.

77 Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации, „Често поставувани прашања за пристапот заснован на човековите права во развојната соработка”, Њујорк и Женева, 2006, стр.15, <http://www.ohchr. org/Documents/Publications/FAQen.pdf>.

достоинството на сите човечки суштества, слободата на религијата или верувањето, недискриминацијата и правото на ефикасен правен лек. Справувањето со нетолеранцијата кон муслиманите е интегрален дел од унапредувањето и заштитата на човековите права на засегнатите поединци и заедници.

Пристапот заснован на правата е исто така основен начин да се обезбеди социјална кохезија и интеграција на сите заедници, од кои некои се и муслимански. Дополнително, поврзаноста на континуираната виктимизација на муслиманите и нивната маргинализација и прифатеност од други групи може да ги засилат понатамошните поделби. Една неодамнешна студија спроведена во Франција покажа дека кај муслиманите кои биле изложени на дискриминација има поголема веројатност да го променат своето однесување како одговор на мерките за борба против тероризмот. Затоа, поголемата склоност на муслиманите да го променат своето однесување како одговор на мерките за борба против тероризмот не се должи на тоа што тие се муслимани, туку на фактот дека муслиманите се премногу застапени меѓу жртвите на дискриминација.[78]

Намалувањето на кривичните дела од омраза против муслимани и поддршката на жртвите во најкус рок, помага да се ублажи влијанието врз социјалната кохезија и, во некои случаи, го намалува прифаќањето на екстремистичката реторика која го искористува размислувањето „ние наспроти нив“ и се засилува поради ранливоста на жртвите.

Пристапот заснован на човековите права за справување со безбедносните предизвици со кои се соочуваат муслиманските заедници поради кривичните дела од омраза против муслимани треба да се заснова на разбирањето дека земјите-учеснички на ОБСЕ имаат обврска да ги заштитат верските заедници од напади и дека подлежат на разни меѓународни законски одредби, како што е наведено погоре. Ваквиот пристап гарантира дека сите мерки наменети за справување со нападите врз муслимани се целосно усогласени со меѓународните стандарди за човекови права и со соодветните норми.

Важно е да се напомене дека владите и полициските служби имаат должност да ги заштитат човековите права, без разлика дали преку превенција на кривични дела или справување со кривични дела. Оваа основна должност мора да им биде објаснета и да биде разбрана од практичарите во клучните институции.

---

78 Francesco Ragazzi, Stephan Davidshofer, Sarah Perret and Amal Tawfik, *The Effects of Counter-Terrorism and Counter-Radicalisation Policies on Muslim Populations in France: A Quantitative Study*; (Paris: CCLS, 2019).

## 2. ФОКУСИРАНИ НА ЖРТВАТА

Одлуката на Министерскиот совет бр. 9/09 за борба против кривични дела од омраза потврди дека жртвите на кривични дела од омраза може да припаѓаат и на малцинските и на мнозинските заедници и советува:

Во соработка со релевантни и доверливи чинители, да се изнајдат начини за да им се обезбеди на жртвите на кривични дела од омраза пристап до советување, правна и конзуларна помош, како и ефективен пристап до правдата; и

Да се вложат напори за подигнување на свеста и за едукација, особено кај органите за спроведување на законите, и насочени кон заедниците и групите од граѓанското општество кои им помагаат на жртвите на кривични дела од омраза.

Иако земјите-учеснички на ОБСЕ формално го прифатија пристапот фокусиран на жртвите за справување со кривичните дела од омраза и дискриминацијата,[79] преостанува уште многу работа за да оваа обврска стане реалност. Во пристапот фокусиран на жртвата, централно место има жртвата на кривични дела од омраза против муслимани, притоа прифаќајќи ја перцепцијата и искуството на жртвата и давајќи им посебна важност на правата и потребите на жртвата. Пристапот фокусиран на жртвата може:

- Да помогне да се поддржи поголемата соработка со полицијата преку подобар ангажман и градење доверба со муслиманските заедници и подигање на свеста за правата на жртвите;
- Да ги подобри односите со муслиманската заедница и организациите базирани во заедницата за да се зголеми довербата за пријавувањето на напади;
- Да ги земе предвид чувствата, емоциите, мислите и влијанијата врз жртвата;
- Да обезбеди дека „гласот на жртвите" е слушаат во моменти кои може да бидат застрашувачки и збунувачки за многу поединци кои биле мета и ги охрабрува да го пријават злосторството;
- Да им внесе доверба на жртвите на кривични дела од омраза да пријавуваат инциденти, додека добиваат соодветна поддршка од агенции и групи на граѓанското општество кои работат како трети страни за известување за кривични дела од омраза;

79 Министерски совет на ОБСЕ Одлука 9/09, Атина, *op. cit.*, note 20.

- Да се олесни учеството на жртвите во кривичните постапки и на жртвите да им се понудат одредени минимални информации за правата и процедурите од нивниот прв контакт со надлежен орган;

- Да обезбеди ефикасна заштита на жртвите на кривични дела од омраза преку избегнување на секундарна виктимизација и заштита на достоинството на жртвата и обезбедување навремена, индивидуална проценка за да се идентификува специфична заштита; и

- Да обезбеди да се работи со властите на обезбедување соодветни услуги за поддршка, кои се однесуваат на потребите на жртвата.

Канадскиот Закон за правата на жртвите ја дефинира жртвата како „лице кое претрпело физичка или емоционална повреда, имотна штета или економска загуба како резултат на извршување или наводно извршување на кривично дело“.[80] За секоја жртва, законот предвидува право на информации, заштита, учество и право да бара надомест. По утврдувањето на вината, жртвите имаат право да дадат изјава пред судот за влијанија врз жртвата и истата да се земе предвид при изрекувањето на казна (дел 722 од Кривичниот законик). Изјавата за влијанија врз жртвата е писмена изјава напишана од жртвата каде се дава опис на физичката или емоционалната повреда, имотната штета или економската загуба што била претрпена како резултат на кривичното дело. Судот мора да ја земе предвид изјавата за влијанието врз жртвата при изрекувањето казна на сторителите.[81]

Пристапот фокусиран на жртвата ја нагласува свесноста за влијанието што кривичните дела од омраза против муслиманите го имаат врз поединците и заедниците. Дури и ако мета на кривичното дело од омраза против муслиманите е имот, пораката се испраќа до целата заедница. Други столбови на пристапот фокусиран на жртвата се однесуваат на разгледување на потребите на секоја жртва во текот на кривично-правниот процес или друга постапка, како и прифаќање на мотивацијата од пристрасност од страна на властите (на пример, во евидентирањето на кривично дело од омраза, во покренување обвиненија, во пресудата, во надоместот).

Пристапот фокусиран на жртвата не треба да се применува само кога жртвата пријавува или кога прв пат се разговара со жртвата. Жртвата треба да биде ангажирана во текот на истрагата и треба редовно да се информира и поддржува, дури и откако случајот е завршен или кога доказите не се достапни, бидејќи поддршката што се обезбедува во текот на процесот може да помогне во воспоставувањето

80 Канадски закон за правата на жртвите: https://laws-lois.justice.gc.ca/eng/acts/C-23.7/page-1.html

81 Влада на Канада, Кривичен закон, види: <https://laws-lois.justice.gc.ca/eng/acts/c-46/section-722-20150723.html>.

подобри односи со заедницата, а жртвата да се чувствува дека добила целосна поддршка.

*Жртвите на кривични дела од омраза во кривично-правниот систем: Практичен водич* на ОДИХР има за цел да ги поддржи жртвите на кривични дела од омраза во текот на кривично-правниот процес. Водичот е наменет за органите за спроведување на законот и судските власти, како и за граѓанските организации кои обезбедуваат помош за жртвите на кривични дела. Водичот ги мапира потребите на жртвите на кривични дела од омраза и ги претставува главните принципи до кои државите треба да се придржуваат кога постапуваат со такви жртви. Водичот има за цел да ги зајакне жртвите на кривични дела од омраза и тие да станат издржан партнер на органите на прогонот, истовремено почитувајќи ги и исполнувајќи ги нивните потреби за заштита и поддршка. ОДИХР ќе работи со земјите-учеснички и граѓанското општество со цел препораките од Водичот да се спроведуваат низ целиот регион во полза на жртвите на кривични дела од омраза.[82]

Обединетите нации, исто така, ја препознаа важноста на пристапот фокусиран на жртвите за да се спречат прекршувањата на човековите права. Високиот комесар за човекови права, на пример, препорача да се спроведуваат одредбите за обезбедување ефективни правни лекови за жртвите, нагласувајќи ја важноста од воспоставување на ефективни механизми за мониторинг со цел проверка на актуелните и потенцијалните прекршувања.[83]

Покрај тоа, Директивата на Европската унија од 2012 година ги утврдува минималните стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела, вклучувајќи ги и кривичните дела од омраза, и предвидува дека жртвите на кривични дела треба да се третираат со почит и да добијат соодветна заштита, поддршка и пристап до правда.[84] Оваа Директива дава најголема важност на добросостојбата на жртвата; експлицитно нагласувајќи дека жртвите на кривични дела од омраза се особено ранливи, и дека нивните потреби треба да бидат оценети на индивидуална основа и да бидат упатени кај даватели на специјализирана поддршка.

82 *Жртви на кривични дела од омраза во кривично-правниот систем: Практичен водич*, ќе се објави на почетокот на 2020 од страна на ОБСЕ/ОДИХР, <https://www.osce.org/odihr>.

83 Висок комесар за човекови права на Обединетите нации, „Улогата на превенцијата во унапредувањето и заштитата на човековите права", A/HRC/30/20, 16 јули 2015, < https://digitallibrary.un.org/record/801293?ln=en>.

84 „Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела, и замена на Рамковната директива на Советот 2001/220/JHA", 25 октомври 2012, <https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX-%3A32012L0029>.

## 3. НЕДИСКРИМИНАТОРСКИ

Според меѓународните договори за човекови права, државите се обврзани да обезбедат дека сите поединци во рамките на нивните територии и под нивна јурисдикција можат да ги уживаат своите човекови права без разликување или дискриминација од каков било вид.[85] Според тоа, државата мора да се погрижи владините службеници да не се впуштаат во пристрасни или дискриминаторски дејствија или пропусти кон поединци муслимани или муслимански заедници. Државата мора да има воспоставено проверки за да се осигура дека не постојат системски политики или практики кои непропорционално се насочени кон малцинствата во рамките на нејзините структури и институции. Неспоиво е со принципот на недискриминација: да се одрекува заштита на муслиманските заедници поради пристрасни претпоставки за муслиманите; да не се препознаат, евидентираат и пријавуваат кривични дела од омраза против муслиманите поради пристрасни претпоставки за муслиманите; или да се доведе во прашање кредибилитетот на жртва или сведок од муслиманска вероисповед поради пристрасни претпоставки за муслиманите.[86]

Извештајот во сенка за расистички кривични дела и институционален расизам во Европа за периодот од 2014-2018 на ЕНАР посочува на постоење на повеќекратни структурни и институционални пречки што ја спречуваат полицијата (и други професионалци во кривично-правниот систем) правилно да ги евидентираат, истражуваат и гонат кривичните дела од омраза. Главните области што конзистентно се истакнуваат во националното истражување се: недоволно ресурси, дефинирање на кривичните дела од омраза, недостиг на специјализирани единици, расна пристрасност и ограничена расна/етничка застапеност на различности во кривично-правниот систем.[87]

## 4. ПАРТИЦИПАТИВНИ

Создавањето можности да се слушне гласот на жртвите на нетолеранција кон муслиманите е од суштинско значење кога се развива владиниот одговор на кривичните дела од омраза против муслиманите и кога се проценуваат безбедносните потреби на муслиманските заедници. Учеството, исто така, гарантира дека муслиманските заедници и институции имаат интегрален удел во обликувањето на тоа како ќе се развива работата помеѓу владите и локалните муслимански заедници.

Мислењето на лицата кои се засегнати од кривични дела од омраза против муслимани и закани по нивната безбедност треба активно да помогне во креирањето

---

85 Види, на пример, МППГП, член 2.1 и ЕКЧП, член 14.

86 Види на пример, пресуда на Европски суд за човекови права во предметот ШЕЌИЌ против ХРВАТСКА, <https://hudoc.echr.coe. int/eng-press#{%22itemid%22:[%22003-2012842-2123404%22]}>.

87 Расистички кривични дела и институционален расизам во Европа, ЕНАР Извештај од сенка за 2014-2018, <https://www.enar-eu.org/ IMG/pdf/shadowreport2018_final.pdf>.

и подобрувањето на политиките преку документирање на нивните искуства. Лицата кои се поканети да учествуваат во таков процес треба да ја отсликаат различноста и плуралноста на муслиманските заедници, притоа подеднакво давајќи им глас на поединците без оглед на родот, припадноста или возраста, и каде сите гледишта се земаат предвид. Учеството има клучна важност за да се отсликаат различностите во муслиманските заедници во однос на мислата и практикувањето на исламот во рамки на нивното уникатно наследство, потекло, националности и култури, како и да се чуе гласот на маргинализираните во заедниците.

Интерсекционалноста исто така треба да се земе предвид. Затоа, треба да се вложат напори за да се допре до жените и мажите во заедницата и до муслиманите кои ги претставуваат интерсекциските аспекти на повеќето заедници, како што се муслиманите кои се идентификуваат како ЛГТБИ или живеат со попреченост.

## 5. СПОДЕЛЕНИ

Појдовна точка за секој одговор на владата или граѓанското општество на кривичните дела од омраза против муслимани е да се прифати дека постои заедничка загриженост за проблемот. Иако најголемото влијание се чувствува во муслиманските заедници, проблемот треба да биде препознаен и решен од општеството во целина, а не само од целната заедница. Справувањето со нетолеранцијата кон муслиманите, исто така, директно влијае на социјалната кохезија во државите и ги намалува екстремистичките наративи. Доколку омразата против муслиманите не се следи, не се оспорува и не се спречува преку едукација, заложби на полицијата и други методи, може да дојде до појава на пошироки општествени влијанија.

Решавањето на инцидентите и кривичните дела од омраза против муслиманите во сите различни појавни форми е во основа прашање на човековите права. Градењето коалиција меѓу институциите и групите на граѓанското општество може да помогне во борбата против кривичните дела од омраза против муслимани, заедно со другите форми на расизам, фанатизам и предрасуди. На пример, организациите кои работат на справување со нетолеранцијата кон муслиманите можат да размислат за партнерства и коалиции со организации на жени, групи кои се борат против расизмот, антисемитизмот и оние кои работат за правата на ЛГБТИ или лицата со попреченост.

Пример за тоа е проектот започнат во 2010 од страна на Меѓурелигискиот совет на Босна и Херцеговина за „Следење на нападите врз верски објекти и други места од значење за црквите и верските заедници во Босна и Херцеговина или заштита на светите места". Подготвен во рамки на еден поголем проект со кој што се бара декларација или резолуција од ОН за заштита на светите места ширум светот, главната цел е да се подобри заштитата на верските или светите места и други места од интерес на верските заедници од сите вери во Босна и Херцеговина. Проектот води евиденција за нападите врз верските места и ги анализира информациите за начинот на кој е извршен нападот, мотивот за

нападите, идентификување на сторителите, областите каде се извршени напади, итн. По направената анализа на нападите на верски места за секој период на известување, проектот дава предлози до надлежните органи за подобрување на заштитата на верските места во одредени области. Дополнително, по секој извршен напад, претставници на различни локални верски заедници заедно организираат конференција за печат и го осудуваат нападот.[88]

## 6. КОЛАБОРАТИВНИ

Принципот на партнерство е клучна алатка во справувањето со пристрасноста и давањето одговор на кривичните дела од омраза. Различни засегнати страни, особено владини експерти и експерти од муслиманската заедница, можат да развијат и да понудат комплементарна експертиза за колективно решавање на проблемот од различни перспективи, земајќи ги предвид домашните, националните и меѓународните фактори. Воспоставувањето канали за комуникација, координација и соработка со граѓанското општество треба да биде од суштинско значење за секоја владина политика која има за цел да одговори на кривичните дела од омраза против муслиманите и за справување со безбедносните потреби и грижи на муслиманските заедници.

И полицијата и организациите во заедницата можат да воспостават клучни партнерства преку подобро заемно разбирање на нивната работа. Исто така, важно е клучните засегнати страни да работат заеднички за да стекнат сеопфатно разбирање на информациите за тоа каде, кога и како се случуваат кривични дела. Тоа може да се направи само ако сите страни соработуваат за да споделат информации и да помогнат да се изгради слика која може да им користи на сите засегнати страни.

## 7. ЕМПАТИЧНИ

Давањето одговор на кривични дела од омраза против муслимани со покажување емпатија значи дека се препознава ранливоста на поединците и заедниците, прифаќајќи ги нивните доживувања како жртви. Една улица која му изгледа безбедна на лице кое не е муслиман, може да претставува безбедносен предизвик за лице за кое други сметаат дека е муслиман.

За да се покаже емпатија, потребно е да се прифати и желба да се разбере чувството на ранливост што го доживуваат муслиманите по нападите врз муслимани, особено чувствата на жените и младите муслимани. Таквите напади имаат емоционално влијание врз жртвите, нивните семејства и заедниците. Затоа, властите и владините претставници треба да ги разгледаат перспективите на жртвите, и да разберат дека кривично дело од омраза против муслиманите може да биде само

---

88 Мониторинг на нападите врз верски места и други места од важност за црквите и верските заедници во Босна и Херцеговина, <https://www.mrv.ba/lat/clanci/projekti/monitoring-napada-na-vjerske-objekte>.

еден од неколкуте начини на кои жртвата се соочува со нетолеранција и дискриминација кон муслиманите.

Обуките и мерките за подигнување на свеста кај владините претставници се алатки за да се дознаат индивидуалните и колективните влијанија од кривичните дела од омраза против муслимани врз животот на засегнатите лица. Исто така, тоа овозможува да се соберат повеќе докази за влијанијата врз жртвата што може да се користат во кривичното гонење. Се разбира, обуките треба да се одржат на начин што се однесува на и е релевантен за подигнување на свеста за кривичните дела од омраза против муслимани, овозможувајќи им на владините службеници да се стекнат со подобро разбирање на различностите на заедницата што оди во прилог на поголема поддршка на службениците во извршувањето на нивните должности.

## 8. РОДОВО СЕНЗИТИВНИ

Владините мерки за справување со кривични дела од омраза против муслиманите и за идентификување на безбедносните потреби на муслиманските заедници мора да бидат родово свесни и сензитивни. За сите инциденти со кривични дела од омраза треба да се постапува на еднаков и недискриминаторски начин, без разлика на полот/родот на жртвата. Одмерувањето на импликациите од владините мерки и нивното соодветно прилагодување на родово сензитивен начин ќе го зајакне одговорот на кривичните дела од омраза со фокус на жртвите.

Жртвите на кривични дела од омраза, вклучително и од муслиманските заедници, се соочуваат со различни форми на маргинализација и тие самите за себе сметаат дека се припадници на различни групи. Поради тоа, кога се разгледуваат мерки и политики за справување со кривични дела од омраза против одредена заедница и нејзините припадници, владите треба да запомнат дека идентитетите се составени од различни елементи. Иако дадена мерка може да биде корисна за одредено лице врз основа на неговата/нејзината религија, тоа може да биде штетно на основа на родовиот идентитет. Ваквата дилема бара холистички, интерсекциски пристап кога се работи за кривични дела од омраза.

## 9. ТРАНСПАРЕНТНИ

Владите мора да бидат транспарентни за намерите како да се справат со нетолеранцијата, дискриминацијата и кривичните дела од омраза против муслиманите. Мерките треба да ги земат предвид безбедносните потреби на сите заедници, вклучувајќи ги и оние на муслиманските заедници кои може да бидат предмет на кривични дела од омраза против муслиманите во подолг временски период.

На пример, по еден важен инцидент во Обединетото Кралство, беа поставени камери во една муслиманска населба:

Тоа беше случај кога 218 камери беа поставени во април 2010, претежно во муслиманските области на Бирмингем. За камерите во Вашвуд Хет и Спарбрук, од кои дел беа скриени, беа платени 3 милиони фунти владини средства наменети за борба против тероризмот. Во независен извештај беа изнесени големи критики за проектот Шампион и за полицијата на Вест Мидландс.

Полициски извори кажаа дека иницијативата, со кодно име проект Шампион, е прва од овој тип во Обединетото Кралство со цел да се следи населението кое се смета дека е „во ризик" од екстремизам.

Во декември, полицијата се согласи камерите да бидат отстранети и изјави дека ниедна од 218 камери никогаш не била вклучена.[89]

Добра практика е да се споделуваат релевантните локални, национални или локални акциски планови и извештаи за состојбата со засегнатите заедници и пошироката публика. Друга форма на транспарентност е кога податоците за кривични дела од омраза се јавно достапни.

Преку партнерствата со редовни консултации помеѓу полицијата, другите агенции и муслиманските заедници (особено на локално ниво) се обезбедуваат информации за релевантните засегнати страни и засегнатите заедници и така се овозможува активностите да бидат транспарентни. Тоа може да се прошири со споделување на релевантните проценки за заканите, па дури и со договори за споделување податоци.

Во Грција, со поддршка на ОДИХР, властите подготвија договор за подобрување на меѓу-институционалната соработка за водење евиденција и чување на податоци за расистички кривични дела. Неколку институции учествуваат во дискусиите, меѓу кои и грчката полиција, Министерството за заштита на граѓаните, Министерството за бродарство и острови, Министерството за правда, транспарентност и човекови права, и обвинителот за Врховниот суд. Во исто време, Договорот за меѓу-институционална соработка за справување со расистички кривични дела во Грција предвидува дека коалицијата на граѓанското општество, Мрежа за евидентирање на расистички насилства, ќе споделува

89 „Камерите за надзор од проектот Шампион во Бирмингем се отстранети", вести на BBC: <https://www.bbc.com/news/ uk-england-birmingham-13331161>; за подетална анализа консултирајте: „Катастрофално отсуство на индискретност': Клучна студија за влијанијата од наративот за проектот за надзор Шампион во Бирмингем, http:// citeвидиrx.ist.psu.edu/viewdoc/download?doi=10.1.1.835.7387&rep=rep1&type=pdf

податоци за расистички кривични дела со националните органи преку националните извештаи и според сопствените правила на работа.[90]

Во главни црти, засегнатите страни и пошироката јавност преку консултациите и соработката добиваат платформа за давање повратни информации и подобрување на одговорот на кривични дела од омраза. Транспарентното работење ќе го зголеми пријавувањето на кривични дела од омраза, ќе ја подобри довербата во јавните институции, како и одговорот или оспорувањето на погрешните сфаќања.

## 10. ХОЛИСТИЧКИ

Земјите-учеснички на ОБСЕ ја препознаа важноста на сеопфатниот пристап во справувањето со нетолеранцијата, вклучително и кон муслиманите.[91] Имајќи го тоа предвид, справувањето со безбедносните потреби на муслиманските заедници и справувањето со кривичните дела од омраза против муслиманите е само еден дел од решението. Нетолеранцијата кон муслиманите е сложен проблем, и затоа е потребен холистички и сеопфатен одговор што треба да претставува модел за справување со сите форми на нетолеранција, предрасуди и омраза. Фокусот на кривичните дела од омраза против муслимани не значи напуштање или давање предност на една форма на омраза; ефективната политика за манифестирањето на оваа омраза може да се примени и за други кривични дела од омраза. Само онаму каде што владата севкупно применува силен одговор на сите кривични дела од омраза, може да биде силен и одговорот на различните аспекти на кривичните дела од омраза. Таквиот холистички пристап треба да ги опфати сите заеднички аспекти на кривичните дела од омраза и да ги препознае и да одговори на специфичностите на различните аспекти, вклучително и за кривичните дела од омраза против муслимани.

Важен елемент за справување со кривичните дела од омраза против муслимани е различностите на заедницата да бидат застапени и во полициските служби. Информациите од и соработката со заедницата се важни не само за справување со кривични дела од омраза против муслимани, туку и севкупно за криминалот. Затоа, полициска служба во која се застапени и припадници од заедницата ќе помогне да се поддржат заложбите за подобрено ангажирање и разбирање помеѓу заедниците и полицијата.

90 Договор за меѓу-институционална соработка за справување со расистички кривични дела во Грција, <https://www.osce.org/ odihr/402260?download=true>.

91 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука бр: 10/07, Мадрид, *op. cit.*, note 9.

# ТРЕТ ДЕЛ:

## Одговор на кривичните дела од омраза против муслимани и на безбедносните предизвици на муслиманските заедници

Овој дел нуди практични решенија што се релевантни за неколку групи на прашања што се заемно поврзани и се преклопуваат, но сепак се различни. Некои од практичните чекори дадени подолу може да помогнат во справувањето со манифестирање на нетолеранција кон муслиманите, други се однесуваат конкретно на кривично-правниот одговор на кривичните дела од омраза, а некои се однесуваат на безбедносните ризици според перцепцијата и искуствата на муслиманските заедници и организации.

## ПРАКТИЧНИ ЧЕКОРИ

### 1. ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Појдовна точка за справување со кривичните дела од омраза против муслимани е да се признае дека тоа претставува закана по безбедноста и стабилноста на жртвите и дека има пошироко влијание на кохезијата, и затоа е неопходен брз одговор. Таквото признавање се темели на разбирањето на многубројните начини на кои може да дојде до појава на кривични дела од омраза против муслимани и безбедносни предизвици. Улогата на академиците и истражувачите е да обезбедат експертиза и совети за разни начини на манифестирање на нетолеранција кон муслимани и да понудат начини за давање одговор. Официјалното признавање на проблемот им овозможува на владите да разјаснат дека одговорноста за справување со овој проблем не паѓа само на товар на оние кои се најзасегнати. На тој начин, муслиманските заедници ќе бидат охрабрени да ја споделат нивната загриженост.

**Препорака:**

Иако владите можеби го препознаваат проблемот, честопати им недостасуваат податоци. Потребата да се следи и мери нивото на нетолеранција кон муслиманите може да даде ефективна основа врз која ќе се развиваат структури за спротивставување на омразата, фанатизмот и предрасудите. Спротивставувањето на нетолеранцијата кон муслиманите ги зајакнува пошироките национални заложби за справување со сите форми на кривични дела од омраза и за обезбедување на ефикасен систем за мерење и следење, истовремено оспособувајќи ги државите да спроведат ефективни национални системи за следење. Тоа дополнително им овозможува на државите да бидат проактивни и реактивни во одговорот на кривичните дела од омраза и во следењето на проблемите, додека полицијата и полициските агенции можат да се мобилизираат на одредени места кога тоа е потребно.

Соодветното финансирање за национален систем за следење кој ги поддржува жртвите на нетолеранција кон муслиманите е, според тоа, суштински дел од стратегијата за давање поддршка на жртвите, за мерење на кривичните дела од омраза и за намалување на кривичните дела од омраза со текот на времето. Без

централизирана поддршка, ефикасен систем за поддршка на жртвите и следење нема да може да се одржува.

**Пример за добра пракса:**

*Националниот план за борба против расизмот, сличните форми на непријателство и кривични дела од омраза* на шведската влада, содржи голем број активности за спротивставување на нетолеранцијата кон муслиманите. Тука спаѓа и едукативната програма преку Форумот за жива историја кој ги ангажира младите луѓе да ги разгледуваат историските прашања за расизмот и притоа се отвора дијалог со младите луѓе за да тие дискутираат за нивните размислувања и верувања. Тоа е усогласено со иницијативите за подигнување на свеста на Шведската национална агенција за образование и им помага на младите луѓе да размислуваат, разговараат и да се ангажираат околу таквите прашања.[92]

Владата обезбеди финансиски средства за проекти што се осврнуваат на овие пет стратешки области, а во акцискиот план се наведува дека со поддршката од шведската влада ќе се поттикне, "*[n]овеќе знаење, образование и истражување, подобра координација и мониторинг, граѓанско општество: поголема поддршка и дијалог, зајакната превентивна работа на интернет и поактивно судство.*"[93]

Признавањето дека кривичните дела од омраза против муслиманите се предизвик, исто така, може да послужи како основа за критички преглед и оценка на постоечките механизми за превенција и одговор. Мерењето, следењето и поддршката на жртвите за да добијат пристап до правда или дури и да се прифатат нивните искуства, овозможува жртвите да се почувствуваат дека нивниот глас е слушнат и дека нивните искуства се признаени. Тоа се случува само кога поединци кои биле мета на нетолеранција кон муслиманите можат да добијат поддршка, совети и пристап до служба за застапување, и којашто исто така може да ги евидентира и следи инцидентите на нетолеранција кон муслиманите. Бидејќи полициските служби во крајна линија се оние кои водат истраги по овие прашања, од суштинско значење е жртвите на инциденти и кривични дела од омраза да добијат услуга која нуди поддршка и која редовно ги евидентира и комуницира со жртвите. Дури и кога инцидентот не го надминал прагот за кривично дело во одредени држави, жртвите треба да бидат информирани што е можно поскоро за исходот за да можат да донесуваат одлуки со претходна информираност.

92 *Сеопфатен пристап за борба против расизмот и кривичните дела од омраза: национален план за борба против расизмот, слични форми на насилство и кривични дела од омраза*, (Стокхолм, Владин кабинет во Шведска, 2017), <http://www.regeringen.se/492382/contentassets/173251a50a5e4798bcafc15ba871a411/a-comprehensive-approach-to-combat-racism-and-hate-crime>.

93 За повеќе информации, види: Национален план за борба против расизам, слични форми на непријателство и кривични дела од омраза онлајн, <http://www.regeringen.se/pressmeddelanden/2016/11/nationell-plan-for-att-motverka-rasism-liknande-former-av- fientlighet-och-hatbrott-pa-natet/>.

Од таа причина, важно е да се нагласи дека справувањето со нетолеранцијата кон муслиманите, исто како и со антисемитизмот или друг сличен проблем, значи прифаќање на проблемот, примена на пристап ориентиран кон жртвата, покажување резултати (вклучително и на политичко ниво) и обезбедување на правна и општествена рамка за спротивставување и борба против таквата омраза и нетолеранција каде што ќе биде утврдена. Иако е веројатно дека полицискиот службеник во прва линија дека ќе одговори на напад врз муслиман, за ефективен и холистички одговор неопходно е постапување од високото раководство, државните службеници и политичките лидери за да се испрати силна порака дека омразата нема да се толерира.

Во некои земји-учеснички на ОБСЕ, парламентарците презедоа водството со цел предизвиците поврзани со нетолеранцијата кон муслиманите да се постават на националната агенда, вклучително и поврзаната загриженост за безбедноста. Ограничен број земји му дадоа приоритет на тоа прашање преку формирање на меѓувладини работни групи за решавање на различни аспекти од проблемот, обезбедување координација и градење доверба меѓу различните муслимански заедници, политичките претставници и државните службеници.

Некои земји имаат формирано постојани форуми, составени од владини претставници, безбедносни служби, како и претставници на граѓанското општество и лидерите на заедниците, за да се идентификуваат загриженостите поврзани со нетолеранцијата кон муслиманите. Секоја од опциите дава придобивки, иако е важно да се истакне дека политичката волја и обврзаност имаат клучно значење на национално ниво за борба против омразата и нетолеранцијата.

Постојат различни начини на кои владите и парламентарците ќе ги прифатат предизвиците поврзани со нетолеранцијата кон муслиманите. Тоа се:

- Преку покажување свесност дека нетолеранцијата кон муслиманите може да се изрази на суптилни и шифрирани начини и дека таквото манифестирање треба да се препознае, изложи и осуди;

- Преку барање на експертски мислења и препораки од академици и истражувачи за да се подобри разбирањето на владата за проблемот што постои како на интернет, така и во физичката реалност;

- Преку признавање дека муслиманските заедници се мета на насилни екстремисти или терористи и вклучување на муслиманските заедници и институции на списоците на потенцијални меки мети на насилни екстремистички или терористички напади;

- Преку воспоставување на правна рамка која ѝ овозможува на владата, во соработка со муслиманските заедници, ефикасно да се справи со безбедносните

предизвици со кои се соочуваат муслиманските заедници во поширокaта рамка на проблеми коишто можат да влијаат на овие заедници;

- Преку работа со медиумите со цел спротивставување на наративите од пристрасност и давање силни изјави за осуда на инцидентите и кривичните дела од омраза; и

- Преку користење на социјалните медиуми за испраќање јасни пораки за поддршка на муслиманската заедница и адресирање на чувствата против Муслиманите на интернет, користејќи официјални канали.

Европската комисија против расизам и нетолеранција на Советот на Европа им препорачува на владите на земјите-членки:

- Да обезбедат дека муслиманските заедници не се дискриминирани во однос на тоа како тие ја организираат и практикуваат својата религија;
- Да се обрне особено внимание на ситуацијата на муслиманските жени, кои можат да страдаат и од дискриминација на жените воопшто и од дискриминација на муслиманите; и
- Да се поттикне дебата со медиумските и рекламните професии за сликата што се пренесува за исламот и муслиманските заедници и за нивната одговорност да избегнуваат да известуваат со предрасуди и пристрасни информации.[94]

Ангажирањето во дијалог со муслиманските заедници за безбедносните закани и предизвици со кои тие се соочуваат е уште еден начин на кој владите можат да покажат дека признаваат дека муслиманските институции и заедници се мета на напади и имаат потреба од заштита.

*„Загрижен сум што омразата против муслиманите е глобална појава, вклучително и овде во Европската унија. Агенцијата за фундаментални права го знае тоа. (...) Знаеме дека секој трет муслиман неодамна се соочил со дискриминација. Знаеме дека секој четврти муслиман во последно време се соочува со вознемирување, било да е тоа на интернет или во физичката реалност. Исто така, знаеме дека муслиманите имаат повеќе доверба во институциите на нашите држави отколку општата популација.“* – Директор на Агенцијата за фундаментални права, Мајкл О’Флаерти, 2019[95]

94 Препорака за општа политика бр. 5: „Борба против нетолеранцијата и дискриминацијата на муслимани", Европска комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ), <https://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/activities/GPR/EN/Recommendation_N5/Recommendation_5_en.asp>.

95 Агенција на ЕУ за фундаментални права, Директор Мајкл О’Флаерти, видео блог на директорот, <https://youtu.be/7zYMlyttjQo>.

## 2. ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА

Кривичните дела од омраза против муслиманите и безбедносните потреби на муслиманските заедници ќе бидат ефективно решени на долг рок само доколку холистички се постапува со имплицитниот расизам и предрасуди кои ги поттикнуваат нападите врз муслиманските заедници и локации. Тоа бара фокусот да се насочи не само на ефектите од пристрасноста кон муслиманите, туку и на свеста за тоа како сторителите се разоткриваат и зошто тие ја поддржуваат нетолеранцијата кон муслиманите. Оттука, подигнувањето на свеста за имплицитните механизми и наративи на омраза што го инспирираат таквото однесување е клучен елемент за справување со нападите врз муслимани.

Подигнувањето на свеста може да се спроведува во разни форми. Образовните програми можат да бидат насочени кон младите, владините претставници и пошироката јавност за да им помогнат на учесниците да ги разберат, деконструираат и отфрлат предрасудите кон муслиманите. Освен тоа, зголеменото ангажирање на помладите групи од заедниците на социјалните медиуми значи дека онлајн кампањите за промовирање информации може во голема мера да се шират преку онлајн мрежи и групи основани од млади муслимани. Ангажирањето со овие групи е исто така од суштинско значење за намалување на социјалните тензии и дезинформациите. На повисоко ниво, парламентарните расправи за пристрасноста кон муслиманите може да ја подигнат свеста и проблемот да се стави на националната агенда.

**Препорака:**

Да се развиваат програми наменети за владините претставници, младите и пошироката јавност со цел подигнување на свеста и разбирањето за нетолеранцијата кон муслиманите. Тоа може да бидат програми кои ги обединуваат различните групи во заедницата со муслиманите за да работат на социјални проекти за зајакнување на човековите права и колективно да се ангажираат со пошироката јавност преку користење на историјата, младинските програми и местата за културен ангажман.

Да се обезбеди официјално присуство на полицијата и владата на интернет што ќе помогне во справувањето со расположението против муслиманите, во борбата со лажните вести и со пристрасноста кон муслиманските заедници преку обезбедување на онлајн поддршка и уверување на муслиманите.

**Пример за добра пракса:**

„Нови соседи“ е проект кој го истакнува позитивниот социјален и економски придонес што го даваат мигрантите и бегалците низ заедниците во Европа. Преку унапредување на директното учество во медиумската продукција и

међукултурната динамика, се очекува да се поттикне толеранција и прифаќање за мигрантите и бегалците во земјите-членки на ЕУ. Проектот го спроведува јавниот сервис од девет различни земји на ЕУ низ цела Европа (Белгија, Хрватска, Чешка, Германија, Италија, Португалија, Холандија, Словенија и Шпанија) заедно со медиумите од заедницата и граѓанските организации.[96]

Медиумите можат да бидат клучни партнери во подигнувањето на свеста за пристрасноста кон муслиманите. Медиумите имаат уникатна предност да ја информираат и мобилизираат пошироката јавност за распространетоста на нетолеранцијата кон муслиманите и влијанијата врз муслиманските заедници. Стратешкото партнерство со медиумите во напорите на владата да се спротивстави и да ја осуди нетолеранцијата кон муслиманите може да донесе значителни придобивки во однос на јавната свест за проблемот.

Понатаму, наменските програми за обука и градење капацитети, како и тркалезни маси организирани на локално, национално и меѓународно ниво, можат да придонесат за подигнување на свеста.

Кампањите и мерките за подигнување на свеста може да имаат за цел:

- Да се обезбеди разбирање на специфичните карактеристики на современото манифестирање на пристрасност кон муслиманите. Со оглед на тоа што мерките за подигнување на свеста насочени кон полициските службеници може да се фокусираат на специфични аспекти на идентификување и справување со кривични дела од омраза против муслиманите, оние што се насочени кон пошироката јавност може да се фокусираат на широк спектар на налини на манифестирање пристрасност кон муслиманите;

- Да се пренесе пораката дека кривичните дела од омраза против муслиманите не се случуваат во вакуум. Наместо тоа, владините претставници треба да соопштат дека политичките и социјалните тензии, како и чувствата против муслиманите (на интернет и во физичката реалност) во јавниот дискурс на политичарите и креаторите на мислење, на работното место и во секојдневните ситуации ја создаваат заднината за многу напади. Клучна порака би можела да биде дека секој може да придонесе за создавање на клима каде ќе се оспорува изразувањето против муслиманите; тоа може да се направи преку кампањи кои ги охрабруваат случајните минувачи да ги поддржат жртвите преку спротивставување на сторителите (ако случајните минувачи се чувствуваат удобно да го прават тоа и ако не се во директна опасност од тоа);

96 За повеќе информации за проектот Нови соседи, посетете ја веб страницата на: <https://newneighbours.eu/about-the-project/>.

- Да се истакне дека манифестираната пристрасност кон муслиманите ги оспорува клучните вредности и принципи на човековите права кои се од суштинско значење за слободните и демократските општества. Клучна порака би можела да биде да се повикаат општествата целосно да прифатат сопственост врз работата за да се стави крај на пристрасноста кон муслиманите, наместо да се смета за проблем кој муслиманските заедници треба самостојно да го решат. Една важна поента е да се укаже дека кампањите против муслиманите влијаат на безбедноста и сигурноста на секој граѓанин, притоа истакнувајќи лични приказни за да се илустрира влијанието од пристрасноста кон муслиманите врз секојдневното живеење на младите, мажите, жените и постарите муслимани;

- Да се истакнат малку познати приказни за луѓе, за да тие послужат како пример за инспирација за дејствување за инцидентите против муслиманите; и

- Да се привлече вниманието на динамичниот културен, верски и образовен живот на локалната муслиманска заедница, како и на позитивниот придонес за општеството, притоа истакнувајќи ја потребата за постојан развој и соработка.

## 3. ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ПРИСТРАСНАТА МОТИВИРАНОСТ ПРОТИВ МУСЛИМАНИ ВО КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Како што е објаснето во првиот дел од овој водич, сите кривични дела од омраза се мотивирани од пристрасност. Препознавањето и евидентирањето на специфичната мотивираност од пристрасност во кривичните дела од омраза, вклучително и пристрасноста кон муслиманите, овозможува кривичното дело да се класифицира како кривично дело од омраза, но и како „општо кривично дело“. Собирањето точни податоци е од клучна важност за ефективно постапување против кривични дела од омраза, овозможувајќи им на полициските органи да го разберат опсегот на проблемот, да ги препознаат моделите, да распределат ресурси и поефикасно да ги истражат случаите. Креаторите на политики, исто така, можат да користат податоци за да донесат здрави одлуки и да ги информираат заедниците за законите и трендовите во појавата на кривични дела од омраза.[97]

**Собирање податоци за кривични дела од омраза**

Жртвите на кривични дела од омраза, со различно потекло, ги споделуваат штетните емоционални доживувања кога биле мета поради нивната припадност на група или кога се сметало дека припаѓаат на одредена група. Сепак, различни групи, исто така е веројатно да имаат искуства со различни обрасци на извршување кривични дела и кај нив да има различен степен на доверба

97 *Собирање и мониторинг на податоци за кривични дела од омраза: Практичен водич*, (Варшава: ОБСЕ/ОДИХР, 2014), <https://www.osce.org/odihr/datacollectionguide>.

за да пријават кривични дела. Затоа, корисно е да се собираат и анализираат податоци за разни мотиви од пристрасност како посебни категории, за да може ефективно да се постапува по секој од нив во однос на полициското присуство и распределбата на ресурси за поддршка на жртвите и превенција на кривичните дела. Земјите-учеснички на ОБСЕ имаат препознаено спектар на мотивации од пристрасност што може да ја дадат основата на кривичните дела од омраза, вклучително и кривичните дела од омраза против муслимани.[98]

Препознавањето и евидентирањето на кривични дела мотивирани од пристрасност кон муслимани, е важен начин преку кој владите ќе ја препознаат големината на проблемот и ќе ги прифатат искуствата на жртвите кои се мета поради нивниот вистински или перципиран муслимански идентитет. Полицијата, која прва дава одговор на кривичните дела, главно ја има најважната улога да обезбеди дека кривичните дела од омраза се класифицирани и евидентирани како такви, првично преку определбата за тоа како да се евидентира кривичното дело и дали да се вклучи пристрасноста кон муслиманите како можна мотивација од пристрасност.

**Препорака:**

Во согласност со заложбите на ОБСЕ, владите треба да собираат податоци за кривични дела од омраза, вклучително и оние кои се конкретно мотивирани од пристрасност кон муслимани, и тие податоците јавно да ги објават. Полицијата која прва дава одговор на кривичните дела, треба да се осигура дека злосторствата од омраза против муслиманите се класифицирани и евидентирани како такви.

Треба да се размисли за обука на полициските службеници што може да им помогне подобро да разберат како да ги класифицираат кривичните дела од омраза против муслиманите, и тоа може да се направи во партнерство со обвинителствата или адвокатите.

**Пример за добра пракса:**

Во регионот на ОБСЕ во 2017 година, 16 држави располагаа со механизам за собирање податоци каде полицијата евидентира инциденти против муслимани, и тие податоци ги доставија до ОДИХР: Австрија, Канада, Чешка, Хрватска, Данска, Финска, Франција, Грузија, Германија, Грција, Исланд, Холандија, Полска, Словачка, Обединетото Кралство и САД.

Од 2001 година, Германија евидентира податоци за „политички мотивирани кривични дела”, вклучително и за пристрасност, што се нарекуваат ксенофибични

98 Ибид.

кривични дела од омраза. Во 2017 година, Германија воведе и поткатегорија „Исламофобија“ во каталогот за евидентирање податоци на сојузно ниво за да може полесно да се разберат кривичните дела од омраза.[99]

Информациите собрани и категоризирани од полицијата може да бидат клучни за да се обезбеди истрага и кривично обвинение за кривично дело од омраза против муслимани. Начинот на кој постапува полицијата на местото на кривичното дело може да влијае на закрепнувањето на жртвите, перцепцијата на заедницата за посветеноста на владата да се справи со кривичните дела од омраза, и на исходот од истрагата.[100] Квалитетот на информациите собрани од полицијата е исто така од клучно значење за развојот на долгорочни политики и за владините превентивни активности. Затоа, градењето капацитети на полициските служби за препознавање и евидентирање на кривични дела од омраза е од клучна важност. ОДИХР има програма за помош насочена кон подобрување на системите за следење и собирање на податоци за кривични дела од омраза – INFAHCT (Збирка алатки за информации за кривични дела од омраза) , и тоа помага во креирањето и зајакнувањето на политиките и капацитетите на националните институции и останатите структури за собирање податоци за кривични дела од омраза.[101]

99 Одговори на прашалникот на ОДИХР за безбедносните потреби на муслиманските заедници и примери за добри практики, добиени на 26 септември 2018 од полициски службеник во Германија.

100 *Превенција и одговор на кривични дела од омраза, op. cit.*, note 19.

101 Алатки за информации за кривични дела од омраза (INFAHCT), Опис на програмата, <https://www.osce.org/odihr/INFAHCT>.

**Кривични дела од омраза против муслимани пријавени во регионот на ОБСЕ во 2018**[102]

**Во 2018 година, следните земји-учеснички доставија официјални и конкретни расчленети податоци за кривични дела од омраза против муслимани:**

| | | |
|---|---|---|
| Австрија | Франција | Шведска |
| Канада | Германија | Украина |
| Хрватска | Грција | Обединето Кралство |
| Република Чешка | Ирска | САД |
| Данска | Холандија | |
| Финска | Полска | |

**Вкупно: 16 држави**

**Во 2018, следните држави пријавија инциденти против муслимани:**

| | | |
|---|---|---|
| Албанија | Финска | Полска |
| Австрија | Франција | Романија |
| Белгија | Германија | Руска Федерација |
| Босна и Херцеговина | Грција | Словачка |
| Бугарија | Унгарија | Словенија |
| Канада | Италија | Шпанија |
| Хрватска | Молдавија | Швајцарија |
| Република Чешка | Холандија | Турција |
| Данска | Северна Македонија | Украина |
| Естонија | Норвешка | Обединето Кралство |

**Вкупно: 30 држави**

102 Во листата се вклучени сите земји-учеснички на ОБСЕ што поднесоа информации во врска со кривични дела од омраза до ОДИХР во 2018, <https://hatecrime.osce.org/what-hate-crime/bias-against-muslims>.

Може да се преземаат неколку практични чекори за да се евидентираат кривични дела од омраза против муслимани, мотивирани од пристрасност:

- Да се донесе и спроведува закон за кривични дела од омраза и да се воспостават системи, рутини и обуки со цел релевантните службени лица да ги препознаваат и евидентираат кривичните дела од омраза против муслиманите;

- Да се воспостави систем за собирање податоци за евидентирање на кривични дела од омраза против муслиманите на формуларите за пријавување инциденти и да се обезбедат расчленети податоци за секој вид на кривично дело од омраза против муслиманите, и притоа може да биде потребно да се направат промени во постоечките формулари за пријавување инциденти и ИТ системите;

- Да се покаже политичко лидерство на највисоко ниво на владата со усвојување политики со кои се бара од полициските службеници да ги препознаваат и евидентираат кривичните дела од омраза против муслимани, мотивирани од пристрасност;

- Да се обезбеди дека полициските служби користат група на специфични индикатори (познати како „индикатори за пристрасност“, видете повеќе под насловот „Кривични дела од омраза против муслиманите во регионот на ОБСЕ: клучни карактеристики“) кои можат да помогнат да се идентификува мотивацијата од пристрасност за кривични дела од омраза против муслимани, истовремено прифаќајќи дека постоењето на такви индикатори само по себе не докажува дека инцидентот е кривично дело од омраза; и

- Да се организираат обуки и настани за подигнување на свеста кај полициските службеници за да се изградат капацитетите за разбирањето на специфичните карактеристики на кривичните дела од омраза против муслиманите преку работа на релевантни студии на случај и сценарија.[103]

**Препорака:**

Владите треба да обезбедат обука за полицискиот кадар за да се подобри нивниот капацитет и разбирање на злосторствата од омраза против муслиманите, и како да евидентираат и како да одговорат на кривични дела од омраза.

103 *Собирање и мониторинг на податоци за кривични дела од омраза*, *op. cit.*, note 97 и *Превенција и одговор на кривични дела од омраза*, *op. cit.*, note 19.

**Пример за добра пракса:**

ОДИХР спроведе обука за обвинители и кривични дела од омраза (PAHCT) и обука за кривични дела од омраза за органите за спроведување на законот (TAHCLE) во многу земји.[104]

PAHCT е спроведена во осум земји-учеснички: Бугарија, Чешка, Грузија, Исланд, Малта, Северна Македонија, Полска и Словачка. TAHCLE е спроведена во 17 земји-учеснички: Бугарија, Хрватска, Естонија, Финска, Грузија, Исланд, Италија, Латвија, Литванија, Малта, Црна Гора, Северна Македонија, Полска, Романија, Словачка, Шпанија и Турција. Покрај тоа, TAHCLE се спроведе и во Косово* и во општината Валенсија, Шпанија.

PAHCT има за цел да се зголемат вештините на обвинителите во препознавањето, истрагата и гонењето на целиот спектар на кривични дела од омраза, вклучувајќи ги и оние мотивирани од пристрасност кон муслиманите. Обуката им овозможува на учесниците да го зголемат разбирањето за концептот, контекстот и влијанието на кривичните дела од омраза, да ги консолидираат знаењата за меѓународните стандарди и домашните закони за кривичните дела од омраза и да ја подобрат нивната способност да докажуваат кривични дела од омраза пред судот. TAHCLE има за цел да ги подобри полициските вештини во препознавање, разбирање и истражување на кривичните дела од омраза.

Собирањето на податоци секогаш може да се подобри и унапреди. Како што беше прикажано претходно, сè уште има земји-учеснички на ОБСЕ кои не собираат или известуваат за податоци. Начините на кои може да се подобри собирањето податоци се:

- Организирање на состаноци посветени на собирањето податоци, на кои присуствуваат релевантни владини и невладини чинители, со цел да се подобри собирањето податоци и да се стекне општо разбирање и категоризација на достапните податоци;

- Препраќање и споделување на извештаи подготвени од граѓански организации за кривични дела од омраза против муслиманите за да се подигне свеста кај владините претставници за тоа како моментално се манифестира пристрасноста кон муслиманите;

104 За повеќе информации, упатете се на: Обвинители и обука за кривични дела од омраза (PAHCT), опис на програмата: <https://www.osce. org/odihr/pahct>; и Обука за кривични дела од омраза на органите на законот (TAHCLE), опис на програмата: <https://www.osce.org/odihr/tahcle>.

- Без да се пристапува кон прекумерна анализа на валидноста на податоците, истите да се користат да се стекне увид во потенцијално поопштите проблеми и во недоволното пријавување на кривични дела;

- Врз основа на собраните податоци, да се нарачаат студии кои можат да дадат увид за тоа како се манифестира пристрасноста кон муслиманите;

- Охрабрување на полициските службеници да ја земат предвид перцепцијата на жртвата кога евидентираат и истражуваат кривични дела од омраза (т.е. ако жртвата смета дека кривичното дело е мотивирано од пристрасност кон муслиманите, полицијата автоматски го регистрира како кривично дело од омраза);[105]

- Олеснување н пријавувањето на кривични дела од омраза против муслиманите преку обезбедување на пристапни и доверливи механизми за пријавување;

- Подигнување на свеста кај муслиманската заедница за тоа каде и како да се пријават инциденти; и

**Препорака:**

Кога евидентираат кривични дела, полициските службеници треба да ја земат предвид и перцепцијата на жртвата, прифаќајќи дека доколку жртвата смета дека кривичното дело е мотивирано од пристрасност кон муслимани, таквата согледана мотивираност од пристрасност треба да се заведе и треба да биде дел од истрагата.

- Воспоставување на дополнителни места за евидентирање на кривични дела од омраза против муслимани преку работа со локалните центри во заедницата, верските институции и други механизми за пријавување на трети страни, со цел да се воспоставуваат и други канали за пријавување.

**Програма на ОДИХР за поддршка на собирањето податоци**

ОДИХР има развиено програма, насловена како Збирка алатки за информации за кривичните дела од омраза (INFAHCT), што претставува програма за помош наменета за подобрување на системите за мониторинг и собирање податоци за кривични дела од омраза. INFAHCT тоа го постигнува преку давање помош да

105 *Собирање и мониторинг на податоци за кривични дела од омраза*, *op. cit.*, note 97, страна 15.

* Не е постигнат консензус помеѓу земјите-учеснички на ОБСЕ за статусот на Косово, и затоа Организацијата не може да има став по ова прашање. Сите упатувања на Косово, без разлика дали на територијата, институциите или населението во овој текст треба да се разбираат целосно во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1244.

се креираат и јакнат политиките и капацитетите на националните институции и другите структури за собирање податоци за кривични дела од омраза.[106]

## 4. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОКАЗИ ЗА БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПОТРЕБИ НА МУСЛИМАНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКА РАБОТА СО ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА СОБИРАЊЕТО ПОДАТОЦИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

**Политики базирани на докази**

Точните и веродостојните податоци се од суштинско значење за ефикасно дејствување против кривичните дела од омраза. Добро дизајнираните механизми за евидентирање и собирање податоци им овозможуваат на полициските служби да собираат разузнавачки информации за локалните обрасци на кривични дела од омраза, да помогнат во распределбата на ресурсите и да поддржуваат поефективна истрага за одредени видови случаи. Креаторите на политики потоа можат да се потпрат на овие информации за да донесат издржани одлуки и да комуницираат со засегнатите заедници и пошироката јавност за обемот на кривичните дела од омраза и одговорот.[107]

Собирањето податоци за кривични дела од омраза против муслиманите е клучно за владите за да ги проценат предизвиците поврзани со нетолеранцијата против муслиманите и да соберат докази за безбедносните потреби на муслиманските заедници. Кога не се собираат такви податоци, тоа може да се сфати како минимизирање на проблемот или негирање на неговото постоење.

**Препорака:**

Податоци за кривични дела од омраза против муслимани треба да се собираат со цел владите да можат попрецизно да ги проценат безбедносните потреби на муслиманските заедници и поефикасно да ги распределат ресурсите. Треба да се изнајдат и други канали за собирање податоци и да се вложат сите можни напори за да се опфатат што е можно повеќе податоци за да се понуди точна оценка и разбирање на проблемот.

---

106 За повеќе информации за INFAHCT види, <https://www.osce.org/odihr/INFAHCT>.

107 *Механизми за собирање и мониторинг на податоци за кривични дела од омраза*, *op. cit.*, note 97.

**Пример за добра пракса:**

Федералното биро за истраги на САД собира и објавува статистички податоци за кривичните дела од омраза од 1992 година. Бирото истражува стотици случаи секоја година и работи на откривање и одвраќање на идни инциденти преку обука за органите за спроведување на законот, информирање на јавноста, и партнерства со групи во заедницата. Истрагите на ФБИ за кривични дела од омраза традиционално биле ограничени на кривични дела кои сторителите ги извршиле врз основа на пристрасност за расата, бојата, религијата или националното потекло на жртвата. (...) Со донесувањето на Законот за спречување на кривични дела од омраза на Метју Шепард и Џејмс Бирд, Џуниор во 2009 година, Бирото исто така доби овластување да спроведува истраги за кривични дела извршени врз основа на пристрасност за вистинска или перцепирана сексуална ориентација, родов идентитет, попреченост или род.[108]

Во многу земји-учеснички на ОБСЕ, граѓанските организации имаат развиено значителна експертиза во областа на собирање податоци за кривични дела од омраза. Додека официјалните податоци во некои земји може да сугерираат дека кривичните дела од омраза против муслиманите не се проблем, податоците на граѓанското општество покажуваат дека кривичните дела од омраза против муслиманите се реална и крајно опасна појава.[109]

Во некои земји, владините агенции соработуваат со муслиманските заедници во споделувањето, проверката и собирањето податоци за кривични дела од омраза против муслиманите, врз основа на јасна дефиниција за тоа што претставува кривично дело од омраза. Ако полицијата и организациите на заедницата разменуваат податоци, податоците обично се анонимизирани за да се обезбеди заштита на личните податоци.

Преку споделувањето на владини и невладини податоци не само што податоците се попрецизни и се овозможува да се добие поцелосна слика, туку се разгледува и недоволното пријавување и недоволното евидентирање. Споделувањето податоци е уште поефективно ако соработката меѓу владините и невладините актери се формализира преку меморандуми или протоколи. Владините и невладините експерти кои работат заедно можат максимално да ја зголемат ефективната употреба на собраните податоци за да ги анализираат трендовите и да формулираат политики. Споделувањето податоци, исто така, помага да се зголеми довербата на заедниците во властите.

---

108 Федерално биро на САД за истраги, веб-страница на ФБИ, <https://www.fbi.gov/investigate/civil-rights/hate-crimes>.

109 Види, „Нова студија го открива степенот на недоволно пријавување на кривични дела од омраза во Полска", 13 мај 2019 ОБСЕ/ОДИХР, <http://hatecrime.osce.org/infocus/new-study-reveals-scale-underreporting-hate-incidents-poland>.

**Препорака:**

Владините агенции можат да соработуваат со граѓанското општество, вклучувајќи ги и муслиманските организации, во споделувањето, проверката и собирањето податоци за кривични дела од омраза против муслиманите, за да добијат попрецизни статистички податоци и да се избегне недоволното пријавување и евидентирање.

Работењето со организациите на муслиманските заедници на собирање податоци, може да помогне во однос на:

- Недоволното пријавување бидејќи претставници од муслиманската заедница можат да ја охрабрат заедницата да користи механизми како што се пријавување на инцидент онлајн, преку телефон или преку трета страна во полицијата. Тие, исто така, можат да работат како посредници меѓу жртвите и властите и владините службеници за подобро да го разберат контекстот во кој се случуваат кривични дела од омраза и влијанието што тие го имаат врз муслиманските заедници. Добивањето објаснување од прва рака за опсегот на инциденти што ги евидентираат муслиманските заедници може да го подобри разбирањето на владините службеници за распространетоста на нападите врз муслимани и да придонесе за подобрување на владините одговори на проблемот; и

- Кога организациите од заедницата ги анонимизираат податоците пред да ги споделат со владините агенции, таквите податоци сепак може да се користат за да се изгради разузнавачка слика во поддршка на спроведувањето на превентивни мерки за справување со криминалот од омраза против муслиманите.

## 5. ГРАДЕЊЕ ДОВЕРБА ПОМЕЃУ ВЛАСТИТЕ И МУСЛИМАНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Некои од чекорите нагласени во претходните делови, односно, признавање на проблемот со пристрасноста кон муслиманите, проценката на безбедносните ризици во соработка со муслиманската заедница и подигнувањето на јавната свест, исто така се важни во градењето доверба помеѓу муслиманските заедници и властите. Истовремено, многу други чекори можат да придонесат за градење доверба. Воспоставувањето канали за консултации и координација може да биде особено важно. Формалното институционализирање на таквата соработка, на пример, преку меморандум за разбирање, може да биде ефикасен начин за градење доверба.

Отвореноста и транспарентноста во обезбедувањето клучни информации, кога тоа е потребно, претставува важен елемент за градење доверба помеѓу владата и муслиманските заедници. Властите можат да откријат повеќе информации за сторителите и организираните групи од претходно дадените информации и да ги признаат претходните грешки и бариери за ангажман.

**Препорака:**

Градење на довербата преку воспоставување на формални канали за соработка помеѓу муслиманските заедници и властите. Покажување на транспарентност и искреност и поголем ангажман со муслиманските заедници, притоа обезбедувајќи учество и на жените и на мажите, а не само со клучните контакти, лидерите на заедницата или пријателите. Поголемиот ангажман има клучна важност за да се изгради доверба кај целата заедница, а не само кај одреден број на луѓе.

**Пример за добра пракса:**

Во Берлин, контактите меѓу полицијата и здруженијата на џамиите се одвиваат преку развивање на „договори за соработка". Локалната полиција во областа Нојколн, заедно со локалното здружение на џамии, започна програма наречена „ТиК" (Трансфер на меѓукултурни компетенции). Со цел да се обезбеди контакт меѓу џамиите и полициските службеници од различни области, ТиК помогна да се подготват национални упатства за полицијата за тоа како да комуницира со лицата за контакт, џамиите и муслиманите.[110]

Еден од најважните чекори што претставниците на властите можат да го преземат за градење доверба е да ги посетуваат муслиманските институции и редовно да одржуваат врски со претставници и експерти од муслиманската заедница. Ваквиот контакт ќе им овозможи на службениците да дознаат повеќе за предизвиците поврзани со кривичните дела од омраза против муслиманите и да потврдат дека владините политики и услуги се релевантни за заедницата. Преку редовните контакти се гради доверба за подготвеноста на владата да се справи со најзагрижувачките проблеми во заедниците. Посетата на муслиманска заедница по насилен напад врз муслимани или по сквернавењето на исламска локација може да биде важен знак на солидарност, но тоа не смее да биде прв пат за еден политичар или владин службеник на национално или локално ниво да биде во контакт со муслиманската заедница. Консултациите, соработката и координацијата се особено важни за полициските служби на национално и локално ниво. Полициските службеници, од највисокото раководство до полициските службеници во прва линија на одговор, имаат клучна улога во воспоставувањето на трајни односи за соработка со муслиманските заедници, вклучувајќи ги и клучните лица за контакт од раководството и безбедносните структури. Воспоставувањето на овие канали на комуникација не само што ја гради довербата, туку може и да обезбеди и поголема ефикасност и усогласување на стратегиите и секојдневното постапување со потребите на жртвите, особено на локално ниво. Зачестеноста на таквата комуникација е клучна во

110 *Муслиманите во Европа: Извештај за 11 градови во ЕУ*, (Њујорк, Лондон, Будимпешта: Институт отворено општество, 2010), <https://www.opensocietyfoundations.org/sites/default/files/a-muslims-europe-20110214_0.pdf>.

градењето доверба; а повремените контакти нема да бидат доволни. Кога сериозно се постапува по кривични дела од помал размер и секојдневното се работи со заедницата за да се обезбеди дека всушност се постапува по кривичните дела од омраза против муслиманите, тоа може да помогне во подготовката на ефективни процедури и зајакнување на врските. За да се изгради доверба помеѓу владините тела и муслиманските заедници, може да се спроведуваат и други мерки:

- Органите за кривична правда можат да назначат лице за врски кој ќе дејствува како специјално лице за контакт со заедницата и ќе ги проследува загриженостите поврзани со кривичните дела од омраза против муслиманите. Градењето доверба може да биде вклучено како цел во описот на работното место на лицето за врски и тој да биде одговорен за развој на стратегии конкретно за оваа намена;

**Препорака:**

Органите за кривична правда можат да назначат лице за врски во муслиманската заедница како лице за контакт. Лицето за врски може да ја проследува загриженоста поврзана со кривичните дела од омраза против муслиманите и да биде лице за контакт со други кадри од органите за кривичната правда, кога е потребен совет.

- Градоначалниците и претставниците на полицијата можат да ја посетат локалната џамија или исламскиот културен центар за да се запознаат со припадниците и претставниците на заедницата, како и со клучните исламски локалитети;

**Препорака:**

Полициските претставници и политичките фигури можат да изградат доверба преку посети на локалните муслимански институции и средби со припадниците на заедницата за да разговараат за важни прашања. Организациите во заедниците кои работат со муслиманските заедници, исто така, треба да се земат предвид при посетите со цел да се прошири досегот во рамките на заедницата.

**Пример за добра пракса:**

Холандската полиција беше активна и во Амстердам и во Ротердам за да се намалат тензиите неколку недели пред прикажувањето на филмот „Фитна“ на Герт Вилдерс. Полицијата организираше состанок во Амстердам пред да се прикаже филмот со цел локалната муслиманска заедница да ја разбере нивната правна положба, вклучително и правото да поднесат претставка.[111]

111 Ибид.

- Органите за кривична правда можат да ги повикаат муслиманските заедници да спроведуваат работилници за полициските службеници;

**Препорака:**

Органите за кривична правда можат да учествуваат на работилници организирани од страна на муслиманската заедница во врска со специфичните безбедносни потреби на заедницата и подобрување на знаењето и разбирањето за различностите и културите на заедниците.

**Пример за добра пракса:**

Групацијата Исламски мрежи (ИНГ) со седиште во Сан Хозе, Калифорнија во САД спроведува специјализирани семинари за органите на законот наменети за полициски началници, шерифи и друг команден кадар и вишите администратори. Сесиите имаат за цел да се подигне свеста и да се зајакнат вештините за културолошка компетентност, како и да се градат позитивни релации помеѓу органите на законот и американските муслимански заедници.[112]

- Органите за кривична правда можат да организираат обуки и настани кои помагаат на полициските службеници да се запознаат со заедницата, историјата и верските традиции, како и со предизвиците со кои се соочуваат во однос на пристрасноста кон муслиманите;

- Владините тела, на пример министерствата за внатрешни работи и за правда, можат да побараат независни совети и повратни информации од муслиманските заедници во врска со владините одговори на кривични дела од омраза, вклучително и во однос на националните наставни програми за обука за справување со кривични дела од омраза; и

- Владите можат да организираат работни групи на национално ниво за борба против кривичните дела од омраза составени од претставници на граѓанското општество, академици, полициски офицери за врски и обвинители кои редовно се состануваат за да разговараат за инциденти мотивирани од предрасуди во заедниците. Такви работни групи може да се формираат и на локално ниво.

## 6. ПРОЦЕНКА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ РИЗИЦИ И СПРЕЧУВАЊЕ НАПАДИ

Муслиманските заедници треба да размислат за формирање советодавни групи за безбедност и/или за подготовка на планови за безбедност на заедницата кои ќе овозможат систематски да се оцени состојбата. Тие може да бидат и дел од процесот

112 Веб страница на ИНГ, едукација за културолошка писменост и взаемна почит, Преглед на семинарот за органите за спроведување на законот, <https://ing.org/law-enforcement-overview/>.

на соработка со државните чинители, бидејќи тоа може да биде најефективен пристап за проценка на безбедносните ризици на заедницата и спречување на нападите. Воспоставувањето на отворени и конзистентни канали за комуникација не само што обезбедува ефективна размена на информации за потенцијалните закани, туку и развива долгорочни стратегии.

Таквите канали на комуникација се исто така клучни за време на кризи. Тие помагаат да се препознае и процени степенот на страв и тензија во рамките на заедниците. Проценките, исто така, можат да помогнат да се изврши притисок за дејствување на политичко ниво, и на практично ниво за дополнително ангажирање на полицијата на клучни места во градовите и регионите, како и за мерки за уверување на муслиманските заедници кои можеби веќе претрпеле инциденти и кривични дела од омраза по големи терористички напади.

Добро воспоставените канали за комуникација, исто така, можат да бидат од суштинско значење кога се дава одговор на вонредни ситуации. Транспарентноста во споделувањето информации може да помогне да се изгради доверба меѓу службените лица и припадниците на погодените заедници. Информациите од заедницата можат да им помогнат на владините безбедносни служби да ја подобрат проценката на ризикот и да се фокусираат на прашања од посебен интерес. Во исто време, информациите споделени од полицијата и разузнавачките служби можат да ѝ помогнат на заедницата да преземе соодветни превентивни чекори.

**Препорака:**

Владите треба да размислат за воспоставување на процес за тековна соработка кој ги вклучува муслиманските заедници за да се направи проценка на безбедносните потреби и да се формулираат начини за спречување на инциденти и напади од омраза, но исто така и за да се намали стравот и несигурноста што може да се зголемат по  кривични дела од голем размер на национално ниво, како што се терористички напади.

Владите и полицијата треба да работат со муслиманските заедници за да се формираат советодавни групи кои можат да се користат кога ќе се случи напад или кога полицијата бара поддршка за време на операција, настан или закана по заедницата. Советодавните групи можат да ја поддржат владата и полицијата преку обезбедување на информации од заедницата во реално време и може да се користат за да ги пренесуваат пораките до заедниците.

**Пример за добра пракса:**

Во Словачка, Националната агенција за криминал (НАКА) организираше неформален состанок со претставник на Исламската фондација во Словачка,

каде што искажа интерес за случаите на кривични дела од омраза против муслимани. На претставникот му беше обезбеден директен телефонски контакт со службеникот за заедницата кој ќе постапува по такви случаи, доколку се случат. За жал, понатамошна соработка не е воспоставена.[113]

Воспоставувањето на формални и неформални платформи каде претставници на муслиманските заедници ќе можат редовно да ги искажуваат нивните безбедносни потреби и загрижености, може да помогне да се увери заедницата, но и да им помогне на безбедносните органи. Тоа може да биде и еден чекор кон исполнување на владините обврски за заштита на човековите права на поединците и заедниците. Работејќи заедно, владините претставници и претставниците на муслиманската заедница можат подобро да ги проценат безбедносните потреби на заедницата и нејзините институции, како што се училиштата и џамиите, и да ги преземат неопходните чекори за да обезбедат соодветна заштита за потенцијалните мети.

Владите можат да преземаат различни чекори во пракса за да обезбедат непречена комуникација со муслиманските заедници за безбедносни прашања:

- Користење на достапните податоци за кривични дела од омраза за да се идентификуваат обрасците на кривичните дела и „жариштата” за напади, како во физичката реалност, така и на интернет;

- Консултации со муслиманските заедници за следење на тензиите со цел спречување на насилството врз муслимани, и генерално, добра пракса е политичарите и државните службеници да ги повикаат главните лидери во верските заедници, како што се и муслиманските заедници, за време на големи кризни настани на национално ниво;

- Воспоставување н лице за врски со заедницата во сите релевантни полициски оддели;

- Информирање на муслиманските заедници кога е идентификувана конкретна закана и кога има промена во степенот на закана, на пример, подготовка на седмичен билтен што се испраќа до партнерите од доверба во заедницата во врска со тензиите во заедницата или обезбедување на профил на ризик за заедниците со шематски приказ прикажан во бои;

- Вклучување во дијалог со организации на муслиманската заедница со цел да се обезбеди дека мерките за безбедност се логични за заедницата и дека тие се засновани на информациите дадени од нивна страна;

113 Одговори на прашалникот на ОДИХР за безбедносните потреби на муслиманските заедници и примери за добра пракса, добиени на 20 септември 2019 од Исламската фондација во Словачка.

- Согласно на потребите, спроведување и ажурирање на анализа на закани и ризици за објектите на муслиманските заедници, кои ќе се користат како основа за полициското работење;

- Поддршка на развој на безбедносен план на муслиманската заедница, експертиза, специјалист(и) и системи. Одговорностите за таквите системи за безбедност на заедницата вклучуваат: мапирање и проценка на заканата и ризикот, изработка на безбедносни планови, планирање за вонредни состојби (одговор на инциденти), планирање за управување со кризи, поврзување и координација со надворешни партнери, вклучувајќи ја и полицијата. Во најмала рака, треба да се идентификува лице за контакт за безбедност на заедницата; и

- Воспоставување на советодавни групи на муслиманската заедница кои можат во реално време да даваат совети на полицијата за проблем или операција што влијае на заедницата.

Полициските служби, како на централно, така и на регионално ниво, треба да работат заедно со локалните муслимански заедници и нивните назначени лица и тимови за безбедност, каде што е релевантно, за да препорачаат, проценат и помогнат во спроведувањето на превентивните мерки за безбедност соодветно на проценетото ниво на закана, односно:

- Претрес на објектите во заедницата (како што се џамии, исламски училишта или канцеларии) пред да се користат; тоа ќе вклучува претрес во рамки во границите на џамијата и зградата на исламската институција и во пошироките граници на зградата;

- Надворешно и видливо обезбедување е обезбедено кога се користат исламските верски училишта и исламските институции ;

- Лицата за обезбедување во заедницата и полицијата остануваат внимателни во однос на сомнителни лица, предмети и активности во близина на објектите во заедницата;

- Пристапот до паркинзите е контролиран и ограничен само за познати возила, и истите се заклучени кога не се во употреба;

- Сите надворешни врати се затворени и обезбедени од неовластен пристап, притоа обезбедувајќи лесен пристап во случај на итна евакуација;

- Внатрешните врати се затворени и обезбедени кога не се во употреба, притоа обезбедувајќи лесен излез во случај на итна евакуација;

- Персоналот и посетителите имаат инструкции да не се собираат надвор од објектите во заедницата;

- Процедурите за заклучување обезбедуваат дека прозорците и вратите се безбедно заклучени;
- Редовно се проверува опремата за безбедност, односно алармите, надворешното осветлување, камерите за надзор и објективите на камерите за надзор се чисти и видео опремата е функционална;
- Камерите за надзор се следат кога се користат објектите;
- Поштата и испораките внимателно се проверуваат пред да се отворат, вклучително и се користи рендген и други уреди за откривање на метали; и
- Поддршка се обезбедува за време на верски настани или кога има зголемена активност.

Тие активности треба да станат рутински активности на дневна и неделна основа за вработените во џамиите и исламските институции. Постои тенка линија помеѓу гарантирањето на безбедноста на оние кои ја користат институцијата за молитва и подобрување на нивниот живот во заедницата, истовремено овозможувајќи овие објекти да бидат и понатаму отворени и добредојдени места за сите заедници. Во 2015, во САД беше спроведена национална студија за верските заедници и нивните искуства со кривични дела. Истражувањето покажа дека поголема е веројатноста кај синагогите и џамиите отколку кај останатите верски заедници, да бидат поставени безбедносни камери, да има ограничени места за влез, лица за обезбедување и други безбедносни мерки. Исто така, со истражувањето доследно се покажа дека местата за богослужба сметаат дека таквите безбедносни мерки се закана за нивната мисија да бидат свети места кои се отворени за нивните заедници.[114]

Безбедноста и добросостојба на сите кои ги користат и се вклучени во џамиите и исламските институции се обезбедува преку основни безбедносни процедури, и притоа не е корисно или добро решение да се затворат и обезбедуваат тие институции.

114 Christopher P. Scheitle, “Religious Congregations’ Experiences with, Fears of, and Preparations for Crime: Results from a National Survey”, Review of Religious Research, March 2018, Volume 60, Issue 1, pp 95–113, <https://doi.org/10.1007/s13644-017-0316-3>.

**Пример за размислување во општи рамки во врска со безбедноста на институциите, преземено од алатникот со ресурси „Најдобри практики за безбедност на џамиите и заедниците” на Советот за американско-исламски релации:**

*Бидете свесни:* Еден начин да се зголеми свесноста за безбедноста во вашата џамија е да подготвите програма за подигнување на свеста, како дел од планот за безбедност, за да сите припадници на џамијата се вклучат во помагање на раководниот тим и да пријавуваат сомнителни или невообичаени активности, луѓе или предмети во близина на џамијата или на центарот во заедницата.

*Оценете ја ранливоста:* Свесноста станува конкретна кога постои план за безбедност на објектот, дури и кога објектот е мал и планот е напишан на една или две страници (на пр: кој го заклучува објектот навечер и кој го вклучува алармот).

За раководството е важно да направи проценка на ризикот од ранливост пред да ја воведе програмата за безбедност.

*Спречете:* За да се справите со кривични дела врз џамиите, најважно е да се обидете тоа воопшто да не се случи. Оттука, превенцијата и одвраќањето преку политички, културолошки и општествени методи се исто толку важни како и безбедносните методи.

*Дадете одговор и ублажите:* Оценете го тековниот план за безбедност: Дали вашиот центар воопшто има план? Повеќето места немаат пишан план за безбедност. Кој е запознаен со тој план? Во идеални услови, планот за безбедност на една џамија или институција треба да биде во пишана форма, пошироко да ги дефинира процедурите што се разумни и остварливи, и силно се препорачува да биде назначено едно лице кое ја има целосната одговорност во синџирот на команда за безбедност.

*Закрепнување:* Навистина се надеваме дека „закрепнувањето” нема да биде потребно по кризна состојба. Меѓутоа, факторите што се развиени и вклучени за закрепнувањето може да бидат корисни и за други настани, од инциденти од помал размер до големи кризи.[115]

115 Преземено од „Најдобри практики за безбедност на џамиите и заедницата” алатник со ресурси, Совет за американско-исламски релации, <https://nj.cair.com/images/Mosque_Safety_Guide.pdf>.

## 7. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАШТИТА НА МУСЛИМАНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ИСЛАМСКИТЕ ЛОКАЦИИ, ВКЛУЧИТЕЛНО И ЗА ВРЕМЕ НА СПЕЦИЈАЛНИ НАСТАНИ

Земјите-учеснички можат да преземат неколку практични чекори за заштита на џамиите, исламските културни центри, исламските училишта и другите места кои се потенцијално изложени на ризик од напади врз муслимани:

- Треба да се обезбеди полициска заштита на локациите кои може да бидат мета на напади врз муслимани, вклучително и џамии и исламски училишта, но и бизниси во сопственост на муслимани, како што се халал супермаркети и ресторани;

- Достапните податоци за кривични дела од омраза треба да се користат за да се идентификуваат одредени „жаришта“ каде што често се случуваат инциденти против муслимани. Тоа може да се одредени области или улици, но исто така и специфичен тип на јавен простор, како што се јавен превоз или трговски центри. Овие области треба да бидат приоритет за полициските патроли или други превентивни иницијативи, како што се кампањи со постери или наменски обуки за кадарот;

- По специфични настани, како што се терористички напади или агресивни националистички собири може да има зголемено пријавување на кривични дела од омраза. Покрај локациите каде што најверојатно ќе се случат инциденти против муслимани, исто така е важно да се инвестира во зголемена безбедност и полициско присуство во моменти кога е најверојатно дека ќе се случат повеќе кривични дела од омраза против муслимани, односно, веднаш по терористичките напади или за време на политички или медиумски настани од висок профил поврзани со јавни дебати и во комбинација со реторика против муслимани.

- Може да биде корисно да се обезбедат финансиски ресурси што ќе помогне да се одговори на безбедносните потреби на муслиманските заедници, на пример, финансиска поддршка за лице за обезбедување или поставување на безбедносни камери во џамиите;

- Дополнителна заштита и други соодветни мерки за безбедност и сигурност (на пример, управување со сообраќај и маса од луѓе) може да се обезбедат во клучни моменти, како на пример за време на исламските празници. На пример, припадниците на муслиманската заедница може да бидат изложени на поголем ризик за време на Рамазан поради тоа што треба подолго да патуваат до џамиите за молитва, вклучително и во раните вечерни часови; и

- Спроведувањето на безбедносна проценка за да им се помогне на институциите подобро да се заштитат, може исто така да помогне не само да се спречат нападите, туку и да се обезбеди дека доказите ќе бидат достапни и собрани ако се случи напад.

**Препорака:**

Владите треба да размислат за преземање на мерки за зголемена безбедност и сигурност за да се заштитат исламските институции во клучните моменти кога заедниците се изложени на поголем ризик, како што се за време на исламските празници и по значајни настани, во земјата и во странство.

**Пример за добра пракса:**

Вооружена полиција беше распоредена во услови на засилени безбедносни мерки во џамиите во Шкотска по терористичкиот напад врз верниците во Лондон. Маж беше уапсен под сомнение за убиство и обид за убиство откако комбе се заби во пешаци во близина на џамијата во Финсбери Парк во раните утрински часови. Полицијата во Шкотска соопшти дека ќе има зголемено присуство во 84 џамии во земјата за да се уверат локалните заедници дека се безбедни.[116]

## 8. РАБОТА СО МУСЛИМАНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ДА СЕ ВОСПОСТАВАТ СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Муслиманските заедници во регионот на ОБСЕ обично немаат назначено лице за безбедност, воспоставен протокол за безбедносна стратегија и/или план за управување со кризи. Сепак, развојот на ваквите безбедносни структури треба да се охрабри и поддржи. Назначени лица за безбедност може да бидат доброволци од заедницата и ангажирани професионалци или претставници на заедницата можат да преземат одговорност за безбедносните работи. Нивните одговорности ќе зависат од расположливите ресурси, но треба да вклучуваат проценка на закани и ризици и планирање на безбедноста, како и координација и одржување врски со надлежните органи.

Специјализирани структури во рамки на муслиманските заедници, исто така, би можеле да преземаат мерки за подигнување на свеста кај нивните припадници за безбедносните прашања, вклучувајќи и преку детална обука, публикации и вежби за вонредни состојби. Таквите мерки не треба да ги дуплираат напорите што веќе се вложени од страна на владите или да ја намалат одговорноста на владите, ниту да се толкуваат како знак на недоверба. Наместо тоа, ваквите мерки треба да ги надополнат напорите на владите, што создава потреба од тесна соработка меѓу партнерите.

116 „Шкотската полиција ја зајакнува безбедноста во џамиите по терористичкиот напад", The Scotsman, 19 јуни 2017, <https://www.scotsman.com/news/police-scotland-steps-up-security-at-mosques-after-terror-attack-1-4480308>.

За да одговорат на нивните безбедносни потреби и соодветно да се подготват за кризни сценарија, на муслиманските заедници им се потребни силни владини партнери, особено на локално ниво. Мерките што ги преземаат заедниците и оние што ги презема владата треба да работат рака под рака, а не едни против други или во контрадикторни насоки. Исто така, муслиманските заедници треба да соработуваат со другите заедници кои се соочуваат со слични предизвици и веќе имаат воспоставено механизми за одговор, на пример еврејските заедници.

Владините агенции треба да им обезбедат поддршка на муслиманските заедници за воспоставување на стратегии и механизми за одговор на напад и да развиваат планови за вонредни состојби и системи за управување со кризи:

- Владините агенции можат да обезбедат помош на муслиманските заедници во планирањето за безбедноста и вонредните состојби преку спроведување проценки и истражувања за безбедноста, како и преку помош за изработка или повратни информации за постојните планови за безбедност на заедницата;

- Претставниците на владата можат активно да учествуваат на работилници и настани за подигнување на свеста со цел да се зголеми капацитетот на муслиманските заедници да одговорат на нападите;

- Владините агенции можат да споделуваат искуства и сознанија во однос на процедурите и рутините; и

- Владините агенции можат да организираат заеднички вежби за лицата за контакт од муслиманската заедница и лицата во првите линии на одговор за да обезбедат најдобар можен одговор на различни сценарија за вонредни ситуации.

## Совети за сигурност и безбедност на џамии, исламски центри и медреси[117]




**1. ПОДГОТОВКА И ПЛАН**
Направете проценка на степенот на ризик за вашите објекти, места за молитва, населби и локалната заедница. Побарајте професионален совет за протоколи за итни состојби.

**2. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАКАНИ**
Веднаш документирајте и пријавете ги сите закани, сомнителни активности, пакети или лица кај полицијата. Потсетете ги верниците на местата за молитва да пријавуваат исламофобична злоупотреба.

**3. ПОСТАВУВАЊЕ АЛАРМИ И КАМЕРИ**
Поставете системи со аларм за дојава на пожар (чад и топлина) и за безбедност кои се поврзани со локалната полиција и противпожарните бригади, каде што постои можност за тоа.

**4. ЧИСТИ И ВИДЛИВИ МЕСТА ВО НАДВОРЕШНИОТ ДЕЛ**
Отстранете ги потенцијалните опасности од пожар, како што се ѓубре и отпад и поткастрете ги грмушките и лозниците за да се намалат местата за прикривање. Поставете рефлектори што ќе го осветлуваат теренот и паркингот.

**5. ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ**
Прегледајте ги сите излези во случај на итна состојба, влезни места и хидранти за пожар. Сите вработени треба да бидат запознаени со протоколите за безбедност и нивните одговорности.

**6. ДОЛГОРОЧНО ПЛАНИРАЊЕ**
Соработувајте со полицијата и подгответе долгорочни планови за безбедност, проценка на заканите, планови за кризни состојби, обуки и вежби. Организирајте годишни вежби за безбедност и евакуација за сите вработени и верници.

**7. КОМУНИКАЦИЈА**
Одржувајте отворен канал за комуникација помеѓу местата за молитва, вработените и раководството. Ажурирајте ги информациите на вашата веб-страница и каналите на социјалните мрежи.

**8. ЗАКЛУЧУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЏАМИЈА**
Проверете дали сите влезни и излезни места на џамијата се безбедни и дека опремата за безбедност е активирана. Бидете особено претпазливи за време на утринскиот намаз и петочната молитва.

**9. РАБОТА ВО ПАРТНЕРСТВО**
Локалната полиција и тимовите на противпожарната бригада ќе бидат подготвени да помогнат доколку се ангажирате. Секогаш пријавувајте сомнителни активности, напади и злоупотреби.

**10. ОТВОРЕН ДЕН НА ЏАМИЈАТА**
Поканете претставници од пошироката заедница и немуслиманските населби во џамијата. Бидете транспарентни и вклучете ги. Тоа ќе помогне да се негуваат добри релации и да се отстранат сомнежите.

## 9. УВЕРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ВО СЛУЧАЈ НА НАПАД

Секој напад врз муслимани треба да биде признаен и осуден од владините претставници и граѓанското општество, без оглед на природата или сериозноста на кривичните дела. Дури и кривичните дела од помал размер може брзо да ескалираат ако се игнорираат. Ако не се осуди и веднаш не се одговори на искажаната омраза кон муслиманите во јавниот дискурс, тоа исто така, може да предизвика вознемиреност кај муслиманските заедници.

Влијанието од напад врз муслимани е уште поизразено ако одговорот од страна на владата е несоодветен. За споредба, изјавите на државните функционери може силно да влијаат врз довербата на заедницата. За да обезбедат дека одговорот е соодветен на долг рок, владините претставници треба да се координираат и да се консултираат со лидерите на заедницата.

За да ја уверат муслиманската заедница по нападот, владините претставници и политичките претставници може:

- Да го осудат нападот врз муслимани преку изјава за печатот или на социјалните медиуми;

---

117 Графиконите се репродуцирани со дозвола од Faith Associates, <http://www.faithassociates.co.uk/2013/06/28/mosque-security-safety-tips/>.

- Да учествуваат на комеморативен настан или бдение со муслиманската заедница;

- Да дадат наредба за зголемена полициска заштита и патроли за да се испрати порака за уверување на заедницата;

- Да се консултираат со муслиманската заедница, вклучително и претставници од заедницата со еднаква застапеност на жени и млади луѓе, за типот на иницијативи што може да се преземат за спречување на напади во иднина; и

- Да ги осудат нападите за да покажат разбирање и поддршка од лидерството, особено од страна на високи владини функционери и/или полициски началници.

Граѓанското општество, исто така, има улога во справувањето со влијанијата од големи инциденти, вклучително и во соработката со парламентарците и владините претставници. Јавното и отвореното покажување солидарност со муслиманските заедници, признавањето на влијанието што нападите врз муслиманите го имаат врз муслиманските заедници и сигнализирањето нулта толеранција кон сите манифестации на пристрасност кон муслимани, се покажаа како ефективни стратегии во неколку земји.

**Препорака:**

Граѓанското општество може да игра важна улога во уверувањето на муслиманската заедница по нападот, вклучително и во соработката со парламентарни и владини претставници и други заедници, јавно покажувајќи солидарност и сигнализирајќи политика на нулта толеранција кон кривични дела од омраза против муслимани.

**Пример за добра пракса:**

Во 2011 година, пред да се одржи петочната молитва, околу 150 поддржувачи на политичка партија во Бугарија организираа протести против џамија. Тие скандираа навредливи зборови против верниците и фрлаа јајца, камења и други цврсти предмети. Некои направија обид да ја прескокнат оградата на џамијата и да ги постават своите звучници внатре. Тоа предизвика тепачка меѓу демонстрантите и верниците. Петмина верници беа тешко повредени, а еден од нив имаше тешка повреда на главата. Лидерот на партијата и претходно повикувал на верска и етничка омраза. Некои национални медиуми го снимија целиот настан. Многу институции, граѓански и невладини организации, верски заедници и луѓе од друга вероисповед го осудија нападот. На Фејсбук беше организирана кампања со наслов „Цвет за ослободување на Бугарија“ која привлече илјадници следбеници. Еден ден по крвавиот напад, граѓаните положија цвеќе пред

џамијата во знак на солидарност и поддршка. Главниот муфтија официјално изрази благодарност до сите бугарски граѓани кои ја поддржаа иницијативата и покажаа сочувство.[118]

Пошироката јавност може да помогне во уверувањето на муслиманската заедница по нападот, преку признавање на природа на инцидентот против муслиманите и испраќање силен сигнал за поддршка на верската и културната различност. Јавноста може да покаже обврзаност да се работи кон создавање општество каде што муслиманите се чувствуваат безбедно за да јавно ја изразат својата религија и идентитет.

## 10. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ НА НАПАДИ ВРЗ МУСЛИМАНИ

**Минимални стандарди на Европската Унија за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела**

„Жртвите на кривични дела треба да бидат препознаени и со нив да се постапува со почит, чувствителност и професионално без каква било дискриминација на каков било основ, како што се раса, боја, етничко или социјално потекло, генетски карактеристики, јазик, религија или верување, политичко или какво било друго мислење, припадност на национално малцинство, имот, раѓање, попреченост, возраст, пол, изразување на родот, родов идентитет, сексуална ориентација, статус на престој или здравје. Во сите контакти со надлежен орган кој работи во контекст на кривичната постапка, и секоја служба која доаѓа во контакт со жртвите, како што се службите за поддршка на жртвите или службите за ресторативна правда, треба да се земат предвид личната ситуација и непосредните потреби, возраста, полот, можната попреченост и зрелоста на жртвите на кривични дела со целосно почитување на нивниот физички, ментален и морален интегритет. Жртвите на кривични дела треба да бидат заштитени од секундарна и повторна виктимизација, од заплашување и одмазда, треба да добијат соодветна поддршка за да се олесни нивното закрепнување и треба да им се обезбеди доволен пристап до правда.”[119]

За да се подобри имплементацијата на Директивата, во 2017 година Европската комисија издаде упатство.[120]

118 Одговор на барањето на ОДИХР во врска со безбедносните потреби и примери за добри практики, добиено на 9 октомври 2019 од муслиманската верска група, Канцеларија на главниот муфтија.

119 Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, <https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32012L0029&from=EN>.

120 Документи со заклучоци на Групата на високо ниво предводена од Европската комисија за борба против расизмот, ксенофобијата и други форми на нетолеранција –„Обезбедување правда, заштита и поддршка за жртвите на кривични дела од омраза и говор на омраза: “10 клучни водечки принципи”, <http://ec.europa.eu/newsroom/just/document.cfm?doc_id=48874>. Информации за конкретни достапни ресурси за жртвите на кривични дела од омраза се исто така достапни и на: <http://ec.europa.eu/newsroom/just/document.cfm?doc_id=48875>.

Владините агенции можат да обезбедат значајна помош за муслиманските заедници за да се минимизираат штетите по трауматски настан и да им помогнат на заедниците да се вратат на секојдневниот живот по нападот.

За да ја подобрат поддршката за жртвите на напади врз муслимани, владите можат:

- Да работат со национални институции за човекови права, академици, невладини организации и меѓународни организации за спроведување анкети кои помагаат да се разјаснат потребите на жртвите на напади врз муслимани;
- Да се консултираат со муслиманските заедници и релевантните организации за поддршка на жртвите за да се подготват ефективни стратегии за поддршка на жртвите;
- Да обезбедат полициските служби да се оспособени за да ја разберат структурата на муслиманските заедници и одговорностите на нивните припадници;
- Да усвојуваат нијансирани пристапи по секој инцидент, врз основа на индивидуална проценка на потребите на секоја жртва (понекогаш социјалните услуги за психолошка поддршка може да бидат доволни и може да не биде потребна вклученост на полицијата);
- Да обезбедат дека лицата кои обезбедуваат поддршка на жртвите се обучени за специфичните карактеристики на муслиманската заедница;
- Да бидат свесни за верската пракса и потреби на жртвата, но пред сѐ за потребата да се почитува достоинството на жртвата. Свесноста и посветувањето внимание на муслиманските верски и културни практики и на муслиманските празници и традиции може да биде релевантно за интервјуирање на жртвите и сведоците, евидентирање на доказите и спроведување на други полициски должности;
- Да се ангажираат околу одржување чести контакти и давање поддршка за време на истрагата за да се разувери заедницата и да преземат чекори за воспоставување јасна повелба за контакт со жртвите; и
- Да размислат за давање поддршка на пошироката муслиманска заедница која можеби била погодена од напад и да вложат напори да ја уверат заедницата и да создадат механизми за поддршка.

# Анекси

# Анекс 1: Студии на случај

Следните студии на случај може да се користат во контекст на градењето капацитети за да се создаде пракса во работата со индикатори за пристрасност.

Кога се дискутира за студиите на случај, треба да се постават следните прашања:

- Доколку треба да спроведете истрага за овој инцидент, кои прашања би ги поставиле?
- Кои општи информации ќе ги побарате?

**Студија на случај 1: Убиство**

Маж од северноафриканско потекло го напуштил својот дом во 6:40 часот наутро со своето возило. Додека возел, друг автомобил го бркал и удрил во него. Во другиот автомобил бил 31-годишен маж, службено лице од органите на законот кој не бил на должност, туку на боледување поради болки во грбот, и со себе го имал службеното оружје и мачета од 46 см. Тој прво пукал низ прозорецот, а потоа удрил во автомобилот на имигрантот и поради тоа морал да застане и излегол од автомобилот со неговото огнено оружје. Го претепал возачот кој тргнал да бега и притоа го застрелал 11 пати во грбот, нозете и стапалата. Конечно, кога веќе го соборил на земја, полицискиот службеник го застрелал возачот во главата. Според неговото признание, тој пукал во него мислејќи дека ќе изврши терористички напад. Бил опседнат со идејата за терористички напад во родната земја и мислел дека ќе биде награден за тоа. „Мислев дека има муслимански особини и не можев да престанам да мислам на тоа." Тој бил осуден на 14 години затвор. Во изречената казна не била наведена отежнителна околност што би претставувало кривично дело од омраза. Единствено било наведено дека кај сторителот имало „ненадејно ментално заболување".

**Студија на случај 2: Подметнување пожар**

Во една земја-членка на ОБСЕ, канцелариите на авганистанската заедница во главниот град биле нападнати и запалени. Националистичка група ја презела одговорноста за нападот. По нападот, муслиманската заедница истакнала дека претходно ја известиле полицијата за заканувачки телефонски повик до нив, но полицијата се чини дека не презела сериозни мерки за истрага или апсење на групата. Во 2017 година, истата група ја презела одговорноста за нападот врз куќата на авганистанско момче кое било на вестите поради тоа што не му било дозволено да го држи знамето за време на националниот празник.

**Студија на случај 3: Пораки и графити**

На зградата на универзитет и на различни џамии низ градот биле исцртани графити со спреј. Пораките гласеле: „Нема да има џамија во [нашата населба]“ и „Смрт на главниот муфтија“.

**Студија на случај 4: Недозволен влез на имот**

По изјавата на еден политичар за забрана на изградба на нови џамии, членови на националистичка група влегле на територијата на џамијата и поставиле билборд на кој пишувало „Исламизацијата убива“. Тоа го објавиле на Јутјуб и полицијата била информирана, но никој никогаш не бил обвинет за кривично дело, иако нивните лица биле јасно видливи за време на настанот.

**Студија на случај 5: Физички напад**

Маж, припадник на Сиките, бил нападнат од лице од обезбедувањето заедно со неговите колеги пред ноќен клуб на туристичка дестинација, бидејќи изгледал како „терорист”. Од полицијата рекле „што очекувате по нападите во Париз,” и дека „белците се разликуваат од кафеавите луѓе”. Полицијата ги дала овие коментари откако тој бил нападнат и спречен да влезе во клубот од страна на агресивното обезбедување кои плукале во него, и покрај тоа што тој им понудил да се ракува со нив и да замине. „Луѓето од обезбедувањето потоа ме опколија и еден ме удри во лицето толку силно и мојот турбан падна на земја,” додал тој. „Бев во шок, ама, навистина бев шокиран од односот на полицијата,” рекол тој, додавајќи дека полициски службеници биле сведоци како луѓето од обезбедувањето го плукале и се обидувале да го удираат повторно откако го идентификувале. Тој додал дека полицијата одбила да го приведе напаѓачот, и наместо тоа, го предупредиле дека може да се соочи со одмазда од страна на пријателите на напаѓачот. Повикувајќи се на инцидентот, портпаролот на регионалната полиција негирал дека имало какви било проблеми со постапувањето на полицијата. Менаџерот на ноќниот клуб рекол дека осудува секакво расистичко однесување и дека конкретниот напаѓач од обезбедувањето бил суспендиран во очекување на истрагата, но, негирал дека се случил некаков напад и тврдел дека на мажот не му било дозволено да влезе бидејќи клубот бил преполн.

# Анекс 2: Предлози за активности на клучните засегнати страни

Збирна табела

| **Јас сум** | **Што можам да направам за да помогнам во решавањето на проблемот?** | **Со кого можам да соработувам за решавање на проблемот?** | **Како можам да ја користам оваа публикација?** |
|---|---|---|---|
| **Пратеник во парламент** | Да се усвои специфична, прилагодена легислатива за справување со кривични дела од омраза, притоа обезбедувајќи ефективни казни кои ја земаат предвид тежината на кривичните дела мотивирани од пристрасност.<br><br>Да се побара правна ревизија од ОДИХР за законодавството или законите поврзани со кривични дела од омраза.<br><br>Да се иницира парламентарна истрага и да се разгледа дали треба да се преземат други активности за да се одговори на безбедносните потреби на муслиманските заедници.<br><br>Да се стапи во контакт со муслиманската заедница во вашата изборна единица за да дознаете за нивните грижи.<br><br>Да се обезбедат мерки во вашата политичка партија за оспорување на расизмот и нетолеранцијата.<br><br>Да се искористи секоја можност за да се осуди и отфрли изразувањето на предрасуди кон муслиманите: онлајн и во физичката реалност, како заизразување на насилен така и на ненасилен начин, и да се побараат стручни совети за да се идентификува кодираното изразување на предрасуди против муслимани.. | Здружете ги силите со другите пратеници од вашата и од другите партии.<br><br>Дознајте повеќе за работата на меѓународните парламентарни тела во однос на предрасудите кон муслиманите.<br><br>Тесно соработувајте со активисти на граѓанското општество и верски лидери во вашата заедница за да изградите коалиција против предрасуди кон муслиманите. | Запознајте се со важечките меѓународни обврски за справување со проблемот.<br><br>Проверете кои се начините како да иницирате, поддржите и да се вклучите во една од наведените конкретни практични иницијативи.<br><br>Запознајте се со специфичните карактеристики на кривичните дела од омраза против муслимани за да го зајакнете вашиот сопствен одговор на предрасудите кон муслиманите. |

| Јас сум | Што можам да направам за да помогнам во решавањето на проблемот? | Со кого можам да соработувам за решавање на проблемот? | Како можам да ја користам оваа публикација? |
|---|---|---|---|
| **Државен службеник** | Да се иницира подготовка на обука за кривични дела од омраза против муслиманите наменета за државните службеници, особено за оние кои ја надгледуваат и подготвуваат обуката за кадри од кривичната правда.<br><br>Да обезбедите дека политиките против вознемирување и малтретирање на работното место вклучуваат и оспорување на нетолеранција кон муслиманите.<br><br>Во зависност од вашата улога и мандат, да се иницира кампања за подигнување на свеста за потребата од сузбивање на прашањата против муслиманите.<br><br>Внатрешни работи/правда: да дознаете како вашата земја се справува на планот на собирање податоци за кривични дела од омраза против муслимани и надминување на празнините во податоците, ако постојат.<br><br>Внатрешни работи/правда: да процените и прегледате дали постојат механизми, политики и мерки за решавање на безбедносните потреби на муслиманските заедници и за обезбедување заштита на муслиманските локации. | Разгледајте кои академски експерти или истражувачки институти, како и граѓански организации имаат искуство во испорака на таква обука.<br><br>Соработувајте со локалните власти, граѓанските организации и медиумските партнери.<br><br>Стапете во контакт со муслиманските заедници и граѓанските организации за да дознаете повеќе за нивните извештаи за кривични дела од омраза против муслиманите.<br><br>Контактирајте ја муслиманската заедница и поврзете се со нејзините претставници и/или координатори за безбедност. | Запознајте се со спектарот на напади врз муслиманите во регионот на ОБСЕ и<br><br>со клучниот контекст во позадина на овие напади.<br><br>Разберете зошто подигнувањето на свеста за ова прашање е толку важно.<br><br>Пристапите до релевантни ресурси и идеи во однос на важноста да се собираат податоци за кривични дела од омраза.<br><br>Прегледајте ги практичните сугестии за тоа зошто и како владините претставници можат да соработуваат со муслиманските заедници за безбедносни прашања. |

| Јас сум | Што можам да направам за да помогнам во решавањето на проблемот? | Со кого можам да соработувам за решавање на проблемот? | Како можам да ја користам оваа публикација? |
|---|---|---|---|
| **Службеник за спроведување на законот** | Да се оцени дали кривичното дело што се евидентира и истражува можеби е мотивирано од пристрасност.<br><br>Да се закаже состанок со вашата локална муслиманска заедница за да воспоставите контакти, да ги идентификувате нивните безбедносни грижи, и да увидите како функционира заедницата.<br><br>Да го изградете вашиот капацитет за разбирање и одговор на кривични дела од омраза против муслиманите.<br><br>Да оцените како можете да соработувате со муслиманската заедница за да соберете податоци за кривични дела од омраза против муслиманите и да се одговори на недоволното пријавување.<br><br>Да обезбедите дека политиките против вознемирување и малтретирање на работното место вклучуваат и оспорување на нетолеранцијата кон муслиманите.<br><br>Да ги координирате процедурите за комуникација во итни состојби со муслиманската заедница. | Прашајте ја жртвата и другите сведоци за нивната перцепција за каква било пристрасност кон муслимани за даден инцидент или кривично дело.<br><br>Здружете ги силите со некои од вашите колеги за да ги закажете овие состаноци.<br><br>Побарајте од вашиот претпоставен да учествувате во програма за обука, како што се TAHCLE и PAHCT.<br><br>Поврзете се со вашите претпоставени за тоа дали ова би можело да се преземе на национално ниво.<br><br>Побарајте лице за контакт во службата за безбедност на муслиманската заедница. | Проверете го прегледот на индикаторите за пристрасност наведени под „II. Кривични дела од омраза против муслиманите во регионот на ОБСЕ: клучни карактеристики“ и видете дали тоа ќе ви помогне за да се утврди мотивација од пристрасност.<br><br>Дознајте повеќе за тоа како агенциите за спроведување на законот можат да работат со муслиманските заедници за безбедносните прашања.<br><br>Консултирајте го списокот со понудени ресурси и програми за обука, како што се програмата TAHCLE на ОДИХР и Водичот за собирање податоци.<br><br>Погледнете ги добрите практики од различни земји-учеснички на ОБСЕ. |

| Јас сум | Што можам да направам за да помогнам во решавањето на проблемот? | Со кого можам да соработувам за решавање на проблемот? | Како можам да ја користам оваа публикација? |
|---|---|---|---|
| **Претставник на муслиманска верска заедница** | Да се започне со следење на кривичните дела од омраза против муслиманите и охрабрување на припадниците на вашата заедница да пријавуваат инциденти и кривични дела. Вашата методологија за евидентирање и толкување на информациите треба да е јасна и транспарентна.<br><br>Да се формираат широки коалиции со организации кои работат на прашања за човековите права за решавање на прашањата на нетолеранција кон муслиманите, како и прашањата за толеранција и недискриминација воопшто.<br><br>Да се организира ден на отворени врати со муслиманската заедница и да се поканат релевантни владини претставници и активисти на граѓанското општество да ја запознаат заедницата.<br><br>Да се застапувате кај вашата влада за да ги проследи и спроведе меѓународните обврски.<br><br>Да контактирате со културни и образовни институции, како и со медиумите, за да ги споделите вашите извештаи и загриженоста за пристрасноста кон муслиманите. | Стапете во контакт со релевантните меѓународни мрежи на граѓанското општество.<br><br>Контактирајте со други верски заедници, културни организации и групи на граѓанското општество за да ја добиете нивната поддршка за коалиции на поширока основа.<br><br>Здружете ги силите со други граѓански организации за да организирате ден на отворени врати.<br><br>Контактирајте ги релевантните членови на заедницата, како и други граѓански организации со искуство во оваа област.<br><br>Разговарајте со локалните полициски служби за можностите за потенцијална соработка и настани за промовирање на безбедноста на заедницата и пријавување на кривични дела од омраза во вашата локална заедница. | Дознајте повеќе за програмите за обука и за ресурсите што ги нуди граѓанското општество и меѓувладините организации, како што е обуката на ОДИХР наменета за граѓанското општество за кривични дела од омраза и водичот за ресурси за граѓанското општество.<br><br>Дознајте повеќе за меѓународните стандарди што се однесуваат на вашата влада и што може да биде релевантно за вас. |

| Јас сум | Што можам да направам за да помогнам во решавањето на проблемот? | Со кого можам да соработувам за решавање на проблемот? | Како можам да ја користам оваа публикација? |
|---|---|---|---|
| **Претставник на муслиманска организација за човекови права** | Да се започне со следење на кривичните дела од омраза против муслиманите и охрабрување на припадниците на вашата заедница да пријавуваат инциденти и кривични дела.<br><br>Да се формираат широки коалиции со организации кои работат на прашања за човековите права за решавање на прашањата на нетолеранција кон муслиманите, како и прашањата за толеранција и недискриминација воопшто.<br><br>Да се организираат настани со муслиманската заедница, релевантните владини претставници, полицијата и активисти од граѓанското општество за подигнување на свеста за безбедносните предизвици на муслиманите и за промовирање на сојузи за справување со ова прашање.<br><br>Да се застапувате кај вашата влада за да ги проследи и спроведе меѓународните обврски.<br><br>Да контактирате со културни и образовни институции, како и со медиумите, за да ги споделите вашите извештаи и загриженоста за пристрасноста кон муслиманите. | Стапете во контакт со релевантните меѓународни мрежи на граѓанското општество.<br><br>Контактирајте со други верски заедници, културни организации и групи на граѓанското општество за да ја добиете нивната поддршка за коалиции на поширока основа.<br><br>Здружете ги силите со други граѓански организации за да организирате ден на отворени врати.<br><br>Контактирајте ги релевантните членови на заедницата, како и други граѓански организации со искуство во оваа област. | Дознајте повеќе за програмите за обука и за ресурсите што ги нуди граѓанското општество и меѓувладините организации, како што е обуката на ОДИХР наменета за граѓанското општество за кривични дела од омраза и водичот за ресурси за граѓанското општество.<br><br>Дознајте повеќе за меѓународните стандарди кои се однесуваат на вашата влада. |
| **Активист на граѓанското општество од немуслиманска вероисповед** | Да се провери дали вашата организација може да направи нешто за да покаже солидарност со муслиманската заедница во поглед на нападите врз муслимани.<br><br>Да се испланира заеднички културен настан со муслиманската заедница за да се поттикне толеранција и да градат коалиции против пристрасноста кон муслимани.<br><br>Да се идентификуваат заеднички цели со муслиманските заедници за заедничко залагање за подобро собирање податоци за кривични дела од омраза и, на тој начин, да се градат коалиции. | Контактирајте со муслиманската заедница или со организација од муслиманската заедница за да дознаете повеќе за нивните загрижености.<br><br>Контактирајте ја муслиманската заедница и другите граѓански организации и организации во заедницата кои работат на кривични дела од омраза.<br><br>Разгледајте кои академски експерти или истражувачки институти, како и граѓански организации имаат искуство во испорака на таква обука. | Дознајте за влијанието на нападите врз муслимани врз секојдневниот живот на муслиманскиот народ.<br><br>Дознајте повеќе за меѓународните стандарди кои се однесуваат на вашата влада.<br><br>Запознајте се со спектарот на напади врз муслимани во регионот на ОБСЕ и со клучниот контекст што е во позадината на овие напади. |

| Јас сум | Што можам да направам за да помогнам во решавањето на проблемот? | Со кого можам да соработувам за решавање на проблемот? | Како можам да ја користам оваа публикација? |
|---|---|---|---|
| **Верски лидер на немуслиманска заедница** | Да се започне меѓуверска иницијатива која ги обединува припадниците на различни заедници, вклучително и од муслиманската заедница.<br><br>Да се организира настан за подигнување на свеста за инциденти и кривични дела од омраза против муслимани во вашата заедница и да се покани гостин кој ќе претстави инспиративен проект за градење коалиција на граѓанското општество.<br><br>Да започнете со собирање на податоци за кривични дела од омраза насочени кон вашата заедница. | Побарајте совет и поддршка од искусни организации<br><br>за меѓуверските работи и поканете и други членови на вашата заедница да се приклучат.<br><br>Стапете во контакт со стручните лица за безбедност на муслиманската заедница и видете дали постои начин да соработувате со нив во областа на собирање податоци за кривични дела од омраза. | Дознајте за некои меѓуверски настани и иницијативи што се случија низ регионот на ОБСЕ како одговор на нападите врз муслимани.<br><br>Запознајте се со современите начини на манифестирање говор на омраза и кривични дела од омраза против муслимани и дознајте зошто е толку важно тие да се надминат преку соработка и пристап базиран на човекови права.<br><br>Дознајте повеќе за постоечките добри практики. |
| **Народен правобранител/тело за еднаквост** | Да се започне истражување за виктимизацијата за да се дознае повеќе за безбедносните потреби на муслиманските заедници и нивното искуство со кривични дела од омраза против муслиманите. | Консултирајте се со организациите за поддршка на жртвите, со муслиманската заедница, и со меѓународните тела. | Дознајте повеќе за некои од карактеристиките на современата пристрасност кон муслимани и како таа влијае на муслиманските заедници. |
| **Наставник** | Да се провери дали учениците муслимани во вашето училиште доживуваат вознемирување, закани или насилство на одење и заминување од училиште, како и на училиште.<br><br>Да се создадат можности за учениците да учат за исламот и особено за нетолеранцијата кон муслиманите, расизмот и ксенофобијата.<br><br>Да бидете сигурни дека вашиот наставен план и наставни материјали се инклузивни и непристрасни.<br><br>Да поддржите и да се вклучите во обука за современите форми на пристрасност кон муслимани. | Консултирајте се со вашите колеги, контактирајте со организациите на муслиманската заедница и поврзете се со муслиманските младински организации.<br><br>Побарајте поддршка од раководството на училиштето. | Дознајте повеќе за некои од карактеристиките на современата пристрасност кон муслиманите и како таа влијае на муслиманските заедници. |

# Анекс 3: Исламот и муслиманите: Што треба да знаат полициските службеници

ОДИХР го презема и обезбеди овој анекс во скратена форма, откако беше добиена дозвола од публикацијата *Исламот и муслиманите: Што треба да знаат полициските службеници*?, објавена од Асоцијацијата за исламски социјални служби, Канада.

Овој анекс има за цел да им помогне на полициските службеници подобро да ја разберат муслиманската заедница, нивната вера и култура. Притоа, намерата не е да се даде објаснување за однесувањето на секој муслиман со кој може да се сретне еден полициски службеник.[121]

## Кој е муслиман?

Муслиман е човек кој верува во исламот. Муслиманите веруваат дека постои само еден Бог (Алах) и дека пророкот Мухамед е последниот пророк на Алах. Сунитските и шиитските муслимани ги претставуваат двете главни верски заедници во исламот. Тие претставуваат две различни страни кои се поделиле по смртта на пророкот Мухамед околу тоа кој ќе го наследи. Најголемиот дел од муслиманите во светот се сунитските муслимани. Според проценките, таа бројка се движи помеѓу 85% и 90%.[122]

## Што е ислам?

Исламот е повеќе од религија, тоа е начин на живот. Тоа значи мирно потчинување на волјата на единствениот Бог (Алах на арапски). Муслиманите веруваат во сите пророци, вклучувајќи ги Исус и Мојсеј. Муслиманите имаат заповед да го следат примерот на пророкот Мухамед, кој бил познат по својата чесност и милосрдие.

## Столбови на исламот

Како и кај сите религии, постои основно јадро на верувања и практики кои ја дефинираат исламската религија. Ова се некои од заедничките именители кои ја разликуваат и дефинираат исламската вера. Во најмала рака, тоа јадро го вклучува она што е познато како пет столба на исламот. Петте столба на верата се следните:

---

121 *Исламот и муслиманите: Што треба да знаат полициските службеници*, Асоцијација на исламски социјални служби, Канада, <http://www.issacanada.com/islam-and-muslims-what-police-officers-need-to-know/>.

122 Сунити и Шиити: Антички раскол во исламот: https://www.bbc.com/news/world-middle-east-16047709

**1. Заветот на верата (шахада): Да се верува и да се изјавува дека нема друг бог освен еден Бог и дека Мухамед е божји пратеник.**

Заветот на верата е најосновниот и највамжниот столб на исламот. Муслиманските теолози се согласуваат дека верувањето и изговарањето на заветот на верата е убедување и дело што го дефинира муслиманот. Обратното е исто така точно: негирање на заветот на верата значи дека некој не е муслиман. На најосновно ниво, заветот на верата значи силно и непоколебливо убедување во еден Бог, кој нема партнери или еднакви, и кој не е роден и кој не раѓа друг. Заветот, исто така, значи да се верува дека Мухамед е божји пророк и гласник, кој верно го пренел она што Бог му го открил. Верувањето дека Мухамед бил само човечко суштество кое не поседувало божествени моќи или особини е клучен дел од исламската вера. Улогата на Мухамед била ограничена на пренесување на буквалното божествено откровение, од збор до збор и на верно постапување по божјите заповеди.

На арапски јазик, Богот во кој веруваат муслиманите се нарекува Алах. Муслиманите веруваат дека го почитуваат истиот Бог што го почитуваат Евреите и христијаните. Фразата „Луѓе на словото“ при употребата на Куранот се однесува на следбениците на аврамската вера, претежно христијани и Евреи. (Причината поради која е наведено претежно христијани и Евреи е бидејќи Куранот ги споменува и Сабијците, но муслиманските правници го прошириле статусот на „Луѓето на словото“ на зороастријците, хиндусите и Сиките, а некои правници дури ги додале и конфучијаните на листата.) Обраќајќи им се на Луѓето од словото, Куранот ги потсетува следбениците на трите монтеистички религии дека сите го почитуваат истиот Бог.

**2. Молитва (салат): Муслиманите се обврзани да извршуваат пет формални ритуални молитви на ден.** Муслиманите извршуваат пет одделни дневни молитви во одредено време (сунитска традиција) во согласност со позицијата на сонцето, додека шиитски муслимани ги комбинираат пладневните и вечерните молитви, така што тие извршуваат три одделни молитви во текот на денот. Муслиманите, исто така, се должни да одат на заедничка молитва во џамијата еднаш неделно, во петоците, позната како џума молитва. Муслиманите се охрабруваат да се молат во џамијата колку што е можно повеќе. Петочната молитва има за цел да ги зближи муслиманските заедници на верски собир за да слушаат проповед пред да извршат молитва заедно.

**3. Пост за време на Рамазан (сијам)**: За време на месецот Рамазан, од изгрејсонце до зајдисонце, секој ден во текот на триесет дена, муслиманите се воздржуваат од јадење и пиење, ако физички се способни да го сторат тоа, како и од интимни сексуални односи. Ова е месец во кој муслиманите се фокусираат на сите форми на самодисциплина и се обидуваат да ги отстранат лошите навики. Во текот на месецот Рамазан, муслиманите треба да ги интензивираат своите напори во борбата да ги надминат своите лоши и пакосни желби и слабости. Во исламските извори, ова е познато како *џихад ал-нафс*, или борба против себе.

**4. Давање милостиња (закат):** Тоа е процент (што се движи од 2.5 до 20 проценти, зависно од сектата) што го одделуваат од своето богатство за сиромашните во една година. Покрај ова милосрдие, муслиманите се охрабруваат и да даваат во добротворни цели (садака), секој според сопственото богатство и способност.

Давањето во добротворни цели е една од најчесто истакнуваните обврски во Куранот. Во Куранот се споменува група на луѓе кои особено заслужуваат милосрдие: сиромашните, сираците, роднините кои имаат потреба, патниците и непознатите лица или странците во земјата, и воените затвореници или други луѓе во состојба на ропство. Најважно е што повеќето муслимански учени луѓе не прават разлика помеѓу давање милосрдие на лица кои се и не се муслимани.

**5. Аџилак (хаџ):** Аџилак во Мека еднаш во животот за муслимани кои можат да си го дозволат патувањето и здравствената состојба им дозволува да го направат тоа.

Аџилакот е симбол на муслиманското единство и на еднаквоста на сите муслимани. Сите муслимани одат на аџилак облечени во ист вид облека, така што не постои разлика помеѓу богатите и сиромашните, и сите стојат еден до друг пред Бога додека мажите се облечени во исти бели наметки и жените во едноставна облека.

„Овие пет столба го сочинуваат ‹рбетот на исламската вера, и според традиционалниот исламски закон, сите муслимани мора најмалку да се стремат да ги исполнат петте обврски чесно и искрено. Негирањето на еден од петте столба ги одвојува од исламската вера, што значи дека муслиманите, во принцип, мора да ги прифатат петте столба како задолжителни. Всушност, исполнувањето на петте столба е друго прашање. Сè додека некој признава дека петте столба се суштината на исламот и го изговара заветот на верата, тој е прифатен во исламот. Суштинската цел на петте столба е да ги научи луѓето постојано да работат на развивање однос со Бога; да научат побожност, самозадржување и понизност; да го нагласат заедничкото братство на сите муслимани; и да ја истакнат важноста на служењето на другите како начин за почитување на Бога. Петте столба се опишани како темел на кој стои остатокот од исламот, бидејќи тие го отвораат потенцијалот за остварување на навистина возвишеното – за остварување на божественоста во себе со себе-предавање на боженственото”.[123]

## Дали муслиманите имаат свето писмо?

Куранот е светото писмо на муслиманите. Муслиманите веруваат дека пред 14 века, Куранот му се откривал на пророкот Мухамед во период од 23 години и до денес е зачуван во оригиналниот текст и јазик. При ракувањето со Куранот треба да се покаже голема почит и грижа.

---

123 Овој дел за петте столба на исламот е преземен од Khaled Abou El Fadl, *The Great Theft: Wrestling Islam from the Extremists*, <https://www.searchforbeauty.org/islam-101/what-muslims-believe/ >.

## Што е суна и хадис?

Суна се практиките на пророкот Мухамед и она што тој го одобрил. Хадис се поуките на пророкот Мухамед.

## Муслимански празници

Постојат два годишни фестивали. Фестивал на прекин на постот (**Eid-ul-Fitr**) се одржува веднаш по месецот на постот, односно, месецот Рамазан. Фестивал на жртвата (**Eid-ul-Adha**) се одржува за време на годишниот аџилак Хаџ. Лунарниот календар се следи за да се определи датата на секој од нив. Секоја прослава започнува со посебни молитви на кои присуствуваат сите муслимани и обично тоа е еден од најголемите собири на муслиманите во земјата.

**Хаџ** е годишен аџилак во Мека, патување кое муслиманите треба да го направат најмалку еднаш во животот, ако се финансиски и физички способни.

**Исламската нова година** започнува со првиот ден од месецот Мухарам, првиот месец во исламскиот лунарен календар. Исламскиот календар започнал со преселбата на пророкот Мухамед и неговите следбеници од Мека во Медина.

**Мавлид (или Милад) ун-Наби** го означува раѓањето на пророкот и се однесува на одбележувањето на роденденот на пророкот Мухамед.

## Денот на Ашура

Ашура се паѓа на десеттиот ден од Мухарам. Кај сунитските муслимани тоа обично се одбележува со завршување на незадолжителниот пост што го презел пророкот Мухамед. За шиитските муслимани, тоа е одбележување на годишнината од трагичната смрт на внукот на пророкот, Хусеин. Вообичаено се одбележува со жалост, а понекогаш и со реконструкција на трагичниот настан.

## Ограничувања во исхраната

Исламот забранува консумирање на свинско месо и производи од свинско потекло. Алкохолот и која било друга дрога се забранети во исламот. Храната што ги исполнува муслиманските верски барања се нарекува „халал“.

## Општи упатства

На мажите и на жените муслимани им се препорачува да се облекуваат скромно на јавни места.

a. Некои муслимански мажи ги следат препораките за покривање од папокот до коленото со широка, нетранспарентна облека. Некои муслимански мажи ја

покриваат главата со кружна капа, понекогаш бела, понекогаш со други бои, обично наречена „куфи“. Муслиманските мажи се охрабрени од примерот на пророкот Мухамед да ја пуштат брадата. Ова е важен религиозен чин кој треба да се почитува. Тие не треба да бидат принудени да ја избричат брадата, освен ако тоа е неопходно за безбедноста и здравјето.

б. Некои муслимански жени ги следат препораките за покривање на своето тело, како и лицето и рацете со лабава, нетранспарентна облека. Некои муслимански жени ги покриваат косата, вратот и градите со лабава марама, обично наречена „хиџаб“. Некои муслимански жени, исто така, можат да го покријат лицето со тенок превез наречен „никаб“.

Исто така, треба да се напомене дека сите муслимански мажи и жени не се облекуваат на овој начин. Тоа во ниеден случај не ја намалува нивната посветеност на нивната вера.

## Чести арапски фрази што ги користат муслиманите

*Alhamdulillah*
Слава му на Бога, честопати кажано како одговор на „Како си?“

*Assalamu Alaykum*
Израз што муслиманите го користат кога се среќаваат. Во превод овој поздрав значи „Мир во тебе.”

*Jazakum Allahu khairan*
Алах да те награди за твојата добрина. Муслиманска верзија за благодарам.

*Subhan'Allah*
Целата слава му припаѓа на Алах, во моменти на достигнувања или благослов.

*Insha' Allah*
Ако Бод даде, се кажува кога се ветува или се планира да се направи нешто.

*Allah' O Akbar*
Бог е најголем, Повик за молитва, често користена фраза како пофалба на Бог.

## Често користени и дискутирани термини

*Џихад*
Преводот на џихад на англиски јазик како „света војна“, кој е во широка употреба, нанесе голема неправда, бидејќи џихадот буквално значи борба, напор и стремеж. Терминот „света војна“ нема корен во исламската терминологија. Најважната борба е да се прочисти срцето за да се следат заповедите на Алах и да се прават добри дела. Исламот предвидува војна само во строго утврдени услови на самоодбрана

и за нека да се стави крај на прогонот. Ако џихад се дискутира во облик на воена борба, тоа се санкционира во исламската традиција, и џихад може да биде прогласен само од страна на признати верски и политички власти под јасни услови и правила на војна.

*Имам*
Имамот е „водач“ кој ја предводи молитвената служба во џамијата и држи петочни богослужби. Во некои општества, каде што џамиите се центри на муслиманската заедница, имамот исто така презема дополнителната улога на духовен советник и/или гласноговорник на заедницата. Многу џамии или месџиди вработуваат имами со полно работно време, а некои имаат доброволни водачи за молитва. Тие не треба да се мешаат со свештениците, бидејќи во исламот не постои свештенство (сепак, шиитските муслимани му даваат поголемо значење на имамот).

*Шеријат*
Шеријат е сеопфатен корпус/збирка на мислења и јуриспруденција која ги опфаќа сите сфери на животот: социјална, политичка, економска и духовна. Муслиманите го следат шеријатот во нивниот секојдневен живот на лично ниво, како што се воздржување од алкохол или коцкање. Шеријатот е изведен од Куранот (се верува дека е првото божествено откритие на изворот на вера) и од Хадис (вториот извор на верата) – поуките на пророкот.
Целта на шеријатот е да воспостави правда и мир во општеството. Казнените мерки споменати во Куранот се само мал дел од овој корпус на знаење.

*Фатва*
Верско необврзувачко мислење или одлука, што може да ја дадат само квалификувани и признаени учени лица за исламот, за кое било прашање. Секој муслиман може да побара фатва или учените лица на своја иницијатива да дадат одлука или мислење за прашања поврзани со општествениот, политичкиот, економскиот и духовниот живот на муслиманите.

## Кодекс за однесување[124]

**Приватност и ракување**
Се препорачува при комуникација и испрашување на жени и мажи муслимани, тоа да го прават полициски службеници од ист пол. Ако тоа не е можно, се препорачува тоа да се каже и објасни. Некои муслимани ќе одлучат да не се ракуваат со раце или да воспостават физички контакт со луѓе од спротивниот пол, освен ако тоа не се нивни родители, браќа, сестри или сопружници. Едноставното кимање со главата при поздравување значи добредојде. Тоа треба да се сфати како начин на поставување лични граници.

124 Намерата не е со овој дел да се дефинира што е прифатлив кодекс на однесување за сите муслимани насекаде, туку да се претстави куса збирка на практики што се почитуваат и вреднуваат од повеќето муслимански заедници.

**Претрес на телото**
Ако е потребно да се направи претрес на телото, се препорачува тоа да го прави полициски службеник од истиот пол/род. Се препорачува тоа да се прави во приватност. Во таа категорија треба да спаѓа и барањето од муслиманска жена да ја тргне шамијата или горната облека.

**Соблекување на чевлите во домот**
Освен ако не е некоја итна состојба, треба да се има обѕир и да се соблечат чевлите кога се влегува во домот на муслиман. Истото важи и кога се посетува муслиманско место за богослужба.

# Анекс 4: Дефинирање на терминологијата

„Нетолеранција кон муслиманите” се користи во одлуките на Министерски совет на ОБСЕ и истата терминологија се користи во овој водич. Официјалните заложби и документи на ОБСЕ не содржат дефиниција или понатамошно појаснување на користената терминологија.

Општата препорака за политики бр.7 на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата на Советот на Европа го дефинира расизмот како „верување дека основи како што се раса, боја на кожа, јазик, религија, национално или етничко потекло го оправдуваат презирањето на лице или група на лица, или поимањето на супериорноста на лице или група на лица.”[125]

Понатаму, во Општата препорака за политики бр 8 за борба против расизмот во рамки на борбата против тероризмот, Комисијата наведува: „Како резултат на борбата против тероризмот поттикната со настаните од 11 септември 2001 година, одредени групи на лица, особено Арапите, Евреите, муслиманите, одредени баратели на азил, бегалци и имигранти, одредени видливи малцинства и лица кои се смета дека припаѓаат на такви групи, станаа особено ранливи на расизам и/или расна дискриминација во многу области на јавниот живот, вклучувајќи образование, вработување, домување, пристап до добра и услуги, пристап до јавни места и слобода на движење.”[126]

Европскиот извештај за исламофобија, составен од непрофитниот истражувачки институт, Фондацијата за политички, економски и социјални истражувања (СЕТА), каде се опфатени 34 земји за 2018 година, го користи следново објаснување и формулирање: „Кога се зборува за исламофобија, се мисли на расизам против муслимани. Како што покажаа студиите за антисемитизам, етимолошките компоненти на еден збор неопходно не укажуваат на неговото целосно значење, ниту како се користи. Таков е случајот и со студиите за исламофобијата. Исламофобијата стана добро познат термин кој се користи од академската јавност, исто како и во јавната сфера. Критиките за муслиманите или за исламската религија не се нужно исламофобични. Исламофобијата се однесува на доминантна група на луѓе кои имаат за цел да ја зграпчат, утврдат и прошират својата моќ со пат на дефинирање на жртвено јагне, вистинско или измислено, и исклучување на ова жртвено јагне од ресурсите/правата/дефиницијата на конструираното „ние“. Исламофобијата функционира преку конструирање на статичен „муслимански“ идентитет, кој се

125 ЕКРИ Препорака за општа политика бр. 7 за национален закон за борба против расизам и расна дискриминација: <https://rm.coe.int/ecri-general-policy-recommendation-no-7-revised-on-national-legislatio/16808b5aae>.

126 ЕКРИ Препорака за општа политика бр. 8 за борба против расизмот додека се сузбива тероризмот: <https://rm.coe.int/ecri-general-policy-recommendation-no-8-on-combating-racism-while-figh/16808b5abc>.

припишува во негативна смисла и се генерализира за сите муслимани. Во исто време, исламофобичните слики се флуидни и се разликуваат во различни контексти, бидејќи исламофобијата ни кажува повеќе за исламофобите отколку што ни кажува за муслиманите/исламот.”[127]

127 Европски проект за исламофобија; уредници Бавраки Енес и Хафез Фарид; СЕТА Фондација и Леополд Вајс Институт, финансирано од Европската Унија, 2019; <http://www.islamophobiaeurope.com/2018-reports/>.

Office for Democratic Institutions and Human Rights

OSCE ODIHR